Агенција за вработување
на Република Македонија

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на Агенцијата за вработување на Република Македонија
## во 2007 година

Скопје, февруари 2008 година

# Вовед

Агенцијата за вработување на Република Македонија е јавна установа, преку која се уредуваат и обезбедуваат прашањата од областа на размената на трудот, како и правата и обврските на работодавците и невработените лица во врска со вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност.

Агенцијата за вработување делува на територијата на Република Македонија преку својата Централна служба и 30 Центри за вработување.

Во Централната служба на Агенцијата за вработување на Република Македонија, работите и задачите се вршат во следните организациони облици:

- Канцеларија на директорот;
- Сектор за активни политики за вработување;
- Сектор за човечки ресурси, правни и персонално-административни работи;
- Сектор за финансии и сметководствени работи;
- Сектор за истражување и анализа на пазарот на трудот;
- Сектор за осигурување и права во случај на невработеност;
- Сектор за информатика; и
- Одделение за внатрешна ревизија.

Во центрите за вработување во: Битола, Велес, Куманово, Штип, Охрид, Прилеп, Струмица и Тетово функционираат меѓуопштински тимови за вршење на одредени функции од делокругот на Агенцијата за вработување, за центрите за вработување каде функционира меѓуопштинскиот тим и за останатите центри за вработување.

Во Центарот за вработување на град Скопје функционираат оддели и тоа:

- оддел за шалтерски услуги за вработување;
- оддел за услуги за поддршка за вработување; и
- оддел за правни и административни услуги.

Во останатите центри за вработување работите и задачите се извршуваат како единствен организационен облик.

Прашањата од делокругот на работењето на Агенцијата за вработување и центрите за вработување се уредени со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, Статутот на Агенцијата за вработување на Република Македонија и други акти.

- ***<u>Управување</u>***

Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Агенцијата за вработување управува Управниот одбор, составен од 9 члена од редот на стручни лица со познавање или искуство од областа на вработувањето, од кои 5 претставници именува Владата на Република Македонија и по 2 претставника се именуваат од организацијата на работодавците и организацијата на мнозинскиот синдикат за време од четири години.

- ***<u>Раководење</u>***

Со Агенцијата за вработување раководи директорот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, со мандат од четири години.

Директорот на Агенцијата за вработување има заменик.

Директорот на Агенцијата за вработување и заменикот на директорот ги именува и разрешува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за труд и социјална политика.

Правата и надлежностите на директорот се утврдени со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност и со Статутот на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Меѓу управната и раководната сфера во Агенцијата за вработување, постои високо ниво на соработка и координација.

# Канцеларија на Директорот

***Во Канцеларијата на директорот*** се извршуваат работите кои се однесуваат на: коресподенцијата на директорот, деловните состаноци, внатрешната комуникацијата на директорот, комуникацијата со државните органи и институции, сите негови активности, следење и супервизија на сите медиумски информации, подготвување на прес извештаи, промоција на активностите на АВРМ преку сите информативни средства, организирање на меѓународната соработка.

Од почетокот на 2007, Секторот функционираше во рамките на своите задачи и овластувања како и извршување на итни работни задачи дадени од Директорот. Секторот е екипиран од раководител, технички секретар, возач и двајца советници: советник за организација и стручно техничка помош и советник за односи со јавноста, комуникација и меѓународна соработка.

Во 2007 година Агенцијата за вработување на РМ учествуваше во реализацијата на проектите кои се од исклучително значење не само за Агенцијата за вработување туку и за Република Македонија, во врска со намалување на невработеноста односно зголемување на вработувањето. АВРМ учествуваше во значајни проекти, конференции, работилници, симпозиуми во регионот како и во Европски рамки:

**Во месец ноември 2007 година започна CARDS проектот - Техничка помош за поддршка на политиката на вработување - фаза III** чиј Лидер е Г-динот Анти Хумасти. Поектот е на Европската Унија, а е управуван од Европската агенција за реконструкција и ќе биде со времетраење од 18 месеци.

АВРМ учествување на конференцијата во рамките на **Балкански центар за размена на позитивните искуства и практики на полето на вработувањето и имплементацијата на програмите и мерките за промовирање на вработувањето во согласност со Европската стратегија за вработување,** која се одржа во Белград, Србија на 30 мај и 1 јуни. Во Балканскиот центар се вклучени сите земји од Балканот и сметаме дека е од големо значење не само за АВРМ туку и на национално ниво бидејќи со оваа соработка ќе разменуваме знаења и искуства од земјите кои веќе се членки во ЕУ како Романија, Словенија и Бугарија.

АВРМ во соработка со МТСП учествуваше на **6 -от состанок на Постојниот Висок Комитет на Букурешкиот процес** - соработка за вработување во Југоисточна Европа кој се одржа во Будва на 24 и 25 октомври 2007 година, односно во подготовката и изработката на сите анализи за Country Report кој Советот на Европа и ILO го изготвија за Македонија а во соработка со Министерство за труд и социјална политика, Државен завод за статистика, Министерство за образование, Министерство за финансии и Министерство за економија. Истотака АВРМ зема активно учество и на третата Министерска конференција во Будва на 26 октомври на која беа презентирани приоритетите на земјите од Балканот во областа на вработувањето и намалување на невработеноста.

АВРМ е член на **WAPES** - Светска асоцијација на Агенциите за вработување и на нивна покана учествува на семинарите кои се организираат:

- На 25 и 26 јануари 2007 во Виена, Австрија беше одржана работилница на тема: Вработување на млади лица.

АВРМ активно учествуваше и во **WLMP (Work Life Mobillity Program)** проект на Министерството на труд во Шведска во кој учествуваат поголем дел од земјите членки во ЕУ како и Македонија и Хрватска. Проектот започна во 2007 година и ќе тра три години до 2009 година. Во рамките на овој проект беа одржани повеќе работилници на кои претставници од АВРМ земаа активно учество на тема: анализа на пазарот на трудот, подобрување на контактите со работодавачите, предвидување на пазраот на трудот, професионаклна ориентација.

Канцеларијата на Директорот имаше и други активности, како:

- изготвување на Годишниот извештај за работењето на АВРМ за 2006 година односно сублимирање и средување на секторските извештаи во еден целосен извештај.
- изготвување на Програмата за работа на АВРМ за 2007 година односно сублимирање на сите планирани активности на Секторите за 2007 година.
- организација на работата на Управниот Одбор на РМ, односно организирање на седниците во согласност со Претседателот на УО и Директорот на АВРМ, изготвување на дневниот ред и потребните материјали по точките од дневниот ред и нивно навремено дистрибуирање до членовите на УО. Потоа присуство на седниците на УО и водење на записниците од седниците, изготвување на одлуките и заклучоците донесени на седниците од Управниот одбор.

## Работа на Управниот одбор
## на Агенцијата за вработување на Република Македонија
## во 2007 година

Со Агенцијата за вработување на Република Македонија управува Управниот одбор, составен од 9 члена, од кои 5 претставници именува Владата на Република Македонија и по 2 претставника именуваат Организацијата на работодавачите (Стопанската комора на Македонија) и Организацијата на мнозинскиот синдикат (Сојуз на синдикати на Република Македонија).

Работата на Управниот одбор се остваруваше во согласност со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, Статутот на Агенцијата за вработување на РМ и Деловникот за работа на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на РМ.

Во текот на извештајниот период беа одржани 14 седници на Управниот одбор, на кои се разгледаа 46 точки на дневен ред. На овие седници беа донесени:

- 23 Одлуки,
- 4 Заклучоци,
- 7 Правилници,
- Процедура за доделување средства од Посебниот фонд и
- нов Деловник за работа на Управниот одбор.

Управниот одбор на Агенцијата за вработување на РМ, меѓу другото, ги разгледа и усвои:

- Извештајот за работа на Агенцијата за вработување за 2006 година;
- Програмата за работа на Агенцијата за вработување за 2007 година;
- Извештајот на Централната пописна комисија за 2006 година;
- Извештајот за јавните набавки за 2006 година;

- Планот за јавни набавки за 2007 година;
- Годишната сметка за 2006 година
- Статутарна одлука за изменување на Статутот на Агенцијата за вработување на Република Македонија
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија
- Правилник за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија
- Правилник за дополнување на Правилникот за обука, преквалификација или доквалификација на невработените и други лица
- Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци и другиподатоци со кои располага и ги обработува Агенцијата за вработување на Република Македонија и
- други точки од дневен ред.

Во своето работење, Управниот одбор посебно внимание посвети на следењето на реализацијата на мерките предвидени во Оперативниот план на Владата за активни политики за вработување за 2007 година, за што со Секторот за активни политики за вработување имаше постојана активна соработка.

Како една од најприоритетните активности на Управниот одбор беше разгледувањето на поднесените барања за доделување средства од Посебниот фонд и донесување Решенија по истите, за што се настојуваше да се одржуваат седници на секои 20 дена, согласно Заклучокот на Владата. Заради поголема ефикасност во решавањето на поднесените барања, Управниот одбор донесе Процедура за доделување средства од Посебниот фонд. Огромен проблем претставуваше големиот недостиг на средства на потсметката на Посебниот фонд, поради што приоритет им беше даден на барањата за доделување средства за вработување на инвалидните лица.

Управниот одбор во своето работење покажа целосна посветеност и ангажираност во остварувањето на предвидените активности, со цел успешно спроведување на својата задача на управување со Агенцијата за вработување на РМ. Во таа насока имаше добра соработка со Директорот и со одговорните лица од секторите во Агенцијата за вработување.

# Сектор
# за човечки ресурси, правни и персонално-административни работи

## КАДРОВСКА ЕКИПИРАНОСТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

На 31 декември 2007 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија има вкупно 525 вработени на неопределено време (во оваа бројка не се вбројани Директорот и Заменикот на директорот, од причина што овие работни места се утврдени со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и Статутот на Агенцијата за вработување).

Врз основа на утврдениот број на вкупно невработени лица, регистрирани на 31.12.2007 година (357166) што ги опслужува Агенцијата за вработување, индикативен е податокот дека во текот на 2007 година, еден работник на Агенцијата за вработување опслужувал во просек по околу 677 невработени лица.

Просекот на ЕУ се движи помеѓу 110-140 невработени лица по вработен во нивните агенции или бироа за вработување.

- ***Структурата на вработените во АВРМ, според степенот на образование:***

| ВСП | ВШП | ССП IV | ССП III ВКВ-КВ | НКВ |
|---|---|---|---|---|
| 269 | 75 | 142 | 14 | 25 |
| 51 % | 14 % | 27 % | 3 % | 5 % |

СТРУЧНА КВАЛИФИКАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АВРМ




| Работни места | Центра.Сл. | Скопје | Битола | Велес | Куманово | Охрид | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип | Берово | Валандово | Виница | Гевгелија | Гостивар | Дебар | Делчево | Д. Хисар | Кавадарци | Кичево | Кочани | Кратово | Кр.Паланка | Крушево | Мак. Брод | Неготино | Пробиштип | Радовиш | Ресен | С.Николе | Струга | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВСП | 33 | 31 | 19 | 6 | 17 | 10 | 13 | 11 | 12 | 8 | 5 | 3 | 6 | 3 | 8 | 7 | 3 | 3 | 8 | 9 | 6 | 5 | 4 | 4 | 2 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 11 | 269 |
| ВШП | 1 | 14 | 3 | 5 | 1 | 2 | 10 | 4 | 4 | 2 | 2 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 2 | 2 | 1 | 3 | 3 | 2 | 1 | 0 | 1 | 75 |
| ССП IV | 7 | 45 | 7 | 5 | 8 | 4 | 3 | 1 | 8 | 0 | 2 | 2 | 1 | 2 | 8 | 2 | 5 | 3 | 1 | 4 | 4 | 1 | 1 | 1 | 4 | 1 | 2 | 1 | 2 | 4 | 3 | 142 |
| ССП III ВКВ-КВ | 2 | 3 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 14 |
| НКВ | 2 | 6 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 25 |
| Вкупно : | 45 | 99 | 32 | 17 | 28 | 17 | 27 | 18 | 25 | 12 | 11 | 7 | 8 | 7 | 19 | 10 | 12 | 6 | 11 | 14 | 11 | 6 | 8 | 9 | 7 | 10 | 10 | 7 | 7 | 9 | 16 | 525 |

- ***Структура на вработените во АВРМ според работни места***

Според направената анализа на процентуалната застапеност на вработените во АВРМ по работите и работните задачи што ги извршуваат во Агенцијата за вработување, од вкупниот број на вработени лица во АВРМ, со состојба 31.12.2007 година, состојбата е следна:

- Раководни работници се 39 или изразено во проценти 7,4 %.
- Вработени на активни политики се 276 или изразено во проценти 52,6%.
- Вработени во пасивни политики се 166 или изразено во проценти 31,6%.
- Помошни работници се 44 или изразено во проценти 8,4%.

| Центри за вработување | раководни работници | вработени на активни политики | вработени на пасивни политики | помошни работници |
|---|---|---|---|---|
| ЦС-АВРМ | 8 | 11 | 20 | 6 |
| Цв-Скопје | 2 | 54 | 33 | 10 |
| Битола | 1 | 20 | 9 | 2 |
| Велес | 1 | 9 | 5 | 2 |
| Куманово | 1 | 16 | 9 | 2 |
| Охрид | 1 | 9 | 6 | 1 |
| Прилеп | 1 | 17 | 8 | 1 |
| Струмица | 1 | 10 | 5 | 2 |
| Тетово | 1 | 15 | 7 | 2 |
| Штип | 1 | 6 | 3 | 2 |
| Берово | 1 | 4 | 4 | 2 |
| Валандово | 1 | 2 | 2 | 2 |
| Виница | 1 | 5 | 2 | 0 |
| Гевгелија | 1 | 3 | 2 | 1 |
| Гостивар | 1 | 12 | 4 | 2 |
| Дебар | 1 | 5 | 4 | 0 |
| Делчево | 1 | 7 | 4 | 0 |
| Дем.Хисар | 1 | 3 | 2 | 0 |
| Кавадарци | 1 | 7 | 3 | 0 |
| Кичево | 1 | 9 | 4 | 0 |
| Кочани | 1 | 6 | 3 | 1 |
| Кратово | 1 | 2 | 3 | 0 |
| Кр.Паланка | 1 | 4 | 2 | 1 |
| Крушево | 1 | 4 | 2 | 2 |
| Мак.Брод | 1 | 4 | 2 | 0 |
| Неготино | 1 | 5 | 3 | 1 |
| Пробиштип | 1 | 5 | 4 | 0 |
| Радовиш | 1 | 3 | 3 | 0 |
| Ресен | 1 | 4 | 2 | 0 |
| Све.Николе | 1 | 5 | 2 | 1 |
| Струга | 1 | 10 | 4 | 1 |
| вкупно: | 39 | 276 | 166 | 44 |
| изразено во проценти : | 7,4 % | 52,6 % | 31,6 % | 8,4 % |



Неопходно е да се нагласи дека во текот на 2007 година во Агенцијата за вработување, особено значење беше дадено на активните политики за вработување, така што одреден број на вработени беа прераспоредени на систематизираните работни места од доменот на активните политики за вработување.

Со оглед на ограничената бројка на вакви систематизирани работни места, дел од вработените распоредени во пасивните политики, со задолженија беа дополнително ангажирани во активните политики.

- ***Полова структура на вработените во АВРМ***

Според половата структура, од вкупниот број на вработени во АВРМ, со состојба на ден 31.12.2007 година, 223 (42,5 %) се мажи и 302 (57,5 %) се жени.




| Центар за вработување | МАЖИ | | ЖЕНИ | | СЕ́ |
|---|---|---|---|---|---|
| | бр. | % | бр. | % | |
| Ц С - Скопје | 17 | 37.8 | 28 | 62.2 | 45 |
| Ц В - Скопје | 33 | 33.3 | 66 | 66.7 | 99 |
| Битола | 10 | 31.3 | 22 | 68.8 | 32 |
| Велес | 6 | 35.3 | 11 | 64.7 | 17 |
| Куманово | 13 | 46.4 | 15 | 53.6 | 28 |
| Охрид | 6 | 35.3 | 11 | 64.7 | 17 |
| Прилеп | 10 | 37 | 17 | 63 | 27 |
| Струмица | 8 | 44.4 | 10 | 55.6 | 18 |
| Тетово | 14 | 56 | 11 | 44 | 25 |
| Штип | 3 | 25 | 9 | 75 | 12 |
| Берово | 4 | 36.4 | 7 | 63.6 | 11 |
| Валандово | 2 | 28.6 | 5 | 71.4 | 7 |
| Виница | 4 | 50 | 4 | 50 | 8 |
| Гевгелија | 4 | 57.1 | 3 | 42.9 | 7 |
| Гостивар | 12 | 63.2 | 7 | 36.8 | 19 |
| Дебар | 8 | 80 | 2 | 20 | 10 |
| Делчево | 5 | 41.7 | 7 | 58.3 | 12 |
| Дем. Хисар | 3 | 50 | 3 | 50 | 6 |
| Кавадарци | 4 | 36.4 | 7 | 63.6 | 11 |
| Кичево | 9 | 64.3 | 5 | 35.7 | 14 |
| Кочани | 5 | 45.5 | 6 | 54.5 | 11 |
| Кратово | 2 | 33.3 | 4 | 66.7 | 6 |
| Кр. Паланка | 4 | 50 | 4 | 50 | 8 |
| Крушево | 5 | 55.6 | 4 | 44.4 | 9 |
| Макед. Брод | 4 | 57.1 | 3 | 42.9 | 7 |
| Неготино | 3 | 30 | 7 | 70 | 10 |
| Пробиштип | 7 | 70 | 3 | 30 | 10 |
| Радовиш | 2 | 28.6 | 5 | 71.4 | 7 |
| Ресен | 2 | 28.6 | 5 | 71.4 | 7 |
| Св. Николе | 4 | 44.4 | 5 | 55.6 | 9 |
| Струга | 10 | 62.5 | 6 | 37.5 | 16 |
| **Вкупно** | **223** | ***42,5%*** | **302** | ***57,5 %*** | **525** |

***- Застапеност на припадниците на заедниците во Агенцијата за вработување на Република Македонија - состојба 31.12.2007 година..***

| Ред.бр. | Припадност на заедница | Вкупен број на Вработени | Процент |
|---|---|---|---|
| 1. | **Македонци** | **4 0 7** | **77,6 %** |
| 2. | **Албанци** | **8 4** | **16 %** |
| 3. | **Турци** | **4** | **0,8 %** |
| 4. | **Роми** | **4** | **0,8 %** |
| 5. | **Срби** | **1 1** | **2 %** |
| 6. | **Власи** | **6** | **1,1 %** |
| 7. | **Бошњаци** | **2** | **0,4 %** |
| 8. | **Останати** | **7** | **1,3 %** |
| **В к у п но** | | **5 2 5** | **100%** |

Од приложениот преглед може да се види дека во АВРМ, вкупната застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, изразена во проценти е 22,4%.




***Развој на човечките ресурси во Агенцијата за вработување***

Со цел надградување на знаењата и вештините на вработените во стручната служба на централно и локално ниво, заради развој на човечките ресурси и капацитети во АВРМ, во текот на 2007 година, со поддршка од странски и локални експерти, вработените посетуваа семинари, обуки, работилници и тематски предавања, од кои се издвојуваат:

- Обука на тема: “Вовед во ЕУ”, организирана од страна на Секретаријатот за европски прашања;
- Обука на тема: “Менаџмент на човечки ресурси и донесување на одлуки”, организирана од страна на USAID;
- Семинар на тема: “Услуги кон работодавачите и услуги кон лицата кои бараат работа”, организиран од страна на USAID;
- Обука на тема: “IPA - структурни фондови и други програми на ЕУ”, организиран од страна на Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Министерството за надворешни работи на Република Ирска;
- Семинар на тема: “Заштита на личните податоци во областа на работните односи”, организиран од Проектот “Техничка помош во формирањето на

Дирекцијата за заштита на личните податоци и спроведување на принципите за заштита на податоците".

- Обуки за користење на средствата од предпристапните фондови - IPA, организирани од страна на Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Секретаријатот за европски прашања;

- Обука за внатрешна ревизија, организирана од Министертвото за финансии, во соработка со Министерството за финансии на Кралство Холандија - Твининг - проект;

- Семинар за изготвување на завршна сметка, организиран од консултантската куќа "Македонија Биро";

- специјализирани обуки на вработените во Секторот за информатика, финансирани од USAID.

Секторот за човечки ресурси, правни и персонално-административни работи, во соработка со останатите Сектори и со раководителите на центрите за вработување и во иднина ќе иницира организирање и реализација на вакви и слични обуки, семинари, работилници и тематски предавања, се разбира во зависност од финасиските можности на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

***Активности на Секторот за човечки ресурси, правни и персонално-административни работи од областа на работните односи***

*- Засновање на работен однос*

Во Агенцијата за вработување на Република Македонија, во текот на 2007 година, засновале работен однос на неопределено време, вкупно 41 лице.
Наведените вработувања се извршени по пат на објавени огласи во текот на 2007 година и по целосна спроведена постапка согласно Законот за работните односи, а по претходно добиена согласност од Министерството за финансии, за обезбедени финансиски средства.

- *Престаноци на работен однос*

Во текот на 2007 година, заклучно со 31.12.2007 година, на 21 вработен во Агенцијата за вработување на Република Македонија им престана работниот однос и тоа:
- 14 лица - поради исполнување услови за остварување право на старосна пензија;
- 1 лице - поради остварување право на инвалидска пензија;
- 3 лица - поради спогодбен престанок на работниот однос; и
- 3 лица - поради отказ од страна на работодавачот заради повреда на работниот ред и дисциплина.

*Од областа на работните односи*, во текот на 2007 година, Секторот за човечки ресурси, правни и персонално-административни работи континуирано беше ангажиран и на:
- водење на персоналната евиденција за вработените во Агенцијата за вработување на Република Македонија;
- вршење на работи од архивското, канцелариско и административно работење;
- перманентна подготовка на поединечни акти (решенија, одлуки, договори и сл.);
- активности со водење на работни спорови (застапување пред судовите);
- водење на дисциплински постапки;

- давање на стручна помош и појаснување на примената на одредбите од постојната законска регулатива, од делокругот на Секторот;
- навремено информирање на вработените за секоја организациона промена;

како и други активности од својот делокруг, планирани со Програмата за работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија, но исто така и на активности кои се наметнуваа и произлегуваа од секојдневните потреби и состојби во дадената ситуација.

***Нормативна дејност***

Нормативна дејност се состоеше во учество во изготвувањето на општи акти за потребите на Стручната служба на АВРМ, како и во нивното изменување и дополнување.

Приоритетни активности на нормативен план во овој период особено беа:

- изготвување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, кој беше донесен од страна на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 08.02.2007 година и на кој даде согласност Владата на Република Македонија, по што измените и дополнувањата на Правилникот стапија во сила на 26.02.2007 година;

- изготвување на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, која беше донесена од страна на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 06.11.2007 година и за која постапката за добивање согласност од страна на Владата на Република Македонија е во тек , по што истата ќе стапи во сила со денот на нејзиното објавување во Службен весник на Р.М.;

- изготвување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија, кој беше донесен од страна на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 27.11.2007 година и за кој постапката за добивање согласност од страна на Владата на Република Македонија е во тек , по што истиот ќе стапи во сила со денот на неговото објавување на огласната табла;

- изготвување на Правилникот за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, кој беше донесен од страна на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 27.11.2007 година и за кој постапката за добивање согласност од страна на Владата на Република Македонија е во тек , по што истиот ќе стапи во сила со денот на неговото објавување на огласната табла;

- изготвување на Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци и другите податоци со кои располага и ги обработува Агенцијата за вработување на Република Македонија, кој стапи на сила на 29.12.2007 година (Службен весник на Р.М. бр.158/2007); и

- учество во изготвување на Предлог-Колективен договор на Агенцијата за вработување на Република Македонија (во соработка со работната група, формирана со одлука на Директорот на Агенцијата за вработување и претставници од Синдикалната организација на Агенцијата за вработување на Република Македонија).

# Сектор за истражување и анализа на пазарот на трудот

Од делокругот на работењето на Секторот за истражување и анализа на пазарот на труд во изминатата 2007 година, се реализираа следните активности:

- Континуирано следење на бројот на евидентираните невработени лица според различни структурни карактеристики (пол, возраст, образование, профил на занимање, време на чекање на вработување, национална припадност и др.)
- Континуирано следење на регистрираните пријави на засновани работни односи;

➢ Изготвување на месечни Извештаи за невработеноста и регистрираните пријави на засновани работни односи;

- Таргетирање на одредени категории на невработени лица, кои се најбројни, ранливи и нефлексибилни на пазарот на трудот.

➢ Изготвување на периодични извештаи, според различни структурни карактеристики;

- Следење на потребите од работна сила и обезбедување услуги на работодавачите, односно реализирање на анкетното истражување меѓу работодавачите за изготвување на Анализата на потребите од вештини;

➢ Оваа активност беше и една од клучните содржини на проектот КАРДС Политика за вработување II - во делот од компонентата 2 - Анализа на потребите од вештини, која во 2006 година беше спроведена како пилот истражување, а од 2007 година станува редовна дејност на Агенцијата за вработување на РМ;

➢ Во рамките на проектот КАРДС Политики за вработување II, пред отпочнување на анкетното истражување, во првото тромесечие од годината беа организирани и реализирани неколку обуки на вработените од Центрите за вработување, се со цел поуспешно реализирање на анкетата;

➢ Истражувањето се реализираше во периодот март - април 2007 година, преку посета - анкетирање на работодавачите, интервјуирање и пополнување на прашалник.

Анкетирањето го спроведоа вработените од сите 30 локални центри за вработување.

По завршување на анкетирањето, се пристапи кон внес на податоците од анкетните прашалници, оформување на базата на податоци, обработка и анализа на податоците и изготвување на Анализата на потребите од вештини.

➢ Националниот извештај за Анализата на потребите од вештини на пазарот на трудот во Република Македонија за 2007 година, беше изготвен во месец јуни 2007 година.

➢ Анализата на потребите од вештини обезбедува одредени краткорочни показатели за :

- потребите од нови вработувања во наредните 6 до 12 месеци;
- потребите од квалификации и одредени профили на занимања, на планираните нови вработувања;
- потребите од вештини со кои треба да располагаат кандидатите за планираните нови вработувања;

- потребите од квалификации и одредени профили на занимања, кои работодавачите не можат да ги задоволат, односно недостиг од работници од одредени профили на занимања;

➢ Анализата на потребите од вештини придонесува за:

- зголемување на сознанијата за состојбите и очекуваните промени на пазарот на трудот;
- јакнење на соработката и довербата, меѓу работодавачите и Агенцијата за вработување;
- подобрување на услугите на Агенцијата за вработување, респектирајќи ги потребите на работодавачите;
- справување со проблемот на невработеноста, зголемување на вработливоста на невработените лица и зголемување на вработувањето.

- Во текот на изминатата година, континуирано се обработуваа и доставуваа статистички податоци од областа на пазарот на трудот на локално и национално ниво, врз основ на доставени барања од страна на владини, невладини институции, медиуми, локалната самоуправа и др.

- Со цел поуспешно извршување на работните задачи, како и зголемување на квалитетот на извршувањето на истите, Секторот за истражување и анализа на пазарот на трудот, во текот на годината одржа неколку работни состаноци со вработените од Центрите за вработување, кои работат на оваа проблематика, а во соработка со Секторот за човечки ресурси, правни, персонално - административни работи, во рамките на проектот КАРДС-Политики за вработување II, беа планирани и организирани обуки за вработените (особено во делот за поуспешно реализирање на анкетното истражување).

- Во насока на остварување на функциите на Агенцијата за вработување, односно заради потребата од ажурност во извршување на секојдневните и повремените задачи, Секторот беше во постојана соработка со другите сектори.
Посебно треба да се напомене соработката со Секторот за информатика, меѓусебните контакти и консултации со вработените, а се со цел обезбедувањето на квалитетна статистика и лесно достапни статистички податоци.

- Месечно ажурирање на веб страната на Агенцијата за вработување, во делот статистички податоци (невработеност, регистрирани пријави на засновани работни односи, невработени лица - корисници на права во случај на невработеност, невработени лица - со посебни потреби).

- Во 2007 година, продолжи соработката со националните и меѓународните институции и организации, учеството во проекти, работни групи, учеството на конференции, семинари и работилници, следење на меѓународните трендови кои се однесуваат на пазарот на труд и размена на искуства.

➢ Проектот CARDS- Техничка помош и институционална изградба како поддршка на политиката за вработување II (втора фаза);

➢ Учество во активностите на работната група вклучена во Оперативната програма за компонентата за развој на човечките ресурси од ИПА -Инструментот за претпристапна помош;

➢ Учество на семинар за предвидување и анализа на пазарот на трудот во рамките на проектот Work Life Moobility Programme (WLMP), а во соработка со Националниот сервис за вработување на Шведска (AMS) и Хрватскиот завод за вработување (HZZ), кој се одржа во Загреб, Република Хрватска во периодт од 25-27 септември 2007 година.

# Невработеноста и регистрираните пријави на засновани работни односи за 2007 година

## *I. НЕВРАБОТЕНОСТ*

Во Агенцијата за вработување на Република Македонија со состојба на 31.12.2007 година евидентирани се вкупно 357166 невработени лица.

Споредено со месец декември 2006 година невработеноста бележи намалување за 9385 лица или за 2,6%.

Споредено со месец декември 2005 година невработеноста бележи намалување за 2823 лица или за 0,8%.

Во следниот графички приказ е илустрирано движењето на евидентираните невработени лица со состојба на 31 декември во периодот 2001-2007 година.

*Движење на евидентираните невработени лица*
*со состојба на 31 декември во периодот 2001-2007 година*




*Во 2007 година, почнувајќи од месец февруари се забележува перманентен тренд на намалување на бројот на невработени лица.*

*Движење на евидентираните невработени лица во периодот*
*од 01.01.2007 до 31.12.2007 година*




*)Во вкупно евидентираните невработени лица вбројани се и лицата кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување.

Од графичкиот приказ за движењето на невработеноста во периодот од 01.01.2007 до 31.12.2007 година се забележува дека невработеноста се движи од 370447 невработени лица во месец јануари, 372078 невработени лица евидентирани во месец февруари 2007 година, откога почнува перманентно намалување на евидентираните невработени лица, до 357166 невработени лица евидентирани во

месец декември 2007 година, што значи дека бројот на евидентираните невработени лица во периодот февруари - декември 2007 година се намалил за 14912 лица или за 4,0%.

## I.1. Невработени лица - пријавени само заради остварување на правото на здравствено осигурување

Во Агенцијата за вработување на РМ, од месец јуни 2006 година се спроведува Анкета меѓу евидентираните невработени лица, со која тие се изјаснуваат дали активно бараат работа или во Агенцијата за вработување се пријавуваат само заради остврување на правото на здравствено осигурување.

Со состојба на 31.12.2007 година, од вкупно евидентираните 357166 невработени лица, врз основа на анкетата 75508 или 21,1% од евидентираните невработени лица се изјасниле дека активно не бараат работа, односно се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување.

Во месец јуни 2006 година биле евидентирани 30197 невработени лица кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, во декември 2006 година евидентирани се 74803 невработени лица, а во месец декември 2007 година евидентирани се 75508 невработени лица кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување. Порастот во апсолутна вредност во периодот јуни 2006-декември 2006 е за 45311 лица.

*Евидентирани невработени лица, кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, во јуни и декември 2006 и декември 2007 год.*




Бројот на евидентираните невработени лица, кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, во текот на 2007 година, се движи од 75244 лица во месец јануари, 76940 во месец април, до 75508 лица во месец декември и е илустрирано во следниот графички приказ:



Евидентираните невработени лица, кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, следени по Центри за вработување и нивното учество во вкупниот број на евидентирани невработени лица, со сотојба на 31.12.2007 година е илустрирано во следниот табеларен приказ:

| Ред.бр. | Центар за вработување | Евидентирани невработени лица | | | Невработени лица кои се изјсниле дека се пријавуваат само за здравствено осигурување | | | % на учество во вкупно евидентираните невработени ица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Град | Село | Вкупно | Град | Село | **Вкупно** | Град | Село |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 1 | Берово | 4091 | 1932 | 2159 | 478 | 131 | 347 | **11.7** | 6.8 | 16.1 |
| 2 | Битола | 19562 | 14228 | 5334 | 2914 | 1735 | 1179 | **14.9** | 12.2 | 22.1 |
| 3 | Валандово | 2720 | 891 | 1829 | 716 | 162 | 554 | **26.3** | 18.2 | 30.3 |
| 4 | Велес | 14654 | 10341 | 4313 | 2913 | 1328 | 1585 | **19.9** | 12.8 | 36.7 |
| 5 | Виница | 3163 | 1872 | 1291 | 565 | 302 | 263 | **17.9** | 16.1 | 20.4 |
| 6 | Гевгелија | 3583 | 2198 | 1385 | 662 | 332 | 330 | **18.5** | 15.1 | 23.8 |
| 7 | Гостивар | 16721 | 8893 | 7828 | 4757 | 1913 | 2844 | **28.4** | 21.5 | 36.3 |
| 8 | Дебар | 3979 | 2609 | 1370 | 104 | 25 | 79 | **2.6** | 1.0 | 5.8 |
| 9 | Делчево | 4011 | 2648 | 1363 | 387 | 219 | 168 | **9.6** | 8.3 | 12.3 |
| 10 | Демир Хисар | 1960 | 540 | 1420 | 142 | 20 | 122 | **7.2** | 3.7 | 8.6 |
| 11 | Кавадарци | 8684 | 6437 | 2247 | 598 | 409 | 189 | **6.9** | 6.4 | 8.4 |
| 12 | Кичево | 8722 | 5279 | 3443 | 2068 | 955 | 1113 | **23.7** | 18.1 | 32.3 |
| 13 | Кочани | 10517 | 6461 | 4056 | 910 | 543 | 367 | **8.7** | 8.4 | 9.0 |
| 14 | Кратово | 2498 | 1893 | 605 | 205 | 112 | 93 | **8.2** | 5.9 | 15.4 |
| 15 | Крива Паланка | 6873 | 4276 | 2597 | 378 | 143 | 235 | **5.5** | 3.3 | 9.0 |
| 16 | Крушево | 2216 | 1372 | 844 | 180 | 39 | 141 | **8.1** | 2.8 | 16.7 |
| 17 | Куманово | 31024 | 20686 | 10338 | 7726 | 4016 | 3710 | **24.9** | 19.4 | 35.9 |
| 18 | Македонски Брод | 2620 | 1439 | 1181 | 209 | 84 | 125 | **8.0** | 5.8 | 10.6 |
| 19 | Неготино | 4772 | 3494 | 1278 | 921 | 586 | 335 | **19.3** | 16.8 | 26.2 |
| 20 | Охрид | 11876 | 8805 | 3071 | 1834 | 1146 | 688 | **15.4** | 13.0 | 22.4 |
| 21 | Прилеп | 24248 | 17942 | 6306 | 5395 | 3124 | 2271 | **22.2** | 17.4 | 36.0 |
| 22 | Пробиштип | 3372 | 2823 | 549 | 465 | 345 | 120 | **13.8** | 12.2 | 21.9 |
| 23 | Радовиш | 6563 | 3085 | 3478 | 1051 | 453 | 598 | **16.0** | 14.7 | 17.2 |
| 24 | Ресен | 3110 | 1678 | 1432 | 201 | 81 | 120 | **6.5** | 4.8 | 8.4 |
| 25 | Свети Николе | 4528 | 2811 | 1717 | 358 | 124 | 234 | **7.9** | 4.4 | 13.6 |
| 26 | Скопје | 84484 | 73790 | 10694 | 22225 | 17942 | 4283 | **26.3** | 24.3 | 40.1 |
| 27 | Струга | 9012 | 3135 | 5877 | 910 | 154 | 756 | **10.1** | 4.9 | 12.9 |
| 28 | Струмица | 19603 | 7118 | 12485 | 8154 | 2041 | 6113 | **41.6** | 28.7 | 49.0 |
| 29 | Тетово | 29747 | 13417 | 16330 | 7111 | 2201 | 4910 | **23.9** | 16.4 | 30.1 |
| 30 | Штип | 8253 | 7291 | 962 | 971 | 762 | 209 | **11.8** | 10.5 | 21.7 |
| | В к у п н о | 357166 | 239384 | 117782 | 75508 | 41427 | 34081 | **21.1** | 17.3 | 28.9 |

Следено по Центри за вработување, односно во кој Центар за вработување колку од евидентираните невработени лица се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување се забележува дека во Центарот за вработување Струмица, 41,6% од вкупно евидентираните невработени лица се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување.

Во Центарот за вработување Гостивар овие лица претставуваат 28,4% од евидентираните невработени, во Скопје 26,3%, во Куманово 24,9%, Кичево и Тетово околу 24%, а Валандово 26,3% од евидентираните невработени лица.

Според местото на живеење, најголемиот дел од невработените лица кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување се од градските средини 54,9%, а останатите 45,1% се од селските средини.

Притоа треба да се нагласи дека во некои Центри за вработување, во селските средини се забележува поголем број на изјаснети лица, во однос на градските средини. Таков е случајот со Демир Хисар, каде од вкупно изјаснетите лица 85,9%, Струга 83%, Валандово 77,4%, Струмица 75%, Тетово 69%, Гостивар 59,8% се од селските средини.

Овој факт наведува на заклучок, дека невработените лица од овие средини, каде земјоделската дејност е доминатна, реално не бараат работа, туку се пријавуваат на евиденција само заради остварување на одредени права по основ на невработеност, во случајот - здравствено осигурување.

***Структурни карактеристики***

***Структурата според пол*** се карактеризира со поголемо учество на мажите 70,3% (53109), во споредба со жените кои во оваа категорија на невработени лица учествуваат со 29,7% (22399).




**Според возраст**, во вкупниот број на евидентирани невработени лица кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, младите невработени на возраст од 15 до 24 години, учествуваат со 9,4% (7111).

Невработените на возраст до 30 години во оваа целна група учествуваат со 22,3% (16814) лица, од 30 до 40 години учествуваат со 28,4% (21473), од 40 до 50 години со 24,3% (18342) и над 50 години возраст учествуваат со 25,0% (18879).
Детално прикажана, структурата спорд возраст е следна:

- од 15 - 19 год 594 ( 0,8%)
- од 20 - 24 6517 ( 8,6%)
- од 25 - 29 9703 (12,9%)
- од 30 - 34 10883 (14,4%)
- од 35 - 39 10590 (14,0%)
- од 40 - 44 9538 (12,6%)
- од 45 - 49 8804 (11,7%)
- од 50 - 54 8758 (11,6%)
- од 55 - 59 6701 ( 8,9%)
- 60 год.и повеќе 3420 ( 4,5%)




**Структурата на невработените лица** кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, ***според степенот на образование*** е следна:

- 64087 се неквалификувани и полуквалификувани лица (84,9%);
- 5788 се квалификувани лица (7,7 %);
- 5010 се со завршено средно стручно образование (6,6%);
- 233 се со вишо образование (0,3%) и
- 390 се со високо образование (0,5 %)




Анализата на оваа целна група невработени, според **профилот на занимање** покажува дека од невработените неквалификувани и полуквалификувани лица чиј број изнесува 64087 лица, најмногубројни се лицата без занимање 61521(81,5%), односно овие невработени лица немаат никакви работни вештини и не соодветсвуваат со потребите на пазарот на трудот,.

Од квалификуваните работници кои се изјасниле дека се пријавуваат во евиденцијата на невработените лица само заради остварување на правото на здравствено осигурување, а активно не бараат работа, најмногубројни се од профилот на занимање: продавач, бравар, конфекционер, машино бравар, автомеханичар, стругар.

Постои голема веројатност дека невработените лица кои се стекнале со одредени квалификувани мајсторски вештини од горенаведените профили на занимање, веќе се во неформален работен однос, односно остваруваат приходи, а правото на здравствено осигурување го остваруваат преку Агенцијата за вработување.

Невработените лица, кои се изјасниле дека се пријавуваат на евиденција само заради остварување на правото на здравствено осигурување и имаат завршено средно стручно образование, во оваа целна група учествуваат со 6,6% и според профилот на занимање најзастапени се лица со завршена општа гимназија,

Останатите 0,8% од оваа целна група се со завршено Вишо и Високо образование и според профилот на занимање најбројни се невработените од профилот дипломиран правник, дипломиран економист и лекар..

**Структурата** на невработените лица кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, според **национална припадност** е следна:

- Македонци се 28809 или 38,2% од вкупно евидентираните од оваа целна група;
- Албанци 31251 или 41,4%,
- Турци 5497 или 7,3%,
- Роми 7343 или 9,7%
- Срби 473 или 0,6%,
- додека 2135 лица или 2,8% припаѓаат на останатите етнички заедници..



**Структурата** на невработените лица кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, според **времето на чекање на вработување** е мошне неповолна, бидејќи 95,6% или 72200 невработени лица чекаат за работа една и повеќе од една година - долгорочно невработени. (според ИЛО- Меѓународна организација на трудот).

Од долгорочно невработените лица од анализираната целна група 75,1% или 54215 лица чекаат на вработување четири и повеќе години.

Имајќи ги во предвид горенаведените показатели за структурните карактеристики на евидентираните невработени лица кои се изјасниле дека се пријаваувaат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, може да се констатираат дел од причините поради кои овие невработени лица се изјасниле дека активно не бараат работа:

- мошне неповолната образовна структура на овие невработени лица, непостоењето на доволно работно искуство и вештини, заради што и останале невработени на подолг рок, односно преминале во категоријата на долгорочно невработени;
- за невработените лица од анализираната целна група, кои се стекнале со одредени квалификувани мајсторски вештини од одредени профили на занимање, постои голема веројатност да се во неформален работен однос, односно остваруваат приходи, а правото на здравствено осигурување го остваруваат преку Агенцијата за вработување;
- фактот што голем дел од лицата кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, според местото на живеење се од селските средини каде доминира земјоделската дејност, наведува на заклучок дека овие лица реално не бараат работа бидејќи се работно ангажирани во оваа дејност, а се евидентираат како невработени само заради остварување на правото на здравствено осигурување.

Агенцијата за вработување на РМ, почнувајќи од јмесец јуни 2006 година, води евиденција за невработените лица, кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, односно активно не бараат работа.

Меѓутоа, се до конечно утврдување на надлежноста од страна на Агенцијата за вработување на РМ и Фондот за здравствено осигурување на РМ во врска со остварување на правото на здравствено осигурување на невработените лица, односно дали евиденцијата како невработено лица е услов за стекнување на правото на здравствено осигурување, евидентираните невработени лица кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, **се вбројуваат во вкупниот број на евидентирани невработени** и се предмет на анализа по различни структурни карактеристики.

## *I.2. Невработени лица - активни баратели на работа*

Со состојба на 31.12.2007 година, од вкупно евидентираните 357166 невработени лица, бројот на лицата кои активно бараат работа изнесува 281658 или 78,9%.

Во однос на месец декември 2006 година, кога бројот на евидентираните невработени лица - активни баратели на работа, изнесувал 291748 лица, се забележува намалување за 10090 лица или за 3,5 %, а во однос на месец јуни 2006 година, од кога е започната анкетата меѓу евидентираните невработени лица, кога се евидентирани 324695 невработени лица - активни баратели на работа, се забележува намалување за 43037 лица, или за 13,3%.

*Евидентирани невработени лица, кои активно бараат работа, во јуни и декември 2006 година и декември 2007 година*




Во периодот февруари - декември 2007 година, трендот на намалување се забележува како на вкупниот број на невработени лица, така и на бројот на лицата кои активно бараат работа.

Бројот на евидентираните невработени лица - активни баратели на работа се движи од 296167 лица во месец февруари 2007 година до 281658 лица во месец декември 2007 година, што значи бележи намалување за 14509 лица или за 4,9%.

*Движење на евидентираните невработени лица, кои активно бараат работа во 2007год.*




Трендот на континуирано намалување на бројот на лицата кои активно бараат работа доведува до заклучок дека макроекономската политика на Владата, како и мерките за намалување на невработеноста кои се дефинирани во Оперативниот план за активни политики за вработување за 2007 година, а предвидени во Програмата за работа на Владата за периодот 2006-2010 година, веќе почнуваат да се ефектуираат и да ги даваат очекуваните резултати.

Во табелата која следи, е прикажано учеството на евидентираните невработени лица кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување и евидентираните невработени лица кои активно бараат работа, во вкупно евидентираните невработени лица, со состојба во месец декември 2007 година и декември 2006 година како и јуни 2006 година откако е започната Анкетата меѓу евидентираните невработени лица.

| Евидентирани невработени лица | 31.12.2007 | | 31.12.2006 | | 30.06.2006 | | инд. 31.12.07 / 31.12.06 | инд. 31.12.07 / 30.06.06 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| **В к у п н о*** | **357166** | **100.0** | **366551** | **100.0** | **354892** | **100.0** | **97.4** | **100.6** |
| **Кои се изјасниле дека се пријав.само за здрав. осиг.** | 75508 | 21.1 | 74803 | 20.4 | 30197 | 8.5 | **100.9** | **250.1** |
| **Кои активно бараат работа** | **281658** | **78.9** | **291748** | **79.6** | **324695** | **91.5** | **96.5** | **86.7** |

## *I.3. Вкупно евидентирани невработени лица*

Со состојба на 31.12.2007 година евидентирани се вкупно 357166 невработени лица (оние кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување и оние кои активно бараат работа) и истите се предмет на понатамошна анализа.

Невработеноста во Република Македонија следена по Центри за вработување покажува различен обем, условена од повеќе фактори при што треба да се има во предвид и влијанието на бројот на жителите во одредена општина. Така подрачјето на град Скопје, соодветно на тој индикатор, го задржува доминантното учество во вкупната невработеност.

**Скопје - 84484 (23,7%)**
**Куманово- 31024 (8,7%)**
**Тетово - 29747 (8,3%)**
**Прилеп-24248 (6,8%)**
**Битола-19562 (5,5%)**
**Струмица- 19603 (5,5%)**
**Гостивар- 16721 (4,7%)**
**Велес - 14654 (4,1%)**
**Охрид- 11876 (3,3%)**

Притоа невработеноста е повеќе изразена во градските средини, 239384 или 67,0% од вкупниот број на евидентираните невработени лица, додека во селските средини лоцирани се 117782 или 33,0% од вкупно евидентираните невработени лица.

### Структурни карактеристики на вкупно евидентираните невработени лица

Структурните карактеристики на невработените лица се значајни од аспект на оценката на квалитетот на расположивиот човечки потенцијал кој што е надвор од економска активност и ја дефинира понудата на пазарот на трудот.

Структурата на евидентираните невработени лица, според пол се карактеризира со поголемо учество на мажите во вкупниот број на евидентирани невработени со 58,5% или 209096 лица, во споредба со жените кои во вкупната невработеност учествуваат со 41,5% или 148070 лица.

*Структура на евидентирани невработени лица, според пол*




Во табелата која следи прикажана е структурата на евидентираните невработени лица според пол, со состојба во месец декември 2007, декември 2006 година и декември 2005 година.

| Пол | 31.12.2007 | | 31.12.2006 | | 31.12.2005 | | индекс 12.07./ 12.06 | индекс 12.07./ 12.05 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| **Мажи** | 209096 | 58.5 | 213941 | 58.4 | 208354 | 57,9 | 97.7 | 100.4 |
| **Жени** | 148070 | 41.5 | 152610 | 41.6 | 151635 | 42,1 | 97.0 | 97.6 |
| **Вкупно*** | **357166** | **100.0** | **366551** | **100.0** | **359989** | **100** | **97.4** | **99.2** |

*Вкупниот број на евидентирани невработени лица ги вбројува лицата кои активно бараат работа и лицата кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување

***Структурата на евидентираните невработени лица, според возраст*** се карактеризира со релативно поголема застапеност на невработените на возраст до 30 години во вкупната невработеност  кои учествуваат со 29,2% (104471), од кои жени 48910 (46,8%), лицата од 30-40 години со 24,9% (88796), од кои жени 38959 (43,9%), лицата на возраст од 40-50 години во вкупната невработеност учествуваат со 22,4% (79962), од кои жени 32905 (41,2%), додека  23,5% (83937) од невработените се на возраст над 50 години, од кои жени 27296 (32,5%).

Деталната структура на невработените според  возраст и пол  е следна:

- од 15 - 19 години, евидентирани  се 9213 невработени лица или 2,6% од вкупно евидентираните невработени, од кои 4147 се жени или  45,0% од евидентираните во возрасната граница;
- од 20 - 24 години, 44883 (12,6%) , од кои жени 20864 (46,5%);
- од 25 - 29 години,  50375 (14,1%), од кои жени 23899 (47,4%);
- од 30 - 34 години  45887 (12,8%), од кои жени 20653 (45,0%);
- од 35 - 39 години  42909 ( 12,0%), од кои жени 18306 (42,7);
- од 40 - 44 години  41944 ( 11,7% ), од кои жени 17600 (42,0%);
- од 45 - 49 години  38018 ( 10,6%), од кои жени 15305 (40,3%);
- од 50 - 54 години  35956 ( 10,1%), од кои жени 13968 (38,8%)
- од 55 - 59 години  31156   ( 8,7%), од кои жени 9974 (32,0%) и
- со  60 години  и повеќе евидентирани се 16825 невработени лица или 4,7% од вкупно евидентираните невработени, од кои жени 3354 или 19,9%.

*Структура на евидентирани невработени лица, според возраст*




Во табелата која следи, прикажана е структурата на евидентираните невработени лица според возраст, со состојба во месец декември 2007година, декември 2006 и декември 2005  година.

| Старост | 31.12.2007 | | 31.12.2006 | | 31.12.2005 | | индекс 12.07./ 12.06. | индекс 12.07./ 12.05. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| **од 15 до 19** | 9213 | 2.6 | 9913 | 2.7 | 10193 | 2.8 | 92.9 | 90.4 |
| **од 20 до 24** | 44883 | 12.6 | 47732 | 13.0 | 48166 | 13.4 | 94.0 | 93.2 |
| **од 25 до 29** | 50375 | 14.1 | 53120 | 14.5 | 52506 | 14.6 | 94.8 | 95.9 |
| **од 30 до 34** | 45887 | 12.8 | 48439 | 13.2 | 47525 | 13.2 | 94.7 | 96.6 |
| **од 35 до 39** | 42909 | 12.0 | 44952 | 12.3 | 44578 | 12.4 | 95.5 | 96.3 |
| **од 40 до 44** | 41944 | 11.7 | 42660 | 11.6 | 41774 | 11.6 | 98.3 | 100.4 |
| **од 45 до 49** | 38018 | 10.6 | 38869 | 10.6 | 38035 | 10.6 | 97.8 | 100.0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **од 50 до 54** | 35956 | 10.1 | 35604 | 9.7 | 33495 | 9.3 | 101.0 | 107.3 |
| **од 55 до 59** | 31156 | 8.7 | 30556 | 8.3 | 30018 | 8.3 | 102.0 | 103.8 |
| **60 и повеќе** | 16825 | 4.7 | 14706 | 4.0 | 13699 | 3.8 | 114.4 | 122.8 |
| **В к у п н о*** | **357166** | **100.0** | **366551** | **100.0** | **359989** | **100** | 97.4 | 99.2 |

* Вкупниот број на евидентирани невработени лица ги вбројува лицата кои активно бараат работа и лицата кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување

Според Меѓународната организација на труд - ILO, под млади невработени се подразбираат невработени лица на возраст од 15-24 години.

Во евиденцијата на Агенцијата за вработување на република Македонија оваа возрасна група невработени, со состојба на 31.12.2007 година, брои 54096 или 15,1% од вкупно евидентираните невработени лица, од кои жени се 25011 (46,2%).

Од табеларниот приказ може да се забележи дека бројот и учеството на младите невработени лица до 24 години во вкупната невработеност се намалува од 16,2% во 2005 година на 15,1% во 2007 година..

Исто така и невработеноста на категоријата од 25-50 години возраст се намалува од 62,3% во 2005 година на 61,3% во 2007 година

Од друга страна, бројот и учеството на невработените лица со 50 и повеќе од 50 години возраст, бележи пораст, од 21,4% во 2005 година на 23,5% во 2007 година како учество во вкупната невработеност.

Според степенот на образование, структурата на евидентираните невработени лица е крајно неповолна, бидејќи најголемиот дел од нив се неквалификувани и полуквалификувани, односно:

- 185383 (51,9%) се неквалификувани и полуквалификувани, од кои жени 72713 (39,2%);
- 58877 (16,5%) се квалификувани и високо квалификувани, од кои жени 18500 (31,4%);
- 88142 (24,7%), се со завршено средно стручно образование, од кои жени 42802 (48,6%);
- 6091 (1,7%) се со вишо образование, од кои жени 2818 (46,3%);
- 18673 (5,2%) се со високо образование, од кои жени 11237 (60,2%).

*Структура на евидентирани невработени лица,*
*според степен на образование*




Во табелата која следи прикажана е структурата на вкупно евидентираните невработени лица според степен на образование, со состојба во месец декември 2007 година, декември 2006 и декември 2005 година.

| Степен на образование | 31.12.2007 | | 31.12.2006 | | 31.12.2005 | | индекс 12.07./ 12.06 | индекс 12.07./ 12.05. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| **НКВ И ПКВ** | 185383 | 51.9 | 187870 | 51.3 | 187448 | 52.1 | 98.7 | 98.9 |
| **КВ И ВКВ** | 58877 | 16.5 | 62626 | 17.1 | 62378 | 17.3 | 94.0 | 94.4 |
| **ССО** | 88142 | 24.7 | 91155 | 24.9 | 86939 | 24.2 | 96.7 | 101,4 |
| **Вишо СО** | 6091 | 1.7 | 6569 | 1.8 | 6577 | 1.8 | 92.7 | 92.6 |
| **Високо СО** | 18673 | 5.2 | 18331 | 5.0 | 16647 | 4,6 | 101.9 | 112.2 |
| **В к у п н о*** | **357166** | **100.0** | **366551** | **100.0** | **359989** | **100.0** | **97.4** | **99.2** |

Од прикажаната табела се забележува дека структурата на евидентираните невработени лица во извештајната 2007 година е, речиси, неизменета во споредба со 2006 и 2005 година, односно учеството на неквалификуваните и полуквалификуваните невработени лица е доминантно во вкупната невработеност. Како главна причина за ваквата состојба е недоволното и несоодветно знаење и недостаток од вештини со кои располагаат и нивното вклучување на пазарот на труд е доста отежнато.

Анализата на образовната структура од аспект на профилот на занимање во текот на целата 2007 покажува дека кај неквалификуваните и полуквалификуваните евидентирани невработени лица, најголемо учество имаат работниците без занимање со 93,1% од кои 40,3% се жени, а во останатите 6,9% најголемо учество имаат лицата од профилите на занимање: конфекциски шивач (1188 од кои 92,9% се жени) ѕидари на градби и малтерисување (1156), возачи на лесни моторни возила (1157 ), помошни бравари (1109).

Кај квалификуваните евидентирани невработени лица според профилот на занимање најбројни се продавачите 9027 (15,3%) од кои 68,2% се жени, браварите 4366 (7,4%), машино- браварите 3335 (5,7%), автомеханичарите 3255 (5,5%).

Гимназиските матуранти имаат најголемо учество кај евидентираните невработени лица со средно образование (22,5%) или 19840 од кои 54,9% се жени, потоа економските техничари 10631 (12,1%) од кои 71,0% се жени, машинските техничари 7548 (8,6%) од кои 14,2% се жени.

Кај евидентираните невработени лица со завршено високо образование најголемо учество имаат дипломираните правници 1880 (10,2%) од кои 61,3% се жени, дипломираните економисти 1346 (7,3%) од кои 48,5% се жени, професорите по одделенска настава на македонски јазик 840 (4,5%) од кои 93,7% се жени.

Структурата на евидентираните невработени лица според време на чекање на вработување е сложена и неповолна, односно:

- помалку од 1 месец, чекаат вработување 6694 (1,9%) невработени лица, од кои жени 2890 (43,2%);
- од 1 до 5 месеци 25809 (7,2%), од кои жени 11738 (45,5%);
- од 6 до 11 месеци 29939 (8,4%), од кои жени 13205 (44,1%);
- од 12 до 17 месеци 30384 (8,5%), од кои жени 13265 (43,7%);
- од 18 до 23 месеци 23559 (6,6%), од кои жени 9717 (41,2%);
- 2 години 29007 (8,1%), од кои жени 12981 (44,8%);
- 3 години 27720 (7,8%), од кои жени 11472 (41,4%);
- 4 години 26014 (7,3%), од кои жени 10457 (40,2%);
- од 5 до 7 години 50857 (14,2%), од кои жени 20713 (40,7%);
- 8 години и повеќе, чекаат вработување 107183 (30,0%) невработени лица, од кои жени 41632 (38,8%).

*Структурата на евидентираните невработени лица според време на чекање на вработување*




Во табелата која следи прикажана е структурата на евидентираните невработени лица според време на чекање на вработување, со состојба во месец декември 2007 година, декември 2006 и декември 2005 година

| Време на чекање | 31.12.2007 | | 31.12.2006 | | 31.12.2005 | | индекс 12.07./ 12.06. | индекс 12.07./ 12.05. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| **под 1 месеци** | 6694 | 1.9 | 8204 | 2.2 | 6454 | 1.8 | 81.6 | 103.7 |
| **од 1 до 5 мес.** | 25809 | 7.2 | 30455 | 8.3 | 20865 | 5.8 | 84.7 | 123.7 |
| **од 6 до 11 м.** | 29939 | 8.4 | 33976 | 9.3 | 23619 | 6.6 | 88.1 | 126.8 |
| **од 12 до 17 м.** | 30384 | 8.5 | 22039 | 6.0 | 25273 | 7.0 | 137.9 | 120.2 |
| **од 18 до 23 м.** | 23559 | 6.6 | 17302 | 4.7 | 20015 | 5.6 | 136.2 | 117.7 |
| **2 години** | 29007 | 8.1 | 35168 | 9.6 | 41597 | 11.6 | 82.5 | 69.7 |
| **3 години** | 27720 | 7.8 | 32606 | 8.9 | 29703 | 8.3 | 85.0 | 93.3 |
| **4 години** | 26014 | 7.3 | 24113 | 6.6 | 23475 | 6.5 | 107.9 | 110.8 |
| **5 - 7 година** | 50857 | 14.2 | 54176 | 14.8 | 58642 | 16.3 | 93.9 | 86.7 |
| **8 год. и повеќе** | 107183 | 30.0 | 108512 | 29.6 | 110346 | 30.7 | 98.8 | 97.1 |
| **В к у п н о*** | **357166** | **100.0** | **366551** | **100.0** | **359989** | **100** | **97.4** | **99.2** |

* Вкупниот број на евидентирани невработени лица ги вбројува лицата кои активно бараат работа и лицата кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување

Според Меѓународната организација на труд - ILO, долгорочната невработеност ги вклучува невработените кои чекаат на работа една и повеќе од една година.

Во Агенцијата за вработување во оваа група невработени, со состојба на 31.12.2007 година, евидентирани се 294724 или 82,5% од вкупно евидентираните невработени лица, од кои жени 120236 (40,8%).

Оваа категорија на невработени лица во 2007 година учествува со помал процент во однос на 2005 година кога изнесувал 85,9%.

Особено внимание треба да се посвети на оваа категорија на невработени лицаземајќи во предвид, дека најголемо учество (околу 45,0%) имаат оние со незавршено и завршено основно образование. Отежнатото вклучување на пазарот на трудот на овие лица произлегува и од нивните недоволни знаења, искуство и вештини кои се приоритетни на пазарот на трудот.

Структурата на евидентираните невработени лица според националната припадност е во пропорционален однос со вкупниот број на жители во Република Македонија и нивната етничка припадност, односно:

- Македонци се 229971 (64,4%), од кои жени 102960 (44,8%);
- Албанци 83653 (23,4%), од кои жени 28202 (33,7%);

- Турци 13637 (3,8%), од кои жени 4665 (34,2%);
- Роми 17672 (4,9%), од кои жени 7410 (41,9%);
- Срби 3065 (0,9%), од кои жени 1195 (39,0%);
- Власи 446 (0,1%), од кои жени 139 (31,1%);
- Бошњаци 245 (0,1%), од кои жени 113 (46,1%);
- додека 8477 лица (2,4%), од кои жени 3386 (39,9%) припаѓаат на останатите етнички заедници.

*Структурата на евидентираните невработени лица,според национална припадност*




Во табелата која следи прикажана е структурата на евидентираните невработени лица според национална припадност, со состојба во месец декември 2007 година, декември 2006 година и декември 2005 година.

| Национална припадност | 31.12.2007 | | 31.12.2006 | | 31.12.2005 | | индекс 12.07./ 12.06. | индекс 12.07./ 12.05. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| **Македонци** | 229971 | 64.4 | 242014 | 66.0 | 239688 | 66.6 | 95.0 | 95.9 |
| **Албанци** | 83653 | 23.4 | 81234 | 22.2 | 77883 | 21.6 | 103.0 | 107.4 |
| **Турци** | 13637 | 3.8 | 13769 | 3.8 | 14062 | 3.9 | 99.0 | 97.0 |
| **Роми** | 17672 | 4.9 | 16797 | 4.6 | 15714 | 4.4 | 105.2 | 112.5 |
| **Срби** | 3065 | 0.9 | 3214 | 0.9 | 3214 | 0.9 | 95.4 | 95.4 |
| **Власи** | 446 | 0.1 | 464 | 0.1 | 459 | 0.1 | 96.1 | 97.2 |
| **Други** | 8722 | 2.4 | 9059 | 2.5 | 8969 | 2.5 | 96.3 | 97.2 |
| **В к у п н о*** | **357166** | **100.0** | **366551** | **100.0** | **359989** | **100** | **97.4** | **99.2** |

* Вкупниот број на евидентирани невработени лица ги вбројува лицата кои активно бараат работа и лицата кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остваерување на правото на здравствено осигурување

## II. ЕВИДЕНТИРАНИ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА - КОРИСНИЦИ НА ПРАВА ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

### II.1 КОРИСНИЦИ НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК

Во вкупно евидентираните невработени лица вклучени се и лицата кои користат паричен надоместок, а на кои работниот однос им престанал поради стечај, економски, технолошки, структурални и слични промени.

Со состојба на 31.12.2007 година, евидентирани се 24686 невработени лица - корисници на паричен надоместок или 6,9% од вкупно евидентираните невработени лица со состојба на 31.12. 2007 година.

Структурата на евидентираните невработени лица - корисници на паричен надоместок, според основот на користење е следна:

- стечај - 4073 (16,5%) корисници ;
- технолошки вишок од работен однос - 16142 (65,4%) корисници;
- технолошки вишок - 25 Загубари - 1088 (4,4%) корисници;

- технолошки вишок - 12 Загубари - 1033 (4,1%) корисници;
- по основ на сезонски работи - 2233 (9,0%) корисници ;
- реформи во државната администрација - 9 (0,04%) корисници;
- технолошки вишок од државната и јавната администрација во 2003 година - 65 (0,3%) корисници.
- технолошки вишок - структурни реформи во Македонски железници 73 (0,3%) корисници.

*Структура на евидентираните невработени лица - корисници на паричен надоместок, според основот*




Во текот на цела 2007 година се забележува тренд на намалување на евидентираните невработени лица - корисници на паричен надоместок.

Бројот на евидентираните невработени лица - корисници на паричен надоместок се движи од 29611 корисници во месец јануари до 24686 корисници на паричен надоместок во месец декември 2007 година, што значи бележи намалување за 4925 лица или за 16,6%.

*Движење на евидентираните невработени лица - корисници на паричен надоместок во 2007 година*




На годишно ниво (декември 2007 година - декември 2006 година) бројот на корисниците на паричен надоместок е намален за 5886 лица или за 19,3%, а во споредба со декември 2005 година намалувањето во апсолутен износ изнесува 15438 или за 38,5%

*Евидентирани невработени лица - корисници на паричен надоместок,*
*во месец декември 2005, 2006 и 2007 година*



Во табелата која следи, прикажана е структурата на евидентираните невработени лица - корисници на паричен надоместок според основот на користење, нивното учество во вкупниот број на корисници, како и учеството на истите во вкупниот број на евидентираните невработени лица со состојба декември 2007 година, декември 2006 и декември 2005.

| Основ на користење на ПН | 31.12.2007 | | 31.12.2006 | | 31.12.2005 | | индекс 31.12.07./ 31.12.06 | индекс 31.12.07./ 31.12.05 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| Стечај | 4073 | 16.5 | 5921 | 19.4 | 8371 | 20.9 | 68.8 | 48.7 |
| Сезонци | 2233 | 9.0 | 1973 | 6.5 | 2625 | 6.5 | 113.2 | 85.1 |
| Технолошки вишок од раб.однос | 16142 | 65.4 | 19711 | 64.5 | 24458 | 61.0 | 81.9 | 66.0 |
| Технолошки вишок 25 Загубари | 1088 | 4.4 | 1425 | 4.7 | 1854 | 4.6 | 76.4 | 58.7 |
| Технолошки вишок 12 Загубари | 1003 | 4.1 | 1329 | 4.3 | 2109 | 5.3 | 75.5 | 47.6 |
| Реформи во држ. администрација | 9 | 0.0 | 15 | 0.0 | 17 | 0.0 | 60.0 | 52.9 |
| Технолошки вишок од држ.и ЈА во 2003 | 65 | 0.3 | 77 | 0.3 | 109 | 0.3 | 84.4 | 59.6 |
| Технолошки вишок Македонски желез. | 73 | 0.3 | 121 | 0.4 | 581 | 1.4 | 60.3 | 12.6 |
| **Вкупно корисници на ПН** | **24686** | **100.0** | **30572** | **100.0** | **40124** | **100.0** | **80.7** | **61.5** |
| **Евидентирани невработени лица** | **357166** | **6.9** | **366551** | **8.3** | **359989** | **11.1** | **97.4** | **99.2** |

Од табеларниот приказ исто така се забележува намлување на бројот на евидентираните невработени лица - корисници на паричен надоместок, преку намалување на нивното учество во вкупниот број на евидентирани невработени лица и се движи од 11,1% во декември 2005, 8,3% во декември 2006 до 6,9% во декември 2007 год.

## II.2. КОРИСНИЦИ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Со состојба на 31.12.2007 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија евидентирани се 244717 невработени лица - корисници на здравствено осигурување или 68,5% од вкупно евидентираните невработени лица.

Евидентирани невработени лица - корисници на здравствено осигурување, ги вбројуваат и невработените лица - корисници на паричен надоместок.

На годишно ниво, (декември 2007 - декември 2006 година) бројот на евидентираните невработени лица - корисници на здравствено осигурување бележи намалување за 3847 корисница или за 1,5%, а во споредба со декември 2005 година бележи зголемување за 2038 корисници или за 0,8%.

*Евидентирани невработени лица - корисници на здравствено осигурување, во месец декември 2005, декември 2006 и декември 2007 година*



Движењето на бројот на евидентираните невработени лица - корисници на здравствено осигурување, во текот на 2007 година е илустрирано во следниот графички приказ:

*Движење на евидентираните невработени лица -*
*корисници на здравствено осигурување во 2007 година*




Во табелата која следи, прикажана е структурата на евидентираните невработени лица - корисници на здравствено осигурување според основот на користење, нивното учество во вкупниот број на корисници на здравствено осигурување како и учеството на истите во вкупниот број на евидентирани невработени лица со состојба декември 2007, декември 2006 и декември 2005 год.

| Основ на користење на ЗО | 31.12.2007 | | 31.12.2006 | | 31.12.2005 | | индекс 31.12.07/ 31.12.06 | индекс 31.12.07./ 31.12.05 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| **Стечај** | 4073 | 1.7 | 5921 | 2.4 | 8371 | 3.4 | 75.2 | 48.7 |
| **Сезонци** | 2233 | 0.9 | 1973 | 0.8 | 2625 | 1.1 | 113.2 | 85.1 |
| **Технолошки вишок од раб.однос** | 16142 | 6.6 | 19711 | 7.9 | 24458 | 10.1 | 81.9 | 66.0 |
| **Технолошки вишок 25 Загубари** | 1088 | 0.4 | 1425 | 0.6 | 1854 | 0.8 | 76.4 | 58.7 |
| **Технолошки вишок 12 Загубари** | 1003 | 0.4 | 1329 | 0.5 | 2109 | 0.9 | 75.5 | 47.6 |
| **Реформи во држ. администрација** | 9 | 0,0 | 15 | 0.0 | 17 | 0.0 | 60.0 | 52.9 |
| **Технолошки вишок од држ.и ЈА во 2003** | 65 | 0.0 | 77 | 0.0 | 109 | 0.0 | 84.4 | 59.6 |
| **Технолошки вишок Мак.желез.** | 73 | 0.0 | 121 | 0.0 | 581 | 0.2 | 60.3 | 12.6 |
| **Евидентирани невработени лица кои користат само здравстено осигрување** | 220031 | 89.9 | 217992 | 87.7 | 202555 | 83.5 | 100.9 | 108.6 |
| **Вкупно корисници на ЗО** | **244717** | **100.0** | **248564** | **100.0** | **242679** | **100.0** | **98.5** | **100.8** |
| **Евидентирани невработени лица** | **357166** | **68.5** | **366551** | **67.8** | **359989** | **67.4** | **97.4** | **99.2** |

Анализата на евидентираните невработени лица - корисници на здравствено осигурување, покажува тренд на зголемување, односно нивното учество во вкупниот број на невработени лица се движи од 67,4% во декември 2005 година, 67,8% во декември 2006 година, до 68,5% во декември 2007 година.

Сепак, може да се констатира дека движењето на бројот на евидентираните лица - корисници на здравствено осигурување е од променлив карактер, бидејќи евидентни се различни показатели од месец во месец (зголемување или намалување), кое, пред се, зависи од приливот на невработени лица во Агенцијата за вработување како и од стекнатиот услов (можноста што ја имаат) за остварување на правото на здравствено осигурување.

# III. РЕГИСТРИРАНИ ПРИЈАВИ НА ЗАСНОВАНИ РАБОТНИ ОДНОСИ

Во периодот од 01.01.2007 до 31.12. 2007 година, регистрирани се вкупно 191472 пријави на засновани работни односи на неопределено и определено време и сезонски работи, од евиденцијата и надвор од евиденцијата на невработените лица.

Движењето на регистрираните пријави на засновани работни односи по месеци во 2007 година, е илустрирано во следниот графички приказ:




Споредено со истиот период минатата година (од 01.01.2006 до 31.12.2006 година), се забележува зголемување на бројот на регистрирани пријави на засновани работни односи за 40657 или за 27,0%, а во однос на истиот период од 2005 година (01.01. до 31.12.2005), се забележува зголемување на бројот на регистрирани пријави на засновани работни односи за 43507 или за 29,4%

*Регистрирани пријави на засновани работни односи, во 2005, 2006 и 2007 година*




Во табеларниот приказ кој следи дадени се регистрираните пријави на засновани работни односи според видот на работниот однос (неопределено време и определено време и сезонски работи), за 2007, 2006 и 2005 година.

| Регистрирани пријави на засновани работни односи | од 01.01.2007 до 31.12.2007 | | од 01.01.2006 до 31.12.2006 | | од 01.01.2005 до 31.12.2005 | | индекс 2007/ 2006 | индекс 2007/ 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| на неопределено време | 88393 | 46.2 | 68878 | 45.7 | 85033 | 57.5 | 128.3 | 104.0 |
| на определено време и сезонски работи | 103079 | 53.8 | 81937 | 54.3 | 62932 | 42.5 | 125.8 | 163.8 |
| **Вкупно** | **191472** | **100.0** | **150815** | **100.0** | **147965** | **100.0** | **127.0** | **129.4** |

Во периодот 2005 - 2007 година, се забележува тренд на зголемување на регистрираните пријави на засновани работни односи на определено време и сезонски работи, кое е илустрирано и во следниот графички приказ.




Во табеларниот приказ кој следи дадени се регистрираните пријави на засновани работни односи според статусот на лицата (од евиденција на невработените и надвор од евиденција на невработените), за 2007, 2006 и 2005 година.

| Регистрирани пријави на засновани работни односи | од 01.01.2007 до 31.12.2007 | | од 01.01.2006 до 31.12.2006 | | од 01.01.2005 до 31.12.2005 | | индекс 2007/ 2006 | индекс 2007/ 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| од евиденција невработените | 55870 | 29.2 | 39312 | 26.1 | 39487 | 26.7 | 142.1 | 141.5 |
| надвор од евиденција невработените | 135602 | 70.8 | 111503 | 73.9 | 108478 | 73.3 | 121.6 | 125.0 |
| **Вкупно** | **191472** | **100.0** | **150815** | **100.0** | **147965** | **100.0** | **127.0** | **129.4** |

Во извештајната 2007 година, регистрирани се вкупно 191472 пријави на засновани работни односи.

Според полот на кој се однесуваат регистрираните пријави на засновани работни односи:

- 103516 ( 54,1%) се однесуваат на лица од машки пол
- 87956 (45,9%) се однесуваат на лица од женски пол.

Според видот на работниот однос:

- 88393 (46,2%) се регистрирани пријави на засновани работни односи на неопределено време, од кои 39827 (45,1%) се однесуваат на лица од женски пол;
- 103079 (53,8%) се регистрирани пријави на засновани работни односи на определено време и сезонска работа, од кои 48129 (46,7%) се однесуваат на лица од женски пол.

Според статусот на лицата:

- 55870 (29,2%) се регистрирани пријави на засновани работни односи од евиденцијата на невработените лица, од кои 26590 (47,6%) се однесуваат на лица од женски пол;

➢ 135602 (70,8%) се регистрирани пријави на засновани работни односи надвор од евиденцијата на невработените, од кои 61366 (45,3%) се однесуваат на лица од женски пол.

Според начинот на заснавање на работниот однос:

➢ 127678 (66,7%) се регистрирани пријави на засновани работни односи со огласување во Агенцијата за вработување на РМ (согласно чл.22 од ЗРО)

➢ 15456 (8,1%) се регистрирани пријави на засновани работни односи со посредување на АВРМ (со упатување, со обука, преквалификација или доквалификација , итни и неодложни работи, согласно законот за инвалидни лица, со мерките за вработување од оперативниот план за 2007 година);

➢ 48338 (25,2%) се регистрирани пријави на засновани работни односи без огласување, со објавување во печат или со посредување на друга агенција за посредување.

Според областа на претежната дејност на работодавачот, најмногу регистрирани пријави на засновани работни односи се во:

✓ преработувачката индустрија 58995 (30,8%),од кои 32363 (54,9%) се однесуваат на лица од женски пол;

✓ трговијата 37985 (20,0%), од кои 18419 (48,5%) се однесуваат на лица од женски пол;

✓ образование 13475 (7,1%), од кои 8348 (62,0%) се однесуваат на лица од женски пол;

✓ активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности 12883 (6,7%), од кои 5114 (39,7%) се однесуваат на лица од женски пол;

✓ сообраќај, складирање и врски 10946 (5,7%), од кои 1802 (16,5%) се однесуваат на лица од женски пол;

✓ градежништвото 9964 (5,3%), од кои 1158 (11,6%) се однесуваат на лица од женски пол;

✓ здравствената дејност и социјални работи 9882 (5,4%), од кои 7489 (75,8%) се однесуваат на лица од женски пол;

✓ хотели и ресторани 7893 (4,2%), од кои 3422 (43,4%) се однесуваат на лица од женски пол;

✓ финансиско посредување 6846 (3,5%), од кои 3619 (52,9%) се однесуваат на лица од женски пол

*Регистрирани пријави на засновани работни односи,*
*според областа на претежната дејност на работодавачот,во 2007година*



# Сектор за активни политики за вработување

## Реализација на активните политики за вработување од Оперативниот план за активните политики за вработување за 2007година предвидени во Програмата за работа на Владата на РМ 2006-2010 *(состојба 31.12.2007 година)*

**Активна мерка 1. Активни политики за вработување (локална инфраструктура, испомош, итн.) - Јавни работи во ЕЛС**

Во Оперативниот план за активните политики за вработување за 2007 година со оваа активна мерка предвидено е работно ангажирање на невработени лица во единиците на локална самоуправа преку нивно вклучување во јавни работи во локална инфраструктура, испомош и сл.

***Опис на мерката***

Финансиска поддршка за ангажирање на лицата во јавни работи во локалните заедници преку покривање на трошоците за надоместок за работа и персонален данок за период од 3 месеци по лице или вкупно 6,000.00 денари по лице.
Се предвидува финасиска поддршка (за храна и превоз на работно ангажираните лица за 3 месеци) да дадат и едниците на локална самоуправа односно јавните претпријатија каде што ќе се ангажирани овие лица.

- ***Целни групи***:
  - ✓ *евидентирани долгорочно невработени лица и приматели на социјална помош;*
- ***Опфат на корисници***:
  - ✓ *1000 лица за една година;*
- ***Потребни средства***:
  - ✓ *6,000.00 денари по лице за 3 месеци (вкупно 18 милиони денари)*
  - ✓ *храна и превоз за 3 месеци (9.6 милиони)*

***Реализирани активности***

Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) беше вклучена од првата фаза на подготовка на мерката. Од декември 2006 до февруари 2007 година, во Министерството за локална самоуправа беа оддржани повеќе состаноци со партнерите во спроведувањето на оваа мерка: Министерство за финансии, координатори од ЗЕЛС и УНДП.

Министерството за локална самоуправа како координатор на оваа мерка беше задолжено за собирање и селекција на доставените проекти од општините. Кон крајот на февруари 2007 година беше извршено рангирање и избор на доставените проекти.

На 01.03.2007 година од Министерството за локална самоуправа до АВРМ беше доставена Ранг листа на проекти за изведување јавни работи во единиците на локална самоуправа со одобрени **51** проект со кои е предвидено работно ангажирање на вкупно **992** невработени лица. По добивање на квалификационата структура на лицата потребни за ангажирање на одделни проекти од страна на

единиците на локална самоуправа, центрите за вработување селектираа лица од евиденцијата на АВРМ според зададените критериуми: долгорочно невработени лица и лица приматели на социјална помош и списоците ги доставија до единиците на локална самоуправа за да извршат избор.

Во овој период некои единици на локална самоуправа ги известија центрите за вработување за проблемите со жиро сметките (блокирани, лимитирани), за што е побарано мислење од Министерство за труд и социјална политика за понатамошна постапка.

Од причина што за оваа мерка според Оперативниот План за активните политики за вработување за 2007 година, единиците на локална самоуправа имаат обврска да организираат храна и превоз или да исплатат надомест за храна и превоз на работно ангажираните лица, како и да ги осигураат од несреќа при работа, произлезе дека центрите за вработување не треба да потпишуваат договори со единиците на локална самоуправа кои имаат проблеми финансиски проблеми.

Од страна на Министерство за труд и социјална политика беше заземен став дека АВРМ односно центрите за вработување треба да склучат договори за исплата на надоместокот за работно ангажирање со невработените лица. За овој став Министерство за труд и социјална политика достави допис бр.08-3404 од 12.04.2007 година до АВРМ. Меѓутоа склучувањето договори помеѓу невработените лица ангажирани во јавни работи и АВРМ - надлежниот центар за вработување, со исплатата на ангажираните невработени лица значи и преземање на обврската утврдена во Оперативниот План за активните политики за вработување за 2007 година за плаќање на персоналниот данок. Со оглед на тоа што АВРМ нема дополнителни средства за оваа намена, со допис од Министерство за финансии бр.07-14708/2 од 18.05.2007 година доставен до АВРМ беше укажано дека ќе се одобрат средства за исплата на персоналниот данок за ангажираните лица, со ребалансот на Буџетот на Република Македонија. Од наведените причини Владата на Република Македонија на Педесет и шестата седница одржана на 29.05.2007 година даде одговор дека утврдениот износ за исплата од 6.000 денари ќе биде исплатен на ангажираните невработени лица а Министерство за финансии ќе изнајде средства за исплата на песоналниот данок.

***Спроведување на мерката и исплата на средства***

АВРМ на 30.05.2007 година префрли средства на центрите за вработување за месец ***април 2007***, во вкупен износ од 1.734.287,00 денари. Вкупен број на лица за кои се исплатени средства за работно ангажирање за месец април е 325 од кои 178 лица беа ангажирани на 9 проекти кои почнаа од 01.04.2007 година а 147 лица беа ангажирани на 8 проекти кои почнаа од 16.04.2007 година.

Во месец ***мај 2007*** година вкупен број на невработени лица на кои им се исплатени средства за работно ангажирање е 706, на 36 проекти во единиците на локална самоуправа, во вкупен износ од 4.729.972,00 денари.

Во месец ***јуни 2007*** година вкупен број на ангажирани невработени лица во 43 единици на локална самоуправа за кои се исплатени средства е 853, за што АВРМ преку центрите за вработување исплати вкупно 5.605.918,00 денари.

Единиците на локална самоуправа кои имаа финансиски проблеми во текот на месеците јуни и јули обезбедија потребни средства за реализација на проектите и до центрите за вработување доставија писмени гаранции за исполнување на своите обврски кон работно ангажираните лица во согласност со Оперативниот План.

Во ***месец јули 2007***, АВРМ преку центрите за вработување потпиша уште 8 нови договори со 8 единици на локална самоуправа, како и 125 нови договори со невработени лица за нивно работно ангажирање. На 793 невработени лица беа

исплатени парични средства за работно ангажирање на 42 проекти. АВРМ преку центрите за вработување, исплати вкупно 4.690.998,00 денари. Заклучно со 31.07.2007 година во 36 единици на локална самоуправа се завршени проектите каде беа работно ангажирани 711 невработени лица.

Треба да се истакне дека до 31.08.2007 година, од 992 одобрени лица за ангажирање на 51 проект, беа потпишани вкупно 990 договори за работно ангажирање со невработените лица, што изразено во проценти изнесува 99,79%.

Во месец ***август 2007***, Мерката бр.1 Јавни работи во ЕЛС се реализираше во 15 единици на локална самоуправа каде беа склучени 279 Договори за работно ангажирање на невработени лица. Врз основа на доставените извештаи од координаторите на мерката од центрите за вработување, исплатени се вкупно средства во висина од 1.592.836,00 денари. Вкупен број на лица за кои е исплатен надомест за работа за месец август е 275. Број на проектите кои завршиле со реализација заклучно со 31.08.2007 година е 3, од што произлегува дека вкупен број на завршени проекти е 39 во 39 единици на локална самоуправа, заклучно со 31.08. 2007 година а бројот на невработени лица ангажирани на проектите, на кои им е исплатен надомест за работа е 755 заклучно со 31.08. 2007 година.

Во месец ***септември 2007***, реализацијата на проектите продолжи во 12 единици на локална самоуправа. На 231 невработено лице за работно ангажирање на проектите, за месец септември вкупно се исплатени средства во износ од 1,243.099,00 денари. Заклучно со 30.09.2007 година реализирани се проекти во уште 5 единици на локална самоуправа каде беа работно ангажирани 142 невработени лица кои се на евиденција на АВРМ. Вкупен број на завршени проекти, заклучно со 30.09.2007 година е 44 каде вкупно работно ангажирани беа 897 невработени лица на кои им е исплатен паричен надомест од страна на АВРМ.

Во месец ***октомври 2007***, проектите се реализираа во 6 единици на локална самоуправа со ангажирање на вкупно 68 невработени лица, за кои се исплатени средства во вкупен износ од 200.805,00 денари.

Од вкупно 51 одобрен проект, до 31.10.2007 година реализирани се 50 проекти во 50 единици на локална самоуправа. Од страна на АВРМ исплатени се парични средства за редовно работно ангажирање на **965** невработени лица.

Реализација на проектите (врз основа на потпишаните договори помеѓу АВРМ и единиците на локална самоуправа) заврши заклучно со 31.10.2007 година, освен во една општина која го прекина проектот на 15.09.2007 година, а требаше да продолжи со реализација од 19.11.2007 до 30.11.2007 година. Од центарот за вработување односно општината добивме известување дека проектот, наместо во ноември, ќе продолжи и заврши во декември, што значи дека во ноември немало работно ангажирање на лица. Од оваа причина нема исплата на средства од страна на АВРМ во ноември за оваа мерка.

Во месец ***декември*** **2007**, реализација на проектот е завршена и во последната општина со работно ангажирање на 11 лица за кои се исплатени средства од страна на АВРМ во износ од 37.500,00 денари.

Од ова произлегува дека за оваа мерка, вкупно се исплатени средства за **976** невработени лица, кои биле редовни, од вкупно 990 со кои е потпишан договор за работно ангажирање. За останатите лица кои се откажале од оправдани или неоправдани причини, не била побарана замена со други лица од страна на носителите на проектите.

*Табеларен приказ на исплатени парични средства од страна на АВРМ, по месеци:*

| *За месец* | *ЕЛС* | *Лица* | *Надомест за лица* | *Персонален данок* | *Вкупно денари* |
|---|---|---|---|---|---|
| Април | 17 | 325 | 1,526,172.00 | 208,115.00 | 1,734,287.00 |
| Мај | 36 | 706 | 4,162,374.00 | 567,598.00 | 4,729,972.00 |
| Јуни | 43 | 853 | 4,933,207.00 | 672,711.00 | 5,605,918.00 |
| Јули | 42 | 793 | 4,128,077.00 | 562,921.00 | 4,690,998.00 |
| Август | 15 | 275 | 1,401,695.00 | 191,141.00 | 1,592,836.00 |
| Септември | 12 | 231 | 1,093.927,00 | 129.172,00 | 1,243.099,00 |
| Октомври | 6 | 68 | 176.708,00 | 5.578,00 | 200.805,00 |
| Ноември | 0 | 0 | - | - | - |
| Декември | 1 | 11 | 33.000,00 | 4.500,00 | 37.500,00 |
| | | | **17,455.160,00** | **2,380.255,00** | **19,835.415,00** |

*Графички приказ на реализација на проектите во единиците на локална самоуправа, по месеци:*




*Графички приказ на број на работно ангажирани невработени лица на кои е исплатен надомест, по месеци:*



*Графички приказ на динамика на реализација на мерката по месеци, како и прегледи на ангажирање на невработените лица на Мерка бр.1 Јавни работи во ЕЛС.*










Од извештаите кои центрите за вработување ги доставија до АВРМ за проектите во единиците на локална самоуправа кои завршиле, може да се истакнат следните согледувања:

- Проектите се наменски (кога се работи за реализација на важни зафати во инфраструктурата, одржувањето и уредувањето).

- Мерката овозможува краткорочно решавање на невработеноста на најзагрозените слоеви од невработените лица; на социјално загрозени и нискоквалификувани лица и лица без квалификација.
- Соработката со единиците на локална самоуправа може да се оцени како успешна, со неколку отстапки во однос на неупатеноста и координацијата како и неисполнување на обврските кои произлегуваат од потпишаните Договори.
- Проблеми во однос на изборот на невработени лица во некои единици на локална самоуправа (слаба заинтересираност, ограничен избор на невработени лица според зададените критериуми).
- Реализацијата на проектите е успешна.

Од доставените извештаи од центрите за вработување, а заради поуспешно спроведување на мерката во иднина добиени се следните предлози:
- Како критериум за избор на проектите, задолжително да се земе и финансиската состојба на единиците на локална самоуправа (заради отсуството на овој критериум при изборот на проектите од страна на Министерството за локална самоуправа произлегоа одредени проблеми во нивната реализација, од причина што беа избрани проекти на повеќе единици на локална самоуправа кои имаа блокирана или лимитирана жиро сметка),
- Критериумите за избор на лица да се изменат во однос на времето што е потребно лицата да бидат на евиденција на невработени лица за да бидат вклучени во целната група.
- Исплатата на средства за социјална помош на корисниците на социјална помош за време на работното ангажирање во јавните работи би било пожелно да не се прекинува, бидејќи тоа го намалува интересот за вклучување во активната мерка.
- Траењето на проектите да се продолжи, заради подолгорочно решавање на невработеноста на оваа целна група,
- Активната мерка континуирано да продолжи.

**Активна мерка 2. А. Поддршка за самовработување (семеен бизнис) и**
**Б. Поддршка за прво вработување на млади лица до 27 годишна возраст**

Со Оперативниот план за активните политики за вработување за 2007 година предвидени во Програмата за работа на Владата на РМ 2006-2010, предвидена е активната мерка за вработување "*Поддршка за самовработување (семен бизнис)*".

**А. Поддршка за самовработување (семеен бизнис)**

***Опис на мерката***

За спроведување на оваа мерка предвидени се до 2500 евра по самовработување (семен бизнис). Се предвидува лицата кои ќе бидат опфатени со мерката самовработување да се обврзат најмалку 3 години да не можат да се вратат во евиденцијата на невработени лица во АВРМ.

- ***Целни групи:***
- ✓ *долгорочно невработени (над 5 години без работа);*
- ✓ *корисници на паричен надоместок по основ на невработеност;*
- ✓ *млади лица до 27 годишна возраст кои прв пат се вработуваат.*

- ***Опфат на корисници*:**

✓ *500 невработени лица за една година од кои 100 млади невработени лица (приоритет имаат невработени лица од неразвиените подрачја);*

- ***Извори на средства за 2007 година:***

✓ *62,3 милиони денари од Буџетот на РМ преку АВРМ (за 410 лица);*
✓ *11 милиони денари од УНДП (во рамките на мерката "Партнерство за креирање на работни места" за 80-90 лица).*

Финансиските средства до 2500 евра се предвидени за обука "Од идеа до бизнис", изработка на бизнис план, финансиска партиципација во трошоците за регистрација на фирма, финансиска партиципација во трошоците за придонеси на плата за првите 3 месеци, покривање на трошоци за набавка на опрема и репроматеријали потребни за започнување на бизнис и поддршка преку обуки, совети и други информации во текот на првата година преку Агенцијата за поддршка за претприемништво на Република Македонија (АППРМ).

***Реализирани активности***

На 24.02.2007 гидина во четири дневни весници беше објавен *Јавен повик* до невработените лица од горе наведените целни групи кој траеше 15 дена, односно до 10.03.2007 година. Пријава за вклучување во активната мерка за вработување до сите 30 центри за вработување доставија вкупно **2065** невработени лица.

Целокупната активност се реализираше во соработка на АВРМ, АППРМ и УНДП.

Поради сложеноста на мерката, во шест центри за вработување беа одржани работилници со вработените од сите 30 центри за вработување, со цел утврдување на сите чекори кои од страна на АВРМ и останатите субјекти требаше да бидат превземени за мерката успешно да се спроведе.

До центрите за вработување беа доставени *Оперативни насоки*, врз основа на кои се спроведуваше оваа мерка, образец *Пријава* за пријавување на невработеното лице, образец *Изјава* дека невработеното лице прифаќа да бидат вклучено во понатамошните активности на мерката самовработување, и за секој пријавен кандидат од страна на АВРМ беше изработен *Индивидуален план за вработување*. До сите 30 Центри за вработување беа доставени *Договор за неповратни финансиски средства за самовработување* (на македонски и англиски јазик) што се потпишува помеѓу АВРМ, УНДП и лицето кое се самовработило и *Полномошно* за раководителот на центарот за вработување кој ќе го потпишува договорот во име на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Согласно *Оперативни насоки* се изврши обуката "*Од идеа до бизнис*" на пријавените невработени лица во работните клубови на центрите за вработување спроведена од консултантска куќа избрана од страна на УНДП на тендер. На обуката присуствуваа и претставници од тимот за имплементација на активната мерка од секој центар за вработување, раководителот на центарот за вработување, представник од АВРМ - Централна служба и представник од УНДП. Обуката од консултантите се состоеше од теоретско запознавање но и практични вежби за конкретна тема со активно учество на сите учесници. Обуката во поголем дел беше интерактивна што преставуваше посебен квалитет и со тоа се овозможи да биде разбирлива за сите учесници на обуката. Интерактивната обука им овозможи на консултантите но и на представниците од АВРМ, УНДП и центарот за вработување подобро да ги запознаат невработените лица-кандидати и нивните бизниси во кои планираат да се самовработат, да ја проценат одржливоста на

бизнис идеите и потоа да донесат правилна одлука при конечниот избор кои бизниси ќе бидат финансиски поддржани.

Оценката на невработените лица-учесниците за квалитетот на обуката беше дека обуката беше корисна и дека даваше можност за стекнување дополнителни знаења од областа на маркетингот, бизнис планирањето, финансиите и сметководството.

Центрите за вработување и УНДП во целост ги исполнија своите обврски во делот на организација на обуката.

*Изработката на бизнис план* се организираше и се спроведуваше со консултанти ангажирани од АППРМ, кои невработените лица ги избраа на организирана средба во центрите за вработување.

Советување и информирање на невработените лица чии бизниси се поддржани, како да ја регистрираат својата фирма и која форма на регистрација да ја изберат се организираше од УНДП во просториите на центрите за вработување.

***Селекција на бизниси од пријавени 2065 до 500 бизниси кои финансиски ќе бидат поддржани.***

Селекција на невработените лица - кандидати од пријавените 2065 до избрани 500 бизниси кои финансиски ќе се поддржат, се вршеше во неколку фази.




***Прва селекција*** на пријавените кандидати во однос на *припадност кон една од целните групи*, се изврши во центрите за вработување врз основа на податоците во евиденцијата на невработени лица. При тоа, припадност кон една од целните групи дефинирани со Оперативниот план, се утврди само за 1827 невработени лица кои се вклучиле во мерката преку АВРМ и 89 невработени лица вклучени во рамките на проектот "*Партнерство за креирање на работни места*" од УНДП. За останатите се утврди дека не припаѓаат на целните групи поради вработување, основање на фирма, неточни податоци и друго или се одкажале од понатамошно вклучување во активната мерка од лични причини.

***Втора селекција*** на пријавените кандидати изврши Комисија составена од член на тимот за координирање на мерката од АВРМ и членови од АППРМ и УНДП. Врз основа на доставената *Пријава* и изработен *Индивидуален план* за секое невработено лице вклучено во активната мерка. Комисијата разгледа 1827 пријави, изврши оценка за одржливост на нивните бизнис идеи преку доделување на одреден број поени согласно препораките од Проектниот одбор и усвоените критериуми и изработи Ранг листа од 1827 невработени лица, односно бизниси.
Кон оваа Ранг листа се приклучени и 89 невработени лица оценети и рангирани од УНДП, така што беше формирана конечна и единствена **Ранг *листа од 1916*** невработени лица вклучени во активната мерка Поддршка за самовработување (семен бизнис). Изборот на невработени лица кои беа вклучени во наредните чекори (обука од идеа до бизнис, обука за претприемништво, изработка на бизнис

план, регистрација на фирма, самовработување и финансиска поддршка за набавка на опрема), се вршеше само од оваа Ранг листа. Структурата на податоците по центри за вработување за 1916 невработени лица е прикажана во Преглед 1.

Согласно Оперативните насоки за активната мерка, беше предвидено во наредните чекори да се вклучат првите 800 невработени лица од Ранг листата. Анализирајќи го односот помеѓу пријавени и избрани невработени лица според етничка припадност, се утврди дека истиот кај Ромите е најмал и изнесува 10.9% додека кај останатите (Македонци, Албанци, Власи, Срби, Турци, Бошњаци и т.н) е поголем и изнесува преку 30%. Согласно инструкциите од Проектниот одбор, а со цел зголемување на процентот на пријавени/избрани Роми, кон првите 800 невработени лица од Ранг листата приклучени се 15 невработени лица со етничка припадност Роми, со што односот на пријавени/избрани кај Ромите е зголемен и изнесува 36.4 %.

Конечно, бројот на невработени лица од Ранг листата кои беа вклучени во наредниот чекор на активната мерка - обука "*Од идеа до бизнис*", е 815 невработени лица. Структурата на податоците по центри за вработување за 815 невработени лица е дадена во Преглед 2.

Од вкупниот број на невработени лица вклучени во активната мерка (1916), технолошки вишок се 155 лица или 8.09%, а после селекцијата до 500 лица нивниот број изнесува 44 лица или 8.80%, што значи дека дел од невработените лица корисници на паричен надомест (технолошки вишок) на кои во моментот на пријавувањето за учество во активната мерка веќе им престанало правото на користење на паричен надоместок по основ на невработеност (37), сепак се опфатени со оваа активна мерка за вработување како припадници на други целни групи.

***Трета селекција*** на пријавените кандидати се изврши по изработката на 815 бизнис идеи и нивно рангирање према доделените поени од консултантите кои ја спроведуваа обуката **"***Од идеа до бизнис***".** Од 815 бизнис идеи беа избрани првите 550 односно консултантите ангажирани од АППРМ према истите изработија 533 бизнис планови.

***Четврта селекција*** на пријавените кандидати се изврши по оценувањето на *Експертска комисија за рангирање на бизнис планови* на изработените 533 бизнис планови при што се изработи ранг листа од 533 бизнис планови од кои Проектниот одбор ги поддржа финасиски првите 500 како најуспешни и одржливи. Структурата на податоците по центри за вработување за 500 невработени лица е дадена во Преглед 3.

Селекцијата на невработените лица и нивните бизниси се изврши во три циклуси, при што лицата од ***Циклус 1*** (предвидено 170) беше планирано да се самовработат во текот на јуни и јули, од ***Циклус 2*** (предвидено 170) во текот на септември и октомври а од ***Циклус 3*** (предвидено 160) да се самовработат во ноември 2007 година. Вкупно до крајот на 2007 година треба да самовработат 500 невработени лица.

Обуките **"***Од идеа до бизнис***"** на селектираните 815 невработени лица, започнаа да се спроведуваат според *Планот за спроведување на обуките* изработен од УНДП односно од селектираните 815 невработени лица во првиот циклус се избрани да се вклучат **296**, во вториот **264** и во третиот циклус **255** невработени лица.

## *Графички приказ на застапеност во пријавени 1916 и избрани 500 бизниси*












| ***Преглед по*** | | ***Селекција до*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ***1916*** | | ***815*** | | ***500*** | |
| ***Целни групи*** | | *лица* | % | *лица* | % | *лица* | % |
| 1 | *Долгорочно невработени* | 1350 | 70.46% | 602 | 73.87% | 369 | **73.80%** |
| 2 | *Корисници на ПН по основ на невработ.* | 37 | 1.93% | 14 | 1.71% | 7 | **1.40%** |
| 3 | *Млади до 27 годишна возраст* | 529 | 27.61% | 199 | 24.42% | 124 | **24.80%** |




| ***По подрачја*** | | *лица* | % | *лица* | % | *лица* | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | *Неразвиени подрачја* | 389 | 20.30% | 305 | 37.42% | 169 | **33.80%** |
| 2 | *Останати подрачја* | 1527 | 79.70% | 510 | 62.58% | 331 | **66.20%** |




| ***Полова застапеност*** | | *лица* | % | *лица* | % | *лица* | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | *Мажи* | 1344 | 70.15% | 590 | 72.39% | 376 | **75.25%** |
| 2 | .Жени | 572 | 29.85% | 225 | 27.61% | 124 | **24.80%** |



| Технолошки вишок во 3 целни групи | | лица | % | лица | % | лица | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Технолошки вишок | 155 | 8.09% | 78 | 9.57% | 44 | **8.80%** |
| 2 | Останати | 1761 | 91.91% | 737 | 90.43% | 456 | **91.20%** |




| Преглед на вкупно реализирани активности за избрани 500 бизниси | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Избрани и поддржани бизниси | Регистрирале фирма | Се вработиле | Потпишале договор | Завршена набавка на опрема |
| **500** | **500** | **500** | **500** | **183** |

Набавката на опрема целосно е завршена за 183 поддржани бизниси (регистрирани фирми) а за останатите до 500 е во процес и се предвидува да заврши до 31.03.2008 година.

АВРМ согласно Оперативниот план, на жиро сметка на 500 регистрирани фирми односно лица кои се самовработија и потпишаа договор со АВРМ и УНДП, преку центрите за вработување префрли финансиски средства за партиципација во трошоците за придонеси на плата за првите 3 месеци во износ 13,500.00 по самовработено лице.

***Активности по циклуси***

***Циклус 1***

Спроведувањето на обуката "*Од идеа до бизнис*" во рамките на Циклусот 1 започна на 05.07.2007 година и заврши на 18.07.2007 година при што беа опфатении осум центри за вработување и според едниствената ранг листа со *Покана* беа поканети да се вклучат сите предвидени 296 невработени лица.

Од причина што кај некои невработени лица во меѓувреме настанала промена на нивниот статус на невеработени лица, кај други се утврди дека се основачи на фирми, управители или овластени лица (според евиденција на Централен регистар) а некои невработени лица пред почетокот на обуката се откажаа од натамошно вклучување во мерката, се вршеше замена на истите лица со други невработени лица од истиот Центар за вработување според единствената ранг листата. На тој начин за вклучување во обука "Од идеа до бизнис" во Циклус 1 беа поканети вкупно **378** невработени лица од наведените осум Центри за вработување. Обуката ја започнаа **276** а завршија **228** невработени лица при што 20 лица се одстранети односно не продолжија со натамошните активности бидејќи според евиденцијата на Централниот регистар се утврди дека се основачи на фирми, управители или овластени лица, така да може да се смета дека обуката во Циклус 1 ја завршија **208** невработени лица од кои во понатамошната активност *Изработка на бизнис план* со консултанти на АППРМ продложија **185** невработени лица.

Средбата на невработените лица со консултантите и изборот на консултанти од невработените лица со кои ќе ги изработат своите бизнис планови, успешно беше реализирана во работните клубови на центрите за вработување. Беа изработени бизнис плановите од **182** лица од предвидените 185 лица. Три лица за

време на изработката на бизнис планот се откажаа од понатамошно вклучување во мерката и истите не можат да се вратат на евиденција на невработени лица на АВРМ 1 година.

Од *Експертската комисија за рангирање на бизнис планови* извршено е рангирање на изработените 182 бизнис планови од кои финансиски се подржани **168** бизнис планови. До 30.11.2007 година од предвидените **170** (според Оперативните насоки) регистрирани се **168** фирми (правни субјекти). По регистрирањето фирма, 168 невработени лица се самовработиле и со АВРМ и УНДП потпишале *Договор за неповратни финансиски средства за самовработување*.

***Циклус 2***

Спроведувањето на обуката "*Од идеа до бизнис*" во рамките на Циклус 2 започна на 17.07.2007 година и траеше до 24.08.2007 година, при што беа опфатени 11 центри за вработување и беше предвидено да се вклучат **264** невработени лица. Поради одкажување од разни причини, со Покана беа повикани да се вклучат **332** невработени лица.

Обуката ја започнаа **276** невработени лица од кои **242** ја завршија а **22** лица не ја завршија обуката поради откажување да учествуваат во обуката, промена на статусот на невработеното лице и др. По консултација со Централниот регистар за **12** лица утврдено е дека имаат некаков вид на овластување во одредени правни субјекти - фирми и истите се елиминирани од понатамошно вклучување во активната мерка.

Изработени се **229** бизнис идеи а од Селекционата комисија за наредниот чекор *Изработка на бизнис план* беа подржани **189** бизнис идеи. Селекционата комисија по разгледувањето на бизнис идеите раководејќи се од препораките во *Оперативните насоки за спроведување на оваа активна мерка за вработување,* квалитетот односно одржливоста на бизнисот да е клучен критериум при рангирањето на изработените бизнис идеи, му препорача на Проектниот одбор за понатамошната активност "*Изработка на бизнис план*" да се поддржат **185** прворангирани бизнис идеи.

За *Изработка на бизнис план* повикани се **186** лица од кои 185 започнале со изработката на бизнис планот а завршиле **182** невработени лица.

Со *Оперативните насоки* предвидено е да се регистрираат **170** фирми но поради откажување на **2** лица во Циклус 1, Проектниот одбор донесе одлука за конечен избор и поддршка на **172** бизнис планови.

Поради откажување од лични причини за **170** лица завршена е регистрација на фирми, самовработување и потпишување на договори помеѓу АВРМ, УНДП и лицата вклучени во активната мерка за вработување.

За **170** фирми следува процесот на набавка на опрема и репроматеријали во кој целосно е вклучен, го раководи и ќе го реализира УНДП.

***Циклус 3***

Спроведувањето на обуката "*Од идеа до бизнис*" во рамките на Циклус 3 започна на 23.08.2007 година и заврши на 07.09.2007 година, при што беа опфатени 11 центри за вработување и беше предвидено да се вклучат **255** невработени лица.

Поради одкажување од разни причини, со Покана беа повикани да се вклучат **285** невработени лица. Во обуката "*Од идеа до бизнис*" се вклучија **219** а завршија **186** невработени лица, при што изработени се **186** бизнис идеи. По консултацијата со Централниот регистар за **11** лица е утврдено дека имаат некаков вид на овластување во одредени правни субјекти - фирми и истите се елиминирани од понатамошното вклучување во активната мерка. Селекционата комисија по разгледувањето на бизнис идеите му препорача на Проектниот одбор за

понатамошната активност *Изработка на бизнис план* да се поддржат **175** прворангирани бизнис идеи.

Со *Изработка на бизнис план* започнаа **171** лице а завршија **169** лица. Проектниот одбор донесе одлука да се поддржат **162** изработени бизнис планови.

Завршена е регистрација на фирми, самовработување и потпишување на *Договор за неповратни финансиски средства за самовработување* помеѓу АВРМ, УНДП и лицето кое се самовработило.

Следува процесот на набавка на опрема и репроматеријали за **162** фирми во кој целосно е вклучен, го раководи и ќе го реализира УНДП.

Во Циклус 1, 2 и 3 досега се регистрирани вкупно **500** фирми (правни субјекти).

Доколку некое од избраните невработените лица се откажеше од обуката "*Од идеа до бизнис*", се заменуваше со друго невработено лице од единствената ранг листа.

Невработените лица кои се вклучија во обуката "*Од идеа до бизнис*", но потоа од лични причини се откажаа од понатамошно вклучување во мерката, го задржуваат статусот на невработени лица односно остануваат во евиденција на невработени лица на АВРМ.

Невработеното лице не може да се врати на евиденција на невработени лица **1** година доколку лицето се откаже во фазата на *Изработка на бизнис план*.
Невработеното лице не може да се врати на евиденција на невработени лица **3** години се применува доколку лицето се откаже по самовработувањето.

Лицата кои според евиденцијата на Агенцијата за вработување се невработени а според евиденцијата на Централниот регистар се основачи на фирми, управители, раководители или овластени лица, без оглед на тоа дали се работи за активни или неактивни фирми, не се сметаат како невработени лица односно не припаѓаат на целните групи и не продолжуваат со понатамошните активности на активната мерка за вработување.

### Б. Поддршка за прво вработување на млади до 27 годишна возраст

#### *Краток опис на мерката*

Со мерката се планира да бидат опфатени млади лица до 27 годишна возраст преку вклучување во програми за практиканство (стажирање) за период од 3 месеци, заради вработување, со вклучување на 30% високообразовани невработени лица и 70% лица со средно образование. За спроведување на оваа мерка потребни се 5,000.00 денари за лице месечно.

- ***Целна група:***
  - ✓ *млади лица до 27 годишна возраст.*
- ***Опфат на корисници:***
  - ✓ *600 лица за 1 година (по 30 волонтери во 20 општини)*
- ***Потребни средства:***
  - ✓ *15 милиони денари*
- ***Извори на средства:***
  - ✓ *11 милиони денари од УНДП (донаторски средства од Владата на Норвешка) во рамките на програмата Посредување при вработување на високообразовани и со средно образование млади невработени лица – EMY фаза 2*
  - ✓ *4 милиони денари од АВРМ*

Оваа мерка ја спроведуваше УНДП во соработка со единиците на локалната самоуправа и центрите за вработување и целосниот извештај за нејзината реализација е даден во прилог на овој извештај.

**Активна мерка 3. Ангажирање на невработени лица од најнеразвиените региони во извршување на градежни работи, еколошки проекти и сл.**

Во рамките на оваа мерка се предвидува ангажирање на невработени лица од најнеразвиените региони преку вклучување во јавни работи - градежни работи, еколошки проекти и сл.

- ***Целна група*:**
  - ✓ *невработени лица од најнеразвиените региони,*
- ***Опфат на корисници***:
  - ✓ *400 невработени лица*
- ***Потребни средства:***
  - ✓ *19,9 милиони денари*
- ***Извори на средства:***
  - ✓ *Средства на АВРМ за активни мерки (од придонесите за вработување)*

***Опис на активната мерка***

Со оваа мерка е предвидено АВРМ од сопствени средства за активни политики да ги субвенционира лицата вклучени во јавни работи, со покривање на трошоци за:

✓ *надомест за работа од 5.100 ден. и персонален данок и*

✓ *надомест за храна и превоз во износ од 3.200 ден.,* месечно за период од 6 м.

***Реализирани активности***

По добивањето на апликациите од страна на општините, Комисија во состав на ресорните министерства задолжени за оваа мерка - Министерството за животна средина и Министерството за транспорт и врски, изготви ранг листа и истата ја достави до АВРМ.

Ранг листата содржи **54** проекти од **47** општини во кои би се вклучиле **432** невработени лица од најнеразвиените региони и за тоа се предвидени **19.920.000,00** денари. Поради изборот на проекти кои траат помалку од 6 месеци се даде можност со мерката да бидат опфатени **432** невработени лица.

Проектот ,,*Уредување на Моноспитовското блато*,, од општина Босилово кој опфаќа 8 лица е откажан со Известување од 02.05.2007 година во кое е дадено образложение дека населеното место Босилово е центар на земјоделското производство, поради што работното ангажирање на невработени лица е невозможно во овој временски период кога земјоделските работи земаат полн замав.

За проектот ,,*За поздрава младина*,, од општина Крива Паланка кој опфаќа 6 невработени лица не е склучен договор од причина што општината е со блокирана жиро сметка и не може да ги обезбеди дополнителните предвидени средства за реализација на проектот.

Поради не отпочнувањето на овие два проекти, **со реализација започнаа 52 проекти од 45 општини во кои се вклучени вкупно 418 невработени лица.**

Во месец ***април 2007*** започната е реализација на **18** проекти од 17 општини, во кои се вклучени вкупно **135** невработени лица. Исплатата за месец април се изврши на 28.05.2007 година и потрошени се вкупно **794.360,00** денари.

Во месец ***мај 2007*** отпочнати се уште **23** проекти од **19** општини, во кои се вклучени вкупно **203** невработени лица. Значи, во месец мај течеше реализацијата на вкупно **41** проект од **36** општини во кои се вклучени вкупно **338** невработени лица, вклучувајќи ги и проектите отпочнати во месец април. Исплатата за месец мај се изврши на 13.06.2007 година и потрошени се **2.971.229,00** денари.

Во месец ***јуни 2007*** отпочнати се уште **6** проекти од **6** општини, во кои се вклучени вкупно **49** невработени лица. Во месец јуни течеше реализацијата на вкупно **47** проекти од **42** општини во кои се вклучени вкупно **388** невработени лица и потрошени се **3.432.966,00** денари.

Во месец ***јули 2007*** отпочнати се уште **5** проекти од **3** општини во кои се вклучени вкупно **27** невработени лица. Значи во месец јули течеше реализацијата на вкупно **49** проекти од **42** општини во кои се вклучени вкупно **393** невработени лица и потрошени се **3.435.759,00** денари. Два проекти: ,,*Пошумување на голини*,, - **12** лица од општина Македонски Брод и *,,Чистење на канализациона мрежа и одржување на зелени површини*,, - **3** лица од општина Кривогаштани, успешно завршија на 30.06.2007 година со времетраење од 3 месеци. Проектот ,,*Намалување на социјалните тензии преку работно ангажирање на невработени лица*" - **4** лица од општина Демир Хисар кој отпочна со реализација на 16.04.2007 година со времетраење од 6 месеци е прекинат на ден 18.06.2007 година поради пречки во набавката на материјали потребни за извршување на предвидените работи со проектот и истиот воопшто не продолжи.

Во месец ***август 2007*** течеше реализацијата на вкупно **44** проекти од **39** општини во кои се вклучени вкупно **350** невработени лица и потрошени се **3.084.083,00** денари. Бројот на проекти во однос на претходниот месец е намален за **5** бидејќи **4** проекти завршија на 31.07.2007 година со времетраење од 3 месеци и тоа: ,,*Санација на локален пат Кратово-с.Близанци-с.Коврак*,, - **10** лица од општина Кратово, *,,Чиста општина Сарај*,,- **20** лица од општина Сарај, ,,*Рекреативна пешачка патека од Г.Соње до Милениумски крст на Водно*,, - **5** лица од општина Сопиште и ,,*Акција за чистење на коритото на Патишка река*,, - **4** лица од општина Сопиште. Оценката од страна на Центрите за вработување за реализацијата на завршените проекти е дека истите се успешно завршени. Невработените лица кои биле ангажирани на проектите совесно и со успех ги извршувале поставените задачи. Исто така, постои задоволство и од координаторите на проектите во општините со надеж за идна понатамошна соработка на други проекти. Проектот ,,*Пошумување на голини во општина Кратово*,, од општина Кратово - **7** лица беше прекинат во текот на месец август поради неповолни временски услови кои не одговараат за посадување на шумски садници и отежнати услови за работа.

Во месец ***септември 2007*** течеше реализацијата на вкупно **44** проекти од **39** општини во кои се вклучени вкупно **347** невработени лица и потрошени се **3.081.838,00** денари. На 31.08.2007 година заврши проектот ,,*Реконструкција на водовод во с.Локов*,, - **10** лица од општина Струга со времетрање од 4 месеци. Гореспоменатиот проект од општина Кратово - **7** лица продолжи со реализација на 01.09.2007 година.

Во месец ***октомври 2007*** течеше реализацијата на вкупно **40** проекти од **35** општини во кои се вклучени вкупно **322** невработени лица и потрошени се **2.434.358,00** денари. Бројот на лица во однос на месец септември е намален за **25** лица, бидејќи на 30.09.2007 година завршија проектите: ,,*Поплочување на улица ЈНА во населба Градско*,, - **6** лица од општина Градско, ,,*Локален пат помеѓу с.Г Дисан и с.Д Дисан*,, - **5** лица од општина Неготино, ,,*Приклучување на домаќинствата кон водоводната мрежа*,, - **5** лица од општина Ново Село и ,,*Спортски комплекс-од повеќе терени*,, - **10** лица (едно лице откажало и не е направена замена) од општина Желино, сите со времетраење од 6 месеци. Три проекти успешно се реализирани и се завршени работите предвидени со проектите освен проектот од општина Градско со кој не се целосно реализирани проектните задачи поради немање доволно средства за набавка на потребниот материјал од страна на општината.

Во месец ***ноември 2007*** течеше реализацијата на вкупно **14** проекти од **12** општини во кои се вклучени вкупно **93** невработени лица и потрошени се **755.876,00**

денари. Во однос на месец октомври бројот на проекти е помал, бидејќи **26** проекти во кои беа вклучени вкупно **229** невработени лица, завршија заклучно со 30.10.2007 година. Нивната реализација течеше успешно и невработените лица биле редовни на работа, квалитетно и навремено ги извршувале поставените работни задачи.

Во месец ***декември 2007*** течеше реализацијата на вкупно **5** проекти од **3** општини во кои се вклучени вкупно **30** невработени лица и потрошени се **190.525,00** денари. Девет проекти заклучно со 30.11.2007 година во кои беа вклучени вкупно 63 невработени лица, успешно завршија. На крајот на месец декември се изврши исплата за проектот ,,*Изградба на водовод за с.Дулица*,, во кој беа вклучени вкупно **10** невработени лица од општина Македонска Каменица кој започна со реализација на 10.07.2007 година со времетраење од 6 месеци и потрошени се вкупно **24.537,00** денари.

Заклучно со 31.12.2007 година за месеците: април, мај, јуни, јули, август, септември, октомври, ноември и декември потрошени се вкупно **18.634.446,00** денари (надомест за работа, храна и превоз) а за персонален данок заклучно со месец декември потрошени се вкупно**1.571.085,00**денари. Состојбата со ангажирани невработени лица и потрошени финансиски средства до 31.12.2007 година е прикажана во *Прилог број 1*.

Од приложените податоци во Прилог бр. 1 може да се види бројот на ангажирани лица и потрошени финансиски средства по месеци заклучно со 31.12.2007 година.

Според искажаните податоци може да се каже дека реализацијата на мерка 3 од Оперативниот план на Влада за 2007 година, течеше успешно и истата успешно заврши.

*Графички приказ на ангажирани лица по месеци во 2007 година*




*Графички приказ на потрошени финансиски средства по месеци во 2007 година*



**Активна мерка 4. Субвенционирање на вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители**

Во Оперативниот план за активните политики на Владата на Република Мекедонија за 2007 година, со мерката број 4 предвидено е субвенционирање на вработување на невработени лица од загрозените социјални категории (хендикапирани лица, самохрани родители и деца без родители).

***Опис на мерката***

Субвенционирање на вработувањето на хендикепирани лица (инвалидни лица) се врши согласно Законот за вработување на инвалидни лица и е тековна активност на АВРМ.

За подршка за вработување за самохрани родители и деца без родители се предвидува субвенционирање на вработувањето преку финансиска поддршка во износ до 11.200,00 денари месечно за период до 6 месеци, со тоа што работодавачот ќе биде обврзан овие лица да ги задржи на работното место најмалку уште 18 месеци.

- ***Целни групи:***
  - ✓ *самохрани родители;* и
  - ✓ *деца без родители*.
- ***Опфат на корисници:***
  - ✓ *500 самохрани родители;*
  - ✓ *100 деца без родители;*

секоја година.

- ***Потребни средства:***
  - ✓ *33,6 милиони денари за самохрани родители (од АВРМ од придонесите за вработување)*
  - ✓ *6,7 милиони денари за деца без родители (од Буџет на РМ преку АВРМ)*

***Реализирани активности***

За реализација на оваа активна мерка објавени се два Јавни повика.

Во ***првиот Јавен повик*** реализирани се вкупно **36** вработување од кои **34** самохрани родители и **2** деца без родители од кои, по разни основи отказ добиле **6** самохрани родители и **1** дете без родители, што значи дека до исплатата на последната рата останаа **28** самохрани родители и **1** дете без родители или вкупно **29** вработувања од првиот Јавен повик.

Во ***вториот Јавен повик*** вработени се **47** лица, од кои **44** самохрани родители и **3** деца без родители. Се откажале **3** самохрани родители така да во моментот остануваат **42** и **3** деца без родители. Од Центарот за вработување Кичево добивме известување за отказ на **1** дете без родители. Од Центарот за вработување Прилеп исто така има отказ од страна на **1** самохран родител. Значи, моментално по вториот Јавен повик, бројот на вработени самохрани родители изнесува **41** а на деца без родители **2**. Исплатата на средствата од првиот и вториот Јавен повик е завршена заклучно со месец октомври односно декември .Со цел да се види ефектот од оваа мерка,координаторите во центрите за вработување се задолжени да го следат статусот на самохраните родители и децата без родители уште најмалку 18 месеци по исплатата на средствата.

**I ЈАВЕН ПОВИК**




| | Планирани вработувања | Реализирани вработувања | Процент на реализација |
|---|---|---|---|
| Самохрани родители | 500 | 28 | 5.60% |
| Деца без родители | 100 | 1 | 1.00% |

**II ЈАВЕН ПОВИК**




| | Планирани вработувања | Реализирани вработувања | Процент на реализација |
|---|---|---|---|
| Самохрани родители | 500 | 41 | 8.20% |
| Деца без родители | 100 | 2 | 2.00% |

**I и II ЈАВЕН ПОВИК ВКУПНО**




| | Планирани вработувања | Реализирани вработувања | Процент на реализација |
|---|---|---|---|
| Самохрани родители | 500 | 69 | 13.80% |
| Деца без родители | 100 | 3 | 3.00% |
| Вкупно | 600 | 72 | 12.00% |

***Причини за малиот број на вработувања со оваа активна мерка***

Од горенаведените податоци за бројот на вработени самохрани родители и деца без родители (*вкупно 72 вработувања, 29 вработување во првиот Јавен повик и 43 вработувања во вториот Јавен повик*) произлегува дека бројката од 500 самохрани родители и 100 деца без родители е тешко остварлива. Причините за тоа се повеќе, од кои како по значајни се издвојуваат следните:

1. Неатрактивност на целната група за работодавачите (низок степен на образование, квалификациона структура, социјален статус, мајки со мали деца и др.);
2. Субвенцијата според сите информации не е доволно привлечна за работодавачите;
3. Бројката од 500 самохрани родители и 100 деца без родители кои што треба да се вработат во 2007 година, во однос на вкупниот број на самохрани родители и деца без родители наведени во списоците од МТСП (околу 2 500), е преамбициозна.

Врз основа на искуствата во спроведување на оваа активна мерка можеме да заклучиме дека без оглед на тоа што предвидениот број на вработувања за 500 самохрани родители и 100 деца без родители, од горенаведените причини нема да се оствари, сепак е значајно што со Оперативниот план за активните политики за вработување за 2007 година, за прв пат е воведена активна мерка за вработување која е наменета исклучиво за овие категории на невработени лица што е особено важно за намалување на нивната невработеност и социјална инклузија на лицата од овие целни групи.

**Активна мерка 5. Обука и совети на невработените за преквалификации, контакт со работодавчите, усовршување на нивните знаења и вештини, обука за компјутери и сл.**

Со оваа активна мерка за вработување се овозможува преку обуки, совети и усовршување на невработените лица подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и вработување.

- ***Целна група:***
  - ✓ *Невработени евидентирани лица.*
- ***Опфат на корисници:***
  - ✓ *5000 лица секоја година*
- ***Потребни средства:***
  - ✓ *Околу 50 милиони денари (од Буџетот на АВРМ)*

**А. Обука, преквалификација или доквалификација за познат работодавач**

***Опис на мерката***

Обука, преквалификација или доквалификација за познат работодавач со обврска на работодавачот за вработување на невработеното лице кое со успех ќе ги заврши обуките на неопределено време, со обврска да не смее да го отпушти за време од 1 година, е тековна мерка на АВРМ која редовно се спроведува преку месечно партиципирање во трошоците на работодавачот во износ од 2.000 денари и парична помош на невработеното лице вклучено на подготовка за вработување во износ од 4.000 денари, за период до 3 месеци.

- ***Целна група:***
  - ✓ *Невработени евидентирани лица.*
- ***Опфат на корисници:***
  - ✓ *Околу 3000 лица годишно*

***Реализирани активности***

Заклучно со 30.09.2007 година реализирани се **152** програми за подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација) во **24** центри за вработување.

Вкупниот број на невработени лица кои биле вклучени на обука, преквалификација или доквалификација, вклучувајќи го и бројот на лицата чија подготовка за вработување започнала во 2006 година а завршила во 2007 година е **2942,** а бројот на лица кои засновале работен однос заклучно со 30.09.2007 година е **1793**.

Состојбата со вклучени невработени лица и потрошени финансиски средства е прикажана во Преглед 1 и Преглед 2.

Од Преглед 1 се гледа дека со состојба 30.09.2007 година, бројот на невработени лица вклучени на обука, преквалификација или доквалификација е 2942 или искажано во проценти **98%** од планираниот број за 2007 година.

Од Преглед 2 се гледа дека потрошени финансиски средства за обука, преквалификација или доквалификација во извештајниот период се **37.555.454,00** денари или искажано во проценти **75.11%** од предвидените средства за 2007 год.

Од приложените прегледи може да се констатира дека мерката се реализира во рамките на планираниот опфат на лица и финансиски средства.

**Преглед 1:** *На невработени лица кои биле на подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација)*

| *Опфат на лица со Оперативниот план* | *Број на вклучени лица* | *%* | *Број на лица кои ја завршиле подготовката* | *Број на вработени лица* |
|---|---|---|---|---|
| 3000 | 2942 | 98% | 2058 | 1793 |




**Преглед 2:** *Планирани и потрошени финансиски средства за подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација)*

| *Планирани финансиски средства за 2007* | *Потрошени финансиски средства* | *Потрошени средства во %* |
|---|---|---|
| 50,000,000.00 | 37,555,454.00 | 75.11% |



## Б. Обуки во работните клубови на невработните лица за стекнување на знаења и вештини за познавање на странски јазик и компјутери

Целите на овaa активна мерка предвидена со Оперативниот план за активните политики за вработување за 2007 година од Програмата на Владата на Република Македонија 2006-2010 година се да се подобрат знаењата и вештините на невработените лица заради зајакнување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и вработувањето.

***Опис на мерката***

Во работните клубови во центрите за вработување, покрај другите редовни активности се организираат и реализираат краткорочни обуки за невработените лица. Целта на овие обуки е да се зајакнат капацитетите на невработените лица според барањата на пазарот на трудот и со тоа да се зголеми нивната конкурентност на истиот и можностите за побрзо вработување.

- ***Целна група:***
  - ✓ *Евидентирани невработени лица*
- ***Опфат на корисници:***
  - ✓ *Над 2000 лица годишно*

***Реализирани активности***

Во центрите за вработување се спроведуваа следните видови обуки:

- ✓ *Обука за познавање на странски јазик ( со траење од 42 часа); и*
- ✓ *Обука за стекнување знаења и вештини за работа со компјутер (36 часа).*

Најголем дел од обуките за странски јазици беа обуки за англиски јазик, но центрите за вработување организираа обуки и за изучување на други странски јазици, во зависност од потребите и интересот на невработените лица. Со обуките за компјутери се стекнуваат знаења и вештини за MS WINDOWS, MS WORD, MS EXCEL и INTERNET.

Обуките за невработени лица беа бесплатни а за обучувачи се ангажираа лица кои се исто така лица од евиденцијата на невработени лица од центрите за вработување (единствено во исклучителни случаеви кога Центарот за вработување не можеше да обезбеди предавач од лицата од евиденцијата на невработени лица се дозволуваше ангажирање на друго соодветно надворешно физичко лице за предавач, заради големиот интерес на невработените лица за овој вид обуки), со потребни стручни знаења и вештини за обучувачи и соодветно образование според видот на обуката.

По завршувањето на обуките Центарот за вработување на невработените лица им издаваше потврда за успешно завршена обука.

Интересот за овие обуки е голем и во 2007 година, според извештаите од центрите за вработување беа организирани вкупно **206** обуки во кои беа вклучени вкупно **3339** невработени лица од кои **2251** жени. Од нив, беа организирани **100** обуки за компјутери со **1479** вклучени лица, од кои **1047** жени и **106** обуки за странски јазици со **1860** вклучени лица од кои **1204** жени.




*1.Вклучени невработени лица во обуките (според видот на обуки)*

Обуките успешно ги завршија вкупно **3043** лица (од кои **2118** жени), од кои **1389** лица завршија обуки за компјутер од (**1001** жени) и **1654** лица завршија обуки за странски јазици (**1117** жени). Дел од обуките се сеуште во тек и ќе завршат во јануари 2008 година.




*2.Процент на лица кои успешно ги завршиле обуките во однос на вкупниот број вклучени лица*

По завршувањето на обуките, од вкупниот број на лица кои успешно ги завршија **414 (13,60%)** лица засновале работен однос, од кои **11,71%** се жени. Иако е ова мал број на реализирани вработувања во однос на вкупниот број на невработените лица кои беа опфатени со оваа активна мерка, сепак не можеме да ги проценуваме ефектите од оваа мерка единствено според овој критериум. Ефектите се долгорочни во смисла на зголемување на знаењата и вештините на лицата кои бараат вработување како и нивната поголема конкурентност на пазарот на трудот, што не е можно да се воочи во кусиот извештаен временски период. Исто така спроведувањето на оваа активна мерка за која невработените лица покажуваат голем интерес ја зајакнува улогата на Агенцијата за вработување на Република Македонија како вистински сервис на граѓаните за услуги во врска со решавањето на проблемот на вработувањето.

- ***Извори на средства** - Буџет на Агенцијата за вработување*

Нето цената на договорните услуги на предавачот на обуката за работа со компјутери изнесува 7.200,00 денари (36 часа x 200,00 денари.) додека цената на услугите за предавачот на странски јазик изнесува 8.400,00 денари (42 часа x 200,00 денари). Барањата за средства за надомест за предавачите се доставуваа од центрите за вработување до Секторот за финансии во Централната служба на Агенцијата за вработување и врз основа на доставените барања во периодот од отпочнувањето на спроведувањето на обуките во работните клубови како активна мерка според Оперативниот план за активни политики за вработување за 2007 година, за одржаните обуки во периодот од 01.01.2007 до 31.12.2007 исплатени се средства во износ од **1,847.315** денари.

Агенцијата за вработување на Република Македонија ги организираше сите потребни активности за успешна реализација на сите активни мерки за вработување, континуирано ја следеше нивната реализација и ефектите од спроведувањето на истите.

# Извештај
# за доделувањето на финансиските средства од Посебниот фонд за вработување и работење на инвалидните лица во 2007 година

## Законски предуслови

Посебните услови и погодности за вработување и работење на инвалидните лица се уредени со Законот за вработување на инвалидни лица, додека условите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд се пропишани со Правилникот за критериумите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд за обезбедување на услови за вработување и работење на инвалидните лица.

Во 2005 година беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица ("Сл. весник на РМ" бр. 62/2005) и пречистен текст на Законот за вработување на инвалидни лица ("Сл. весник на РМ" бр. 87/2005), каде:

- подетално е утврдено што се подразбира под инвалидно лице во смисла на законот;
- утврден е бројот на просечни плати што се доделува на подносителите на барањата во зависност од основот на побарување;
- утврдено е обезбедување на средствата што треба да се доделат од Посебниот фонд со банкарска гаранција и хипотека;
- утврден е рокот во кој подносителите на барањата можат повторно да поднесат барање за доделување средства од Посебниот фонд;
- утврдено е дека средствата во Посебниот фонд ќе почнат да се издвојуваат од 1 јануари2007 година.

Заради подетално утврдување на посебните услови за доделување средства од Посебниот фонд, во 2005 година беше донесен и нов Правилник за критериумите и начинот на доделување на неповратни средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица ("Сл. весник на РМ" бр. 85/2005).

Согласно овие акти, финансиски средства од Посебниот фонд се доделуваат по следните основи:

1. вработување на инвалидно лице на неопределено време;
2. адаптација на работно место;
3. набавка на опрема и
4. работно оспособување на инвалидни лица заради вработување,

а повеќе не се доделуваат средства за доградба и адаптација на работен простор.

Овие измени и дополнувања се во функција на поадекватно доделување на средствата од Посебниот фонд и нивно понаменско искористување.
Донесувањето на Решенијата за доделување на средства од Посебниот фонд е во надлежност на Управниот одбор на Агенцијата за вработување, согласно член 19 став 5 од Законот за вработување на инвалидни лица.

## Поднесени барања за доделување финансиски средства

Во периодот од 01.01 - 31.12.2007 година до Агенцијата за вработување на Република Македонија беа доставени **343** барања за доделување средства од Посебниот фонд. Во текот на извештајниот период, на седниците на Управниот одбор на Агенцијата за вработување беа решени вкупно **159** барања а нерешени остануваат **184** барања.

## 1. Вработување на инвалидни лица

Во периодот од 01.01 - 31.12.2007 година од страна на Управниот одбор на АВРМ решени се вкупно **171** барања, при што

- 158- ги исполнуваат условите за доделување средства (за 267 лица),
- 13 - се одбиени, поради неисполнување на условите предвидени со Законот и Правилникот;

Од овие барања:
- во текот на 2007 година се поднесени 152 барања, од кои:
- 139 - ги исполнуваат условите за доделување средства (за 205 лица),
- 13 - се одбиени, поради неисполнување на условите предвидени со Законот и Правилникот;

- во текот на 2006 година се поднесени 19 барања, од кои:
- 19 - ги исполнуваат условите за доделување средства (за 62 лица),
- нема одбиени, поради неисполнување на условите предвидени со Законот и Правилникот

## 2. Адаптација на работно место

Во текот на извештајниот период, по основ на адаптација на работно место беа решени **3** барања, од кои:

- **2** - ги исполнуваат уловите за доделување средства додека
- **1**- е одбиено,поради неисполнување на условите предвидени со Законот и Правилникот.

Од нив, 1 барање е поднесено во текот на 2006 година, додека другите се поднесени барања во текот на 2007 година.

## 3. Набавка на опрема

Во текот на 2007 година, по основ на набавка на опрема на седниците на Управниот одбор беа решени вкупно**11** барања, од кои:

- 7 - ги исполнуваат условите за доделување средства,
- 4 - се одбиени, поради неисполнување на условите предвидени со Законот и Правилникот.

## 5.Работно оспособување на вработени и невработени инвалидни лица

Во текот на 2007 година  за работно оспособување на вработени инвалидни лица поднесено е **1** барање која ги исполнуваше сите услови за доделување средства од Посебниот фонд, по која е позитивно решено.

## Поднесени жалби до министерот за труд и социјална политика

Во овој период, по веќе донесените Решенија за доделување средства од Посебниот фонд беа поднесени **9** жалби од правните субјекти,кои заедно со останатата документација беа доставени до Министерството за труд и социјална политика,заради нивно второстепено рашавање,согласно чл.19 став 6 од Законот

за вработување на инвалидни лица.Од тие одбиени се 6 жалби како неосновани,1 се уважува додека за 2 се очекува одговор.

## Финансиски средства

***- ОБЕЗБЕДЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА***

Со издвојување на 5% од придонесот за вработување, на потсметката на Агенцијата за вработување испланирани беа **69.523.000,00** денари за календарска 2007 година.Во 01.01.2007 на оваа потсметка имаше салдо од **40.712.809,00** денари. Од овие расположливи средства во Посебниот фонд за решените барања во периодот од 01.01.2007 до 31.12.2007 година доделени се неповратни средства од фондот во износ од **84.527.112,00** денари.

***- ИЗНОС НА ДОДЕЛЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА***

***ЗА ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ВО 2007 ГОДИНА***

За решените барања што беа поднесени во текот на 2007 година, по сите основи беа доделени вкупно **61.790.032,00** денари, и тоа за:

1. вработување на 235 инвалидни лица - **56.713.000,00** денари (67.09% од вкупно доделените средства);
2. адаптација на работното место - **100.000,00** денари (0.12% од вкупно доделените средства).
3. набавка на опрема - **4.875.032,00** денари (5.77 % од доделените средства);
4. работно оспособување на инвалидни лица (вработени и невработени)-**102.000,00** денари (0,12 % од вкупно доделените средства).

***ЗА ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ВО 2006 ГОДИНА***

За решените барања што беа поднесени во текот на 2006 година, по сите основи беа доделени вкупно 22.737.080,00 денари, и тоа за:

1. вработување на 62 инвалидни лица - 15.004.700,00 денари (17.75% од вкупно доделените средства);
2. адаптација на работно место - 100.000,00 денари (0.12% од вкупно доделените средства);
3. набавка на опрема - 7.632.380,00 денари (9.03% од вкупно доделените средства).

***Напомена :***

Од вкупно поднесените барања по сите основи останувaат нерешени уште 189 барања од кои :

131 - за вработување на инвалидни лица (107-позитивни и 24 - негативни);
2 - за адаптација на работно место (2- негативни); и
51 - за набавка на опрема (42-позитивни и 9-негативни).

*Финансиски средства за покривање на нерешените барања кои ги исполнуваат сите законски услови:*

- За 136 (107 позитивни) барање за вработување на 215 инвалидни лица потребни се средства во износ од 49.742.560,00 денари (приближно);
- За 51 (42 позитивни) барање за набавка на опрема потребни се средства во вкупен износ од 82.287.496,00 денари (приближно).

Значи за доследно реализирање на поднесените барања согласно Законот за вработување на инвалидни лица потребни се вкупно средства во износ од 132.030.056,00 денари.

## Збирен Преглед

### на барања за средства од Посебниот фонд решени во 2007 година

| Ред.бр. | Основ | Барања поднесени во 2006 г. | | | Износ на доделени средства по решени барања | Барања поднесени во 2007 г. | | | Износ на доделени средства по решени барања | Вкупно(2006+2007) | | | Вкупно (2006+2007) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Решени | | | | Решени | | | | Решени | | | |
| | | Позитивн | Негативн | Нерешен | | Позитивн | Негативн | Нерешен | | Позитив | Негативн | Нерешен | |
| 1 | Вработување на инвалидни лица | 19 | 0 | 0 | 15,004,700.00 | 139 | 13 | 136 | 56,713,000.00 | 158 | 13 | 131 | 71,717,700.00 |
| 2 | Адаптација на работно место | 1 | 0 | 0 | 100,000.00 | 1 | 1 | 2 | 100,000.00 | 2 | 1 | 2 | 200,000.00 |
| 3 | Набавка на опрема | 5 | 2 | 0 | 7,632,380.00 | 2 | 2 | 51 | 4,875,032.00 | 7 | 4 | 51 | 12,507,412.00 |
| 4 | оспособување на вработени и невработени инвалидни лица | 0 | 0 | 0 | 0.00 | 1 | 0 | 0 | 102,000.00 | 1 | 0 | 0 | 102,000.00 |
| 5 | **Вкупно:** | **25** | **2** | **0** | **22,737,080.00** | **143** | **16** | **189** | **61,790,032.00** | **168** | **18** | **184** | **84,527,112.00** |

## Преглед

### на нерешени барања поднесени во 2007 година по основ вработување на инвалидни лица

| Ред.број | Месец | Поднесени барања | | | Број на враб.инв .лица | Потребни просечни плати (за позитивните) | Износ на потребни средства (приближно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Позитивни | Негативни | | | |
| 1 | Мај | 5 | 3 | 2 | 10 | 200 | **2,703,400.00** |
| 2 | Јуни | 6 | 6 | 0 | 23 | 460 | **6,217,820.00** |
| 3 | Јули | 14 | 11 | 3 | 27 | 400 | **5,406,800.00** |
| 4 | Август | 14 | 11 | 3 | 20 | 320 | **4,325,440.00** |
| 5 | Септември | 23 | 21 | 2 | 36 | 660 | **8,921,220.00** |
| 6 | Октомври | 20 | 15 | 5 | 30 | 460 | **6,217,820.00** |
| 7 | Ноември | 30 | 24 | 6 | 47 | 740 | **10,002,580.00** |
| 8 | Декември | 19 | 16 | 3 | 22 | 440 | **5,947,480.00** |
| | Вкупно: | **131** | **107** | **24** | **215** | **3680** | **49,742,560.00** |

## Преглед

на нерешени барања поднесени во 2007 година по основ набавка на опрема

| Р.бр | Месец | Поднесени барања | | | Потребни просечни плати (за позитивните | Износ на потребни средства (приближно) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Позитивни | Негативни | | |
| 1 | Февруари | 1 | 0 | 1 | 0 | 0.00 |
| 2 | Март | 5 | 4 | 1 | 653 | 8,826,601.00 |
| 3 | Април | 7 | 7 | 0 | 1221 | 16,504,257.00 |
| 4 | Мај | 5 | 4 | 1 | 539 | 7,285,663.00 |
| 5 | Јуни | 8 | 5 | 3 | 588 | 7,943,996.00 |
| 6 | Јули | 5 | 3 | 2 | 438 | 5,920,446.00 |
| 7 | Август | 4 | 4 | 0 | 267 | 3,609,039.00 |
| 8 | Септември | 4 | 4 | 0 | 623 | 8,421,091.00 |
| 9 | Октомври | 4 | 4 | 0 | 691 | 9,340,247.00 |
| 10 | Ноември | 4 | 3 | 1 | 600 | 8,110,200.00 |
| 11 | Декември | 4 | 4 | 0 | 468 | 6,325,956.00 |
| | **Вкупно:** | **51** | **42** | **9** | **6088** | **82,287,496.00** |

## Преглед

на нерешени барања поднесени во 2007 година по основ адаптација на работно место

| Р.бр. | Месец | Поднесени барања | | | Потребни просечни плати (за позитивните | Износ на потребни средства (приближно) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Позитивни | Негативни | | |
| 4 | Мај | 2 | 0 | 2 | 0 | 0.00 |
| | Вкупно: | **2** | **0** | **2** | **0** | **0.00** |

## Подготовка за вработување
## (обука преквалификација или доквалификација)
## Извештај за спроведените активности во 2007 година

Едно од правата на осигурување во случај на невработеност уредено со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност е правото на подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација). Со ова право се овозможува стекнување и дополнување на знаењата на невработените и други лица заради нивно вработување.

Начинот, условите и постапката за остварување на ова право се уредени со Правилникот за обука, преквалификација или доквалификација на невработените и други лица („Сл. весник на РМ„ бр. 30/2001, 24/2005 и 146/2007).

Согласно Правилникот, Агенцијата за вработување на Република Македонија дава согласност за реализирање на подготовката за вработување врз основа на доставено Барање од страна на работодавачот.

Вкупниот број на невработени лица кои биле вклучени на подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација) во 2007 година, вбројувајќи ги и лицата кои биле вклучени во реализацијата на програмите што започнале во 2006, а завршиле во 2007 година и оние чија подготовка е во тек, изнесува 3866 лица, од нив 2751 лице успешно ја завршило подготовката за вработување. Од лицата кои успешно ја завршиле подготовката за вработување, 2526 невработени лица засновале работен однос на неопределено време или изразено во проценти (91.82%).

За реализацијата на овие програми во извештајниот период, Агенцијата за вработување на Република Македонија даде финансиски средства во вкупен износ од 52,097,796.00 денари на име парична помош на невработеното лице вклучено во подготовката за вработување и на работодавачот на име партиципација во трошоци за изведување и спроведување на подготовката за вработување.

Анализа на добиените податоци за реализираните програми за подготовка за вработување може да се изврши според неколку критериуми, како што се дејноста на работодавачот и реализација на подготовките за вработување според центрите за вработување.

Според дејноста на работодавачот, најголем број невработени лица биле вклучени на подготовка за вработување во текстилната индустрија, по што следат:

2759 - производство на текстил и текстилни производи (71,37%)
725 - производство на кожа и предмети од кожа (18,75%)
172 - преработка на дрво и производи од дрво (4,45%)
141 - производ. на производи од гума и од пластични маси (3,65%)
21 - производство на прехрамбени производи (0,54%)
48 - останати дејности (1,24%)



Графичкиот приказ ја потврдува констатацијата дека најголем број невработени лица биле вклучени на подготовка за вработување во текстилната индустрија.

Во изминатата година беше дадена согласност за реализација и спроведување на програми за подготовка за вработување во **24** центри за вработување. Најголем број невработени лица кои биле вклучени на подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација) се во следните општини т.е. центри за вработување:

| | |
|---|---|
| Штип | 504 (13,04%) |
| Велес | 423 (10,94%) |
| Скопје | 316 ( 8,17%) |
| Куманово | 312 ( 8,07%) |
| Виница | 251 ( 6,49%) |
| Прилеп | 237 ( 6,13%) |
| Свети Николе | 232 ( 6,00%) |
| Крива Паланка | 223 ( 5,77%) |
| Струмица | 188 ( 4,86%) |
| Неготино | 150 ( 3,88%) |
| Кочани | 122 ( 3,16%) |
| Гостивар | 116 ( 3,00%) |
| Делчево | 114 ( 2,95%) |
| Македонски Брод | 108 ( 2,79%) |
| Струга | 103 ( 2,66%) |
| Охрид | 95 ( 2,46%) |
| Кавадарци | 91 ( 2,35%) |
| Пробиштип | 75 ( 1,94%) |
| Останати | 206 ( 5,33%) |




Во споредба со 2006 година кога бројот на лицата вклучени во подготовка за вработување изнесува 3216, во изминатата 2007 година бројот на овие лица се зголемил 3866 или изразено во проценти (20.21%). Додека бројот на лицата кои засновале работен однос по завршување на подготовка за вработување во 2007 година е 2526 и е зголемен за (16.14%) во однос на 2006 година, кога овој број изнесувал 2175.

## Професионална ориентација
## Извештај за спроведените активности во 2007 година

Во рамките на редовните активности на Агенцијата за вработување на Република Македонија се реализираат и активностите за професионална ориентација, при што центрите за вработување во текот на 2007 година ги даваа следните услуги и помош при изборот на занимањата и вработувањето:

- Информирање за карактеристиките на занимањата, можностите за продолжување на образованието во средните и високообразовните установи, потребите од одделни занимања и можностите за вработување и др.;
- Професионална ориентација - советување врз основа на испитувањето на професионалните интереси, општи и специфични способности и други карактеристики на личноста на клиентите;
- Професионална селекција - селекција на кандидати за обука, преквалификација или доквалификација и помош на работодавците при изборот на кандидатите за нови вработувања.

Активностите за професионалната ориентација во 2007 година беа застапени во Центарот за вработување на град Скопје и во дејноста на центрите за вработување со меѓуопштински тимови: Битола, Велес, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово и Штип, кои овие функции ги обезбедуваа за овие и останатите центри за вработување кои ги опфаќаат овие тимови.

Прегледот на реализираните активности како и бројот на учесниците во истите, се прикажани во приложениот Преглед бр.1. Според бројот на опфатени корисници на услугите најзастапена активност беше професионалното информирање, односно 63% од вкупните активности за професионална ориентација. Во најмал обем 11% од вкупните активности беа застапени активностите за професионална селекција на кандидатите.




*① Реализирани активности за Професионална ориентација*

**Преглед бр. 1**

***Реализирани активности за професионална ориентација во 2007 година***

| Реден број | Центар за вработување | Вкупно лица | Професионално информирање | | | | Професионална ориентација (тестирање и советување) | | | | Професионална селекција | | | | Вкупен број на корисници на услугите |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Ученици од | | Невработени лица | Вработени лица | Ученици од | | Невработени лица | Вработени лица | Ученици од | | Невработени лица | Вработени лица | |
| | | | Основно училиште | Средно училиште | | | Основно училиште | Средно училиште | | | Основно училиште | Средно училиште | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 1 | Битола | се | 1013 | 366 | 217 | | 719 | 366 | 217 | | | | | | 1596 |
| | | жени | 535 | 228 | 136 | | 399 | 228 | 136 | | | | | | 899 |
| 2 | Велес | се | 345 | 243 | 2470 | 141 | | | | | | | 1095 | | 4294 |
| | | жени | 213 | 151 | 1450 | 88 | | | | | | | 813 | | 2715 |
| 3 | Куманово | се | 2293 | 1208 | 138 | | 363 | 398 | 6 | | | | | | 4406 |
| | | жени | 1407 | 808 | | | 211 | 240 | 4 | | | | | | 2750 |
| 4 | Охрид | се | 820 | 27 | 54 | 8 | 28 | 38 | 20 | 2 | | | 160 | | 1157 |
| | | жени | 470 | 17 | 42 | 7 | 16 | 26 | 16 | 1 | | | 146 | | 741 |
| 5 | Прилеп | се | 1593 | 1232 | 2240 | | | | 3129 | | | | | | 8194 |
| | | жени | 825 | 672 | 1367 | | | | 1834 | | | | | | 4698 |
| 6 | Скопје | се | 236 | 130 | | | 236 | 130 | | | 6 | 13 | 274 | | 659 |
| | | жени | 173 | 80 | | | 173 | 80 | | | 6 | 13 | 21 | | 293 |
| 7 | Струмица | се | | | 262 | 16 | | | 268 | 74 | | | 172 | | 812 |
| | | жени | | | 149 | 16 | | | 193 | 49 | | | 96 | | 503 |
| 8 | Тетово | | | | 840 | | | | 489 | | | | 412 | 15 | 1756 |
| | | | | | 600 | | | | 162 | | | | 328 | 8 | 1098 |
| 9 | Штип | се | | | 104 | | 1 | 2 | | | | | 492 | | 599 |
| | | жени | | | 58 | | 1 | 2 | | | | | 372 | | 433 |
| Вкупно: | | се | 6300 | 3206 | 6325 | 165 | 1347 | 934 | 4129 | 76 | 6 | 13 | 2605 | 15 | 23473 |
| | | жени | 3623 | 1956 | 3882 | 111 | 800 | 576 | 2345 | 50 | 6 | 13 | 1776 | 8 | 14130 |

* Дел од корисниците на услугите на професионална ориентација беа вклучени во повеќе различни активности и затоа вкупниот број на опфатени лица е прикажан во колоната бр.16




*② Реализирани активности за Професионална ориентација (изразено во %)*

Во рамките на **професионалното информирање** беа реализирани следните видови активности:

- Професионално информирање на 9506 ученици од основно и средно бразование, 6325 невработени и 165 вработени лица.
- Организација на трибини за учениците и нивните родители во врска со изборот на идните занимања и нивниот понатамошен професионален развој.
- Подготовка на информативни материјали во врска со изборот на занимањата, состојбите на пазарот на трудот, вработувањето и потребите на работодавачите од работна сила, за потребите од информирање и едукација на клиентите (невработени лица, работодавачи, ученици и образовни установи).




③ *Професионално информирање*

**Професионалното советување и ориентација** се состоеше од примена на психодијагностичко интервју, испитување (тестирање со психодијагностички техники) и професионално советување како помош при изборот на занимањата и планирање на кариерниот развој:
- Психолошко испитување на ученици од завршните одделенија од основните и средните училишта (испитување на менталната зрелост на учениците со примена на техники за испитување на општи и специфични интелектуални способности, испитување на професионални интереси, примена на прашалници за испитување на семејни услови, односи и релации, техники за проценка на личноста и друго) и индивидуално советување - 2281 ученици.
- Професионално советување и ориентација на евидентирани невработени лица со цел да добијат помош при изборот на идното занимање со обука, преквалификација или доквалификација - 4129 невработени и 76 вработени лица.




④ *Професионална ориентација -тестирање и советување*

Со **професионалната селекција** за потребите на работодавачите за вработување или вклучување во разни видови обуки заради вработување, беа опфатени 2605 невработени лица. Исто така во оваа активност беа вклучени 19 ученици и 15 вработени лица.




⑤ *Професионална селекција*

Еден од приоритетите за развој во 2007 година беше постојано развивање и доопремување на службата за професионална ориентација во центрите за вработување, зголемување на бројот на нејзините корисници, развој и зголемување на бројот на активностите, нивно непосредно поврзување со образовниот систем и потребите на пазарот на трудот, како и поголема координација со потребите на другите служби од Секторот за активни политики за вработување.

Врз основа на согледаните потреби од анализата на развиеноста на оваа служба во центрите за вработување и реалните потреби на пазарот на трудот потребно е да се развиваат програмски активности со следните цели:

- Подигање на квалитетот на услугите од областа на професионалната ориентација, во согласност со актуелните состојби на пазарот на трудот и потребите на образованието,
- Унапредување и зголемување на бројот на активностите кои ќе бидат насочени кон потребите на евидентираните лица кои бараат вработување.
- Унапредување и зголемување на бројот на активностите кои ќе бидат насочени кон потребите на работодавачите (професионална селекција на кандидатите за вработување)
- Унапредување на човечките ресурси за потребите на оваа служба низ разни видови обуки.
- Воведување на нови активности и методологија (тестови и техники) во рамките на професионалната ориентација.
- Унапредување на опременоста на оваа служба во центрите за вработување со потребната литература, информативни материјали и друго.
- Планирање на нови активности со кои професионалната ориентација ќе се развива врз нови европски модели со се поголем број на активности за успешно кариерно насочување и водење.

# Работни клубови
# Извештај за спроведените активности во 2007 година

Во центрите за вработување во Агенцијата за вработување на Република Македонија во текот на 2007 година, како една од редовните активности се реализираше и програмата за советување за вработување во работните клубови.

Целта на активностите во работните клубови во центрите за вработување е да се поттикнува иницијативата и да се зајакнуваат капацитетите на лицата кои бараат вработување за успешно претставување на пазарот на трудот, успешно барање работа и вработување.

Корисници на услугите на работните клубови беа сите категории на невработени лица, но и вработени лица и работодавци. Со работодавците беа остварени многубројни средби на кои беа информирани и советувани за активните мерки кои се спроведуваат во Агенцијата за вработување и законската регулатива од областа на вработувањето, беа спроведени истражувања на нивните потреби од работници и други активности.

Во 2007 година, со активностите на работните клубови беа опфатени вкупно 26006 лица и истите се прикажани во приложениот Преглед број 1,според степенот на образование и старосната структура.

Преглед бр.1

| 2007 год. | Спред степен на образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | до ССО | ССО | Више СО | Високо СО | М-р и Д-р | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 1+2+3+4+5 |
| Вкупно лица | 6614 | 15096 | 811 | 3477 | 8 | 26006 |
| жени | 3403 | 8425 | 475 | 2114 | 5 | 14422 |

| 2007 год. | Според староснa структура | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | до 24 | 25 - 34 | 35 - 44 | 45 - 54 | 55 и повеќе | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 1+2+3+4+5 |
| Вкупно лица | 7717 | 9276 | 5981 | 2416 | 616 | 26006 |
| жени | 4027 | 5273 | 3587 | 1279 | 256 | 14422 |




*1.1..Процент  на опфатени лица според степен на образование*




*1.2.Процент  на опфатени лица според старосна структура*

*Реализирани активности:*

За остварување на  целите на работните клубови,  беа спроведувани повеќе видови активности како што се:

- Отворена канцеларија;
- Работилници;
- Предавања;
- Интервјуа;
- Обуки за компјутери и познавање на странски јазици и
- Индивидуални планови за вработување и други.

Реализираните активности  во отворените  канцеларии како дел од редовната работа на работните клубови, имаа за цел да им  овозможуваат на невработените лица да добијат информации за нивните права и обврски, како и информации од пазарот на трудот. Со активното учество во работилниците невработените беа вклучени во програми за психолошка помош и поддршка, беа оспособувани за проценка на сопствените интереси, ставови, способности и вештини, добија обука за користење на техники за успешно претставување на пазарот на трудот, беа мотивирани и советувани за можностите за вработување со самовработување и воопшто за остварувањето на активна улога во решавањето на проблемот на невработеноста. Како дел од обуката и советувањето на невработените лица беа организирани и одржани предавања на различни теми кои беа прилагодувани кон нивните потреби и интереси. За предавачи покрај вработените во бироата за вработување во мал дел од центрите за вработување беа ангажирани и надворешни стручни лица, од различни профили.  Покрај овие активности во работните клубови беа организирани и многубројни средби помеѓу

работодавците и невработените лица со цел посредување за вработување, се спроведуваа интервјуа и други активности.

Обемот, бројот и видот на активностите, како и другите аспекти од работата на работните клубови беа прилагодени кон специфичностите на центрите за вработување, кон нивната опременост, кадровскиот потенцијал и потребите на невработените лица кои ги користеа нивните услуги. За унапредување на квалитетот на активностите и за зголемување на нивниот број потребно е зајакнување на човечките ресурси и подобрување на просторните услови и опремата во дел од работните клубови. Во најголем дел од центрите за вработување, работните клубови имаат добро опремени простории за успешно спроведување на планираните активности.

Реализираните активности во работните клубови во сите центри за вработување се прикажани во приложениот Преглед бр 2.

Во текот на 2007 година во работните клубови, реализирани се активности со кои беа опфатени вкупно 38505 лица, односно оваа бројка која е прикажана во Прегледот бр 2 што се однесува на реализираните активности во работните клубови, е за 12499 лица поголема во однос на реалната бројка на лицата 26006 кои биле корисници на работните клубови (Преглед бр.1). Ова укажува на фактот дека голем број од невработените лица биле вклучени во поголем број различни активности, како на пример: едно лице добило услуги во отворената канцеларија, учествувало во работилница и било вклучено во обуки и слично.




*2.1. Процент на опфатени лица во активностите на работните клубови*

Во работните клубови во сите центри за вработување беа одржани вкупно 258 работилници во кои учествуваа 2534 лица. Со предавањата беа опфатени вкупно 6192 слушатели, додека 14854 лица беа корисници на услугите во отворените канцеларии во центрите за вработување. Со 6824 лица беше направено интервју со цел да се насочат кон одредени соодветни активни мерки за вработување.

Во 2007 година се зајакна спроведувањето на разни видови краткорочни обуки за кои невработените млади лица покажаа особен интерес. Обуките за странски јазици и компјутери се спроведуваа и како една од мерките од Оперативниот план за активните политики за вработување за 2007 година и со нив беа опфатени лица со високо, вишо и средно образование. Особено е позитивно тоа што обучувачите беа невработени лица, со соодветно образование според видот на обуките, со мали исклучоци во центрите кои немаа соодветен стручен кадар во својата евиденција на невработени лица, ниту на евиденцијата на околните блиски центри за вработување.

***Преглед бр. 2***
***Реализирани активности во работниот клуб во периодот од 01.01.2007 - 31.12.2007 година***

| од 01.01.2007 до 31.12.2007 година | Реализирани активности во работните клубови | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Отворена канцелар.** | **Предавања** | | | | | | **Работилници** | | **Интервју** | **Обуки** | | | | Индивид. план за вработување ИПВ |
| | Број на корисници на услугите | Број на одржани предавања | | | Број на учесници - слушатели | | | Број на одржани работил-ници | Број на учесници | Број на опфатени лица | Број на опфатени лица | | | | Број на опфатени лица |
| | | Со внатреш. предавачи | Со надвореш. предавачи | Вкупно | На предавања со внатреш. предавачи | На предавања со надвореш. предавачи | Вкупно | | | | Комп-јутери | Англиск и јазик | Други странски јазици | Други видови обуки | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| **Бр. на предав работ. обуки** | | **420** | **79** | **499** | | | | **258** | | | **100** | **88** | **18** | **26** | |
| **Вкупно лица** | **14854** | | | | **5975** | **217** | **6192** | | **2534** | **6824** | **1479** | **1524** | **336** | **519** | **4243** |
| **жени** | **8081** | | | | **3477** | **93** | **3570** | | **1246** | **3856** | **1047** | **994** | **210** | **279** | **1904** |




*2.2.Процент  на опфатени лица во обуките во работните клубови*

Од евиденцијата на невработените лица на Агенцијата за вработување, 1479 лица беа обучувани за основни вештини за работа со компјутер, 1524 лица добија обука за англиски јазик, и 336 лица за други странски јазици. Со оглед на барањата на пазарот на трудот, оспособувањето на овие  невработени лица за познавање на странски јазици и работа на компјутери, значително може да влијае на зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и зголемување на нивните можности за вработување. Исто така во работните клубови 519 невработени лица добија и обуки за подготовка за отпочнување на сопствен бизнис.

Во работните клубови континуирано се спроведуваа активности со  лицата кои се на евиденција на невработените лица подолго од една година (со тоа што најголем дел од опфатените лица со оваа активност беа на евиденција на невработени лица над  3 години).  Со истите се водеше интервју и им беше зададен прашалник чија цел беше да се испитаат нивните активности, начини на барање на вработување, како и нивните потреби и интереси во текот на периодот на барањето вработување. Како една од можностите за побрзо вработување, невработените лица ја гледаат во вклучувањето во некои видови обуки за занимања или за некои дополнителни знаења и вештини.

Исто така се спроведуваа активности и со корисниците на паричен надоместок со поголем износ. Тие беа редовно повикувани и им беше задаван прашалник со кои беа испитувани нивните можности за вработување и на нивниот интересо за користење на можноста за решавање на проблемот на  невработеноста со еднократна исплата на паричниот надоместок. Податоците од добиените одговори на пршањата од зададените прашалници се користеа за  планирање на понатамошните активности со овие лица (пр. советувања, обуки и др.), со цел да се зајакне нивната   активна улога на пазарот на трудот.

Беа изработувани индивидуални планови за вработување за невработените лица (изработени се вкупно 4243).

Во работните клубови се спроведуваа и активности за спроведување на други активни мерки за вработување како и активностите на проектите за зголемување на вработувањето, во кои е вклучена Агенцијата за вработување.

*Ефекти од работењето на работните клубови*

Преглед број 3

| 2007 год. | Број на лица кои се вработиле а биле корисници на услугите на работниот клуб | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број на лица кои се вработиле со обука, преквалификација или доквалификација | Број на лица кои се вработиле со посредување на работниот клуб | Број на лица кои се вработиле без посредување на работниот клуб | Број на лица кои се вработиле по пат на самовработување | Вкупно вработени лица кои биле вклучени во активностите на работниот клуб |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1+ 2 +3 + 4 |
| Вкупно лица | 1624 | 1747 | 10969 | 1370 | 15710 |
| жени | 1283 | 989 | 5490 | 516 | 8278 |

Од вкупниот број 26006 лица кои биле корисници на некоја од услугите на работните клубови во текот на 2007 година, во една или повеќе активности, 60 % засновале работен однос. Од вкупниот број лица кои се вработиле, 53% се жени.




*3.1. Процент на вработени лица кои биле корисници на работните клубови*

Во однос на вработувањата, особено е важно да се истакне дека ефектите од работата на работните клубови, односно од вложувањето во човечките ресурси низ нивните активности, овозможува долгорочни ефекти кои не се манифестираат веднаш по завршените обуки, предавања или други активности. Оспособувањето на лицата да преземаат иницијативи и зајакнување на нивната мотивација и интерес за активно барање вработување, потпомогнато со советувања и разни видови обуки допринесува за нивно успешно вклучување на пазарот на трудот.

Во текот на 2007 година постојано се следеа и проценуваа ефектите од активноста на работните клубови, низ редовно доставување извештаи (месечни, полугодишен и годишен) од центрите за вработување. Мониторингот и координацијата на нивните активности, допринесуваат кон зголемувањето на бројот на учесниците во активностите, нивното прилагодување кон реалните потреби на невработените лица и зголемувањето на ефикасноста на работните клубови во спроведувањето на активната политика за вработување.

## Извештај за состојбата за вработување на странски државјани во Република Македонија за периодот од 01.01.2007-31.12.2007

Во периодот од **01.01.2007 до 30.09.2007 година**, Агенцијата за вработување на Република Македонија издаде вкупно **918** одобренија за засновање работен однос со странски државјани. Се работи за издадени одобренија по стариот закон за вработување на странци. Одобренијата се издаваат на определено време и тоа најмногу до една година.

Во овој период, од вкупниот број на издадени одобренија

- 434 одобренија се за продолжување на веќе заснован работен однос
- 484 одобренија се за првпат издадени.

Според основот, состојбата е следната:

- врз основ на брак - 135 одобренија
- врз основ на виза за вработување - 346 одобренија
- по други основи - 437 одобренија.

По занимање најмногу одобренија се издадени за вработување на странски државјани кои ќе работат како:

- управители - 246,
- директори - 22,
- менаџери - 23.

Најголем е бројот на издадени одобренија за управители и основачи на сопствени фирми во сите градови во Македонија.

Според степенот на стручна подготовка издадени се одобренија за засновање на работен однос со странски државјани за:

- 76 - неквалификувани и полуквалификувани ,
- 6 - висококвалификувани,
- 322 - лица се со средно стручно образование,
- 16 - лица се со вишо образование,
- 471 - лица се со високо образование
- 6 - магистри и
- 21 - се останати.

Во однос на претходните години, оваа година се забележува дека се зголемува бројот на високообразовните кадри кои поднесуваат барање за да засноваат работен однос во нашата земја , за разлика од останатите.

Според рокот на важност на траење на одобренија издадени се:

- 12 месеци за 564 лица
- 9 месеци за 7 лица,
- 6 месеци за 255 лица
- 3 месеци за 13 лице
- останати за 79 лица.

Според државата од која доаѓаат странските државјани, најмногу одобренија се издадени за лица кои доаѓаат од:

- Србија 214 лица;
- Турција 134 лица;

- Грција 148 лица;
- Бугарија 62 лица
- останати 360 лица

Според градовите во кој се издадени одобренија за засновање на работен однос, најголем број се издадени во Скопје - 549, во Гевгелија - 86, во Битола -34, Тетово -31 и други.

Во врска со примената на **Законот за вработување и работа на странци** (Сл.Весник на РМ бр.70/2007) и Правилникот за постапките за издавање на работни дозволи и формата и содржината на посебните видови на работни дозволи (Сл.весник на РМ бр.108/2007 во периодот од **01.10.2007 до 31.12.2007 година**, има поднесено вкупно 217 барања за издавање на дозволи за вработување и тоа :

- Дозволи за вработување -69
- Дозволи за работа - 39
- Лична работна дозвола по основ на брак -36
- Лична работна дозвола по основ на самовработување - 68
- Лична работна дозвола по основ на потекло во Р.Македонија - 4
- Лична работна дозвола по основ на статус бегалец - 1

Издавање одобренија за засновање работен однос со странски државјани по основ на телеграма

Во периодот од 01.01 до 31.12.2007 година, Агенцијата за вработување на Република Македонија, од Министерството за Внатрешни работи - Сектор за странци и имиграциони прашања, има добиено вкупно 428 телеграми.
Од вкупниот број на добиени телеграми за:

- 354 телеграми, Агенцијата за вработување има дадено позитивен одговор, а
- за 29 телеграми, нема дадено согласност.
- за 45 телеграми, дадени се известувања до Министерството за Внатрешни работи заради запазување на постапката по новиот закон.

Најголем дел од дадената согласност на телеграмите доставени од МВР, се однесуваат за лица кои веќе основале фирма во нашата земја и ќе бидат управители на истата.

# ПРОЕКТИ

**Проект:**
**"Техничка помош за поддршка на политиката за вработување - фаза 3"**

Општата цел на проектот "Техничка помош за поддршка на политиката за вработување - фаза 3" е да ја подготви земјата за прифаќање на насоките на политиката за вработување што произлегуваат од Европската стратегија за вработување и Интегрираните насоки за пораст и работните места, како и да ја намали невработеноста, особено на младите луѓе, жените и другите ранливи групи, преку имплементација на ефективни активни мерки на пазарот на трудот.

Конкретни цели на овој проект се да продолжи зајакнувањето на капацитетот на сите релевантни институции и учесници за ефективно спроведување, мониторинг и евалуација, преку партнерски пристап, квантитативните и квалитативните цели и очекуваните резултати што се утврдени во Националната стратегија за вработување 2010 како и Националниот акционен план за вработување 2006-2008.

Проектот се состои од следните 4 компоненти:

Компонента 1: Поддршка на МТСП и работната група составена од повеќе чинители;

Компонента 2: Натамошна модернизација на службата за вработување;

Компонента 3: Градење на капацитетите на социјалните партнери; и

Компонента 4: Стратегии за комуникација.

Главните корисници на Проектот се Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија. И други министерства и учесници ќе имаат корист од Проектот во форма на градењето на институцијата и капацитетите. Проектот е суштински фокусиран кон активностите на локално ниво и вклучува единици на локалната самоуправа и локалните центри за вработување на Агенцијата за вработување. Посебно внимание се обрнува на учеството на социјалните партнери.

Агенцијата за вработување е вклучена во компонентите 1,2, и 4. Особено е ставен акцентот на активностите во рамките компонента 2. Оваа компонента содржи 9 меѓусебно поврзани активности и целосно се однесува на модернизација на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

За потребите на реализацијата на Проектот формирани се работни групи и подгрупи. Претставниците од Агенцијата за вработување се вклучени во работната група за компонентата 1 покрај другите учесници а аа компонентата 2 формирана е работна група на Агенцијата за вработување и следните 2 подгрупи:

- Подгрупа за локални акциони планови за вработување; и
- Подгрупа за развој на активни мерки на пазарот на трудот.

Спроведувањето на Проектот започна во ноември 2007 година а имплеметацијата на активностите ќе продолжи и во 2008 година.

## Инструмент за претпристапна помош (ИПА)

Во рамките на имплементацијата на Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013, Агенцијата за вработување на Република Македонија формира работна група од 5 лица кои се ангажирани за сите предвидени активности и определи одговорно лице за координирање на сите работи во Агенцијата за вработување поврзани со ИПА.

Во текот на 2007 година беа спроведени 4 обуки на вработените лица од Агенцијата за вработување за подготовка и имплементација на проекти предвидени во рамките на Оперативната програма за IV компонента на Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

## Декада за вклучување на Ромите (2005-2015)

Агенцијата за вработување на Република Македонија, во рамките на своите редовни активности спроведува активни мерки за вработување кои влијаат врз зголемувањето на конкурентноста на пазарот на работната сила и вработувањето на невработените лица.

Една од целните групи кон кои се насочени активностите за зајакнување на нивната позиција на пазарот на трудот е и ромската популација во Република Македонија. Со цел да се придонесе кон целосна еманципација и интеграција на Ромите во општеството, Република Македонија е една од земјите вклучени во меѓународниот проект "Декада за вклучување на Ромите 2005-2015 година". Целите на Декадата се да се планираат, подготват и реализираат акции за период од 10 години, со кои ќе се подобрат условите за развој и целосна интеграција на Ромите во сите сфери од општеството. Националната стратегија за Ромите и целите на Декадата се насочени кон унапредувањето на 4 приоритетни области: вработување, домување, образование и здравство. Со оглед на тоа што еден од клучните сегменти за подобрување на еманципацијата и интеграцијата на Ромите е подобрување на нивниот економски статус што пред се подразбира вработување, Агенцијата за вработување е вклучена во активностите на Декадата низ следните активности:

- Учество во подготовката на Националните акциони планови и оперативните планови за Декадата за вклучување на Ромите;
- Имплементација на активностите определени со Националните акциони планови за Декадата;
- Имплементација на активни мерки, програми и проекти, во функција на реализација на Националните акциони планови за Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 година;
- Следење на имплементацијата и постигнатите резултати од спроведените активности во Агенцијата за вработување, кои се предвидени со акционите планови за Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 година.

*Спроведени активности со работодавачи и невработени лица Роми и нивна вклученост во активни мерки за вработување*

Во Агенцијата за вработување на Република Македонија беа евидентирани 17672 невработени лица Роми, од кои 7410 жени (состојба 31.12.2007 година). Квалификационата структура на голем дел од овие лица е неповолна во однос на потребите и барањата на работодавачите, што реално ги намалува нивните можности за вработување, додека нискиот степен на образование на голем дел од лицата го отежнува и нивното вклучување во некои од програмите и активните мерки за вработување и успешно снаоѓање на пазарот на трудот.

ПРЕГЛЕД
на евидентирани невработени лица Роми според степен на образование
(состојба 31.12.2007 година)

| | **Степен на образование** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | НКВ | ПКВ и НСО | КВ | ВКВ | ССО | ВИШО СО | ВИСОКО СО | МАГИСТРИ | ДОКТОРИ | ВКУПНО |
| **Се** | 15924 | 386 | 821 | - | 500 | 9 | 31 | 1 | - | 17672 |
| **Жени** | 6959 | 66 | 176 | - | 189 | 3 | 17 | - | - | 7410 |




*Евидентирани невработени лица Роми според степен на образование (состојба 31.12.2007)

Агенцијата за вработување според своите програмски задачи, своите активности ги насочува кон успешна подготовка за вработување на невработени лица и нивно вклучување во активни мерки за вработување.

<u>Услуги за лицата кои бараат вработување</u>

- Собирање податоци од невработените лица при пријавувањето во Агенцијата за вработување, со пополнување на обрасци и документи, со разговор и интервју и проценка на потребите на невработените лица.
- Собирање податоци од невработените лица за нивните квалификации, знаења и способности, заради професионална селекција и упатување на соодветно работно место.
- Евиденција на невработени лица во Агенцијата за вработување заради вработување и остварување на права по основ на невработеност.
- Советување и упатување на невработени и други лица кои бараат вработување во Службата за професионална ориентација заради избор на занимање или вработување, по пат на тестирање и разговор.

- Обезбедување информации на невработени и други лица кои бараат вработување за слободни работни места, разговор и нивно упатување до работодавачот кој пријавил потреба од работници.
- Давање услуги на невработени лица во работните клубови со цел да се зајакнат нивните знаења и способности за побрзо вработување.
- Изработка на програми за стимулирање на невработените лица за решавање на проблемот на сопственото вработување по пат на самовработување.
- Организирање и координирање на обука, преквалификација или доквалификација и давање совети за надградување на способностите на невработените лица, заради вработување.
- Упатување на невработените лица за работно ангажирање во јавни работи и грижа на Агенцијата за вработување за остварување на нивните права за време на траењето на јавните работи.

Активни мерки за вработување

Во 2007 година Агенцијата за вработување отпочна и со спроведување на повеќе нови активни мерки за вработување. Овие активни мерки беа определени со Оперативниот план за активните политики за вработување за 2007 година предвидени во Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2006-2010 година. Во Оперативниот план беа дефинирани законската рамка, видот на активни мерки за вработување, целните групи, потребните средства и изворите на средства, како и конкретни активности и рокови за имплементација на мерките од страна на одговорните субјекти.

Со Оперативниот план беа дефинирани следните активни мерки за вработување во кои беше вклучен следниот број невработени лица Роми:

1. Активни политики на вработување (локална инфраструктура, испомош,итн.) - јавни работи во ЕЛС - 183 лица (174 мажи; 9 жени)
2. 2.1. Поддршка за самовработување (семеен бизнис) - 37 лица (35 мажи; 2 жени)
   2.2. Поддршка за прво вработување на млади лица до 27-годишна возраст - 2лица (1 маж; 1 жена)
3. Ангажирање на невработени лица од најнеразвиените региони во извршување на градежни работи, еколошки проекти и сл.- 53 лица (46 мажи; 7 жени)
4. Субвенционирање на вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители - 17 лица (5 мажи;12 жени)
5. Обука и совети на невработените лица за преквалификации, контакт со работодавачите, усовршување на нивните знаења и вештини, обука за компјутери и сл.

- Обука, преквалификација или доквалификација - 160 лица (48 мажи;112жени)
- Обуки во работните клубови за стекнување на знаења и вештини за странски јазик и компјутери - 66 лица (32 мажи; 34 жени) Од нив 28 лица (14 мажи; 14 жени) беа вклучени во обуки за компјутер и 38 лица добија обука за странски јазици (18 мажи; 20 жени).

Во сите активни мерки од Оперативниот план за активни политики за вработување за 2007 година беа вклучени вкупно 518 невработени лица Роми (341 мажи; 177 жени), од кои најмногу во мерката бр.5 што се однесува на обука, преквалификација или доквалификација заради вработување и обуки за вештини во работните клубови (44%). како и мерката број 1- Активни политики за вработување (локална инфраструктура, испомош и т.н)-јавни работи во единиците на локалната самоуправа, каде беа вклучени 35% од вкупниот број лица. Во имплементацијата на овие активни мерки за вработување беа вклучени и работодавачи и невработени лица Роми, покрај останатите лица од евиденцијата на невработени лица на Агенцијата за вработување.




Покрај активните мерки за вработување од Оперативниот план за активни политики за вработување за 2007 година, во центрите за вработување како дел од нивната редовна функција се спроведуваа и други активни мерки за вработување. Опфатот на лицата во истите е прикажан во приложениот преглед.

*Учество на невработените лица Роми во активните мерки за вработување, во периодот од 01.01.2007 - 31.12.2007 година*

| Ред. бр. | Активни мерки за вработување | Број на опфатени лица | | |
|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | вкупно |
| **1** | Оперативен план за активните политики за вработување за 2007 г. предвидени во Програмата за работа на Владата на РМ 2006-2010 | **341** | **177** | **518** |
| 1.1. | Активни политики за вработување (локална инфраструктура, испомош, и.тн.) - јавни работи во ЕЛС | 174 | 9 | 183 |
| 1.2. | А. Поддршка за самовработување (семеен бизнис) | 35 | 2 | 37 |
| | Б. Поддршка за прво вработување на млади лица до 27 год. | 1 | 1 | 2 |
| 1.3. | Ангажирање на невработени лица од најнеразвиените региони во извршување на градежни работи, еколошки проекти и сл. | 46 | 7 | 53 |
| 1.4. | Субвенционирање на вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители | 5 | 12 | 17 |
| 1.5.1. | Подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација) | 48 | 112 | 160 |
| 1.5.2. | Обуки за невработени лица во работните клубови ➢ Обуки (вкупно) | 32 | 34 | 66 |
| | - компјутери | 14 | 14 | 28 |
| | - англиски јазик | 18 | 18 | 36 |
| | - други странски јазици | | 2 | 2 |
| **2** | Работни клубови (вкупно) | **1716** | **1134** | **2850** |
| | ➢ Отворена канцеларија | 556 | 388 | 944 |
| | ➢ Предавања | 292 | 229 | 521 |
| | ➢ Работилници | 92 | 59 | 151 |
| | ➢ Интервју | 389 | 266 | 655 |
| | ➢ Индивидуални планови за вработување | 224 | 84 | 308 |
| | ➢ Применет прашалник со лица корисници на паричен надоместок | 14 | 4 | 18 |
| | ➢ Применет прашалник со лица кои се на евиденција над 1 г. | 149 | 104 | 253 |
| **3** | Професионална ориентација | **392** | **289** | **681** |
| **4** | Невработено лице кое е на евиденција на невработени лица во АВРМ повеќе од 1 година, може да биде ослободено од плаќање на персонален данок од доход за време од три години при самовработување, односно може да биде ослободен работодавецот кој ќе вработи таква категорија невработени лица. | **18** | **9** | **27** |
| **5** | Посебен фонд за обезбедување услови за вработување и работење на инвалидни лица | **33** | **20** | **53** |
| **6** | Јавни работи кои не се спроведуваат во рамките на активните мерки предвидени со ОП за 2007 год. | **50** | **7** | **57** |

Услуги за работодавачите

Во центрите за вработување се одвиваше постојана соработка со работодавачите за да се информираат за состојбите на пазарот на трудот, законските прописи и активните мерки кои ги спроведува Агенцијата за вработување, со цел да се зголеми вработувањето.

Работодавачите ги добиваа следните услуги:

- Совети и непосредна стручна помош за примена на законските прописи од интерес на работодавачите и лицата кои бараат вработување;
- Информации за состојбите и движењата во стопанството, пазарот на трудот, вработувањето и невработеноста;
- Организиран прием на понуди за слободни работни места од работодавачите и идентификување на нивните потреби;
- Изнаоѓање на најсоодветни невработени лица од евиденцијата на невработените лица на Агенцијата за вработување според потребите, условите и барањата на работодавачите и нивно упатување за вработување;
- Помош на работодавачите во организирање на обука, преквалификација или доквалификација на невработените и други лица, според нивното образование и способности за потребите на работодавачот;
- Советување и услуги на работодавачите за можностите, условите, предностите и поволностите при вработувањето на невработени лица;
- Подготовка на упатства, обрасци и други информативни материјали за подобро запознавање на работодавачите и невработените лица со нивните права и обврски, како и видовите на услуги од Агенцијата за вработување на Република Македонија;
- Информирање на заинтересираните лица за пазарот на трудот, преку електронските и печатените медиуми;
- Активности за вработување на инвалидни лица;
- Помагање во организирање и спроведување на јавни работи со упатување на невработените лица заради работно ангажирање.

Агенцијата за вработување учествуваше во реализација на Пилот проектот на Министерството за труд и социјална политика, за вработување на педесет лица од Ромската етничка заедница со завршено најмалку основно образование. Во рамките на овој Пилот проект, Агенцијата подготви Јавен оглас со кој беа повикани заинтересирани работодавачи за вработување по пат на обука на невработени лица Роми. Комисијата составена од претставници на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување изврши селекција на пријавените заинтересирани работодавачи врз основа на доставено барање и Програма за обука. Центарот за вработување на град Скопје, достави покани до евидентираните невработени лица Роми со завршено најмалку основно образование за остварување разговор заради вработување по пат на обука. Исто така заедно со избраниот работодавач учествуваше при изборот на невработените лица за вклучување на 50 лица (26 мажи; 24 жени) во обуката за шивачи за вработување на неопределено време, како и во надгледувањето на спроведувањето и реализацијата на обуката, заради успешно спроведување на овој Пилот проект.

Согласно имплементацијата на Националните акциони планови за "Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 година", Министерството за труд и социјална политика отвори Ромски информативни центри (РИЦ) во следните градови: Битола, Гостивар, Делчево, Куманово, Прилеп, Скопје, Тетово и Штип. Во центрите за вработување од градовите во кои се формирани РИЦ, Агенцијата за вработување определи одговорни лица кои редовна соработуваат со истите во врска со услугите што ги даваат центрите за вработување.

Агенцијата за вработување преку своите центри за вработување соработуваше и со локалната самоуправа, со активно учество на нејзини претставници во локалните тимови за подготовка и имплементација на локалните акциони планови за Декадата. Соработуваше и со повеќе невладини организации низ учество во заеднички проекти за вработување на Ромите, а невработените лица Роми беа опфатени и во активностите на проектите во кои е вклучена Агенцијата за вработување.

Во периодот од 01.01.2007 - 31.12.2007 беа регистрирани 1829 (606 жени) пријави на засновани работни односи на Роми.

Активностите на Агенцијата за вработување на Република Македонија што ќе бидат реализирани во наредниот период, во рамките на реализацијата на Акционите планови за Декадата за вклучување на Ромите (2005 - 2015) година, постојано ќе се усогласуваат со потребите и приоритетите на оваа целна група.

# Сектор
# за осигурување и права во случај на невработеност

## ***Права на осигурување***

Работниците кои се во работен однос, задолжително се осигурени во случај на невработеност.

Невработеното лице ги остварува правата од осигурување во случај на невработеност *во согласност со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/97; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 50/2006 и 29/2007) и прописите за општа управна постапка, во Агенцијата за вработување на Република Македонија-Центар за вработување, каде што е евидентирано невработеното лице врз основа на поднесено писмено барање.

*Права од осигурување во случај на невработеност, според Законот се и:*

- паричен надоместок;
- право на здравствена заштита, во согласност со прописите за здраствена заштита; и
- право на пензиско и инвалидско осигурување во согласност со прописите за пензиското и инвалидското осигурување на невработеното лице корисник на паричен надоместок на кое му недостасуваат најмногу до пет години пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, а кое нема 15 години стаж на осигурување, до остварување на 15 години стаж на осигурување.

### ***- Право на паричен надоместок***

Право на паричен надоместок има невработено лице кое било во работен однос најмалку девет месеци непрекинато или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци, а на кое работниот однос му престанал без негова вина или волја (стечај, деловни причини - технолошки, економски, организациони и слични промени) или ако било во работен однос на определено време (сезонски работи). За времето поминато во работен однос потребно е да се уплатувани придонесите на плата.

За остварување на ова право во прв степен одлучуваат Центрите за вработување, по поднесено писмено барање од страна на невработеното лице, во согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Заклучно со декември 2007 година, право на паричен надоместок користеле 24686 невработени лица, односно 7% од вкупно евидентираните невработени лица и тоа по основ на:

- стечај -------------------------------------------------------------------------4073 лица;
- технолошки вишок од работен однос ------------------------------ 16215 лица;
- технолошки вишок по Законот за 25 загубари ---------------------1088лица;
- технолошки вишок по Законот за 12 загубари ------------------- 1003 лица;
- сезонски работи --------------------------------------------------------------2233 лица;
- технолошки вишок од државната и јавната администрација во 2003 година ---------------------------------------------------------------- 65 лица; и
- реформи во јавната администрација ---------------------------------- 9 лица.

Вкупниот број на корисници на паричен надоместок во 2007 година во однос на вкупниот број на корисниците на паричен надоместок во 2006 година намален е за 5886 лица или 19,3%.

Во 2007 година по барања за остварување на право на паричен надоместок, стручните служби при Центрите за вработување имаат постапувано и донесено *се вкупно 10470 решенија*.

Вкупниот број на *позитивни решенија* изнесува *9346* кој во споредба со 2006 година е помал за *3136* односно 25,1%. Од вкупниот број позитивни решенија:
- без право на пензиско и инвалидско осигурување се *9246*; и
- со право на пензиско и инвалидско осигурување се *100*.

Вкупниот број на *негативни решенија* изнесува *1124*.

Пред Министерството за труд и социјална политика како надлежно да одлучува во втор степен обжалени се вкупно *293* првостепени решенија, од кои *228* се потврдени, *42* поништени, а *23* се во постапка.

Заведени се *43* управни спорови против второстепени решенија.

Најчести проблеми што се јавуваат во врска со остварувањето на паричниот надоместок како право од осигурување во случај на невработеност се: ненавременото комплетирање на документацијата што е прилог на барањето за паричен надоместок најчесто потврда за исплатени плати, образец М-4 и.т.н, (по вина на работодавецот), неплатените придонеси на плата за работниците од страна на работодавците - нерегулиран стаж од страна на работодавецот. Од овие причини се забавува постапката и рокот за решавање како и се зголемува можноста за донесување негативни одлуки согласно законските прописи.

Решенијата за остварување на правото на паричен надоместок, се донесуваат во со закон утврдените рокови.

*Право на неисплатениот дел од паричниот надоместок*

Во еднократен износ или во месечни рати, но не подолго од 24 месеца), на барање на невработено лице како средства за засновање работен однос на неопределено време, за 2007 година, користеле - 242 лица, за кој е исплатена сума од 6.752.967,00 денари.

***<u>- Пензиско и инвалидско осигурување</u>***

Невработените лица корисници на паричен надоместок на кои им недостасуваат најмногу до пет години пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, а кои немаат 15 години стаж на осигурување, до остварување на 15 години стаж на осигурување имаат право на пензиско и инвалидско осигурување во согласност со прописите за пензиското и инвалидското осигурување. На невработените лица корисници на паричен надоместок со решение им се утврдува периодот за кој ќе користат паричен надоместок и периодот за кој ќе остваруват право на пензиско и инвалидско осигурување.

Финансиските средства за исплата на пензиското и инвалидското осигурување за 2007 година се намалуваат.

Споредбен период 2006-2007 година:

- исплатени средства за паричен надоместок (во денари)
  за 2006 година - 2.039.334.135,00 денари; а
  за 2007 година - 1.601.920.149,50, денари;
- исплатени средства за пензиско и инвалидско осигурување (во денари)
  за 2006 година - 1.201.632.175,00 денари; а
  за 2007 година - 873.969.212,00 денари,

што значи дека во 2007 година за пензиско и инвалидско осигурување на невработените лица корисници на паричен надоместок исплатени се 873.969.212,00 денари согласно Законот, односно во однос на 2006 година

исплатени се помалку 327662963,00 денари финансиски средства од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

***<u>- Здравствено осигурување</u>***

Лицата привремено невработени додека примаат паричен надоместок и невработени лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување на Република Македонија, а немаат друга основа на осигурување, остваруваат право на здравствена заштита преку Агенцијата за вработување на Република Македонија, согласно Законот, а во смисла на Законот за здравствено осигурување.

Со состојба на 31.12.2007 година биле евидентирани вкупно 244717 корисници на здравствено осигурување, односно 68,5% од вкупниот број на невработени лица.

Најмногу корисници на здравствено осигурување се евидентирани во следните Центри за вработување:

- *Тетово* - 85,7% од евиденираните 25487 невработени лица во Центарот за вработување;
- *Гостивар* - 84,7% од евиденираните 14148 невработени лица во Центарот за вработување;
- *Куманово* - 78,3% од евиденираните 24291 невработени лица во Центарот за вработување;
- *Гевгелија* - 75,9% од евиденираните 2719 невработени лица во Центарот за вработување;
- *Битола* - 61,7% од евиденираните 12067 невработени лица во Центарот за вработување; и
- *Кичево* - 60,1% од евиденираните 5241 невработени лица во Центарот за вработување.

Невработените лица кои се здравствено осигурани, сините картони ги добиваат квартално за четири месеци три пати во текот на годината, а дистрибуцијата до корисниците се врши согласно договореното со Фондот за здравствено осигурување и ПТТ.

Потребно е да се изнајде нов поинаков начин за остварување на правото на здравствена заштита на невработените лица, кој ќе ги одвои лицата кои навистина бараат вработување, од лицата кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување само заради користење на ова право. Остварувањето на правото на здравствена заштита на невработените лица преку Агенцијата за вработување, придонесува за нереалниот број на евидентирани невработени лица.

Фактот дека од вкупно невработените лица над 75000 се изјаснуваат дека не бараат работа туку се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствена заштита е аргумент кој говори за итно дислоцирање на ова право од АВРМ, со измени на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност и прописите за здравствена заштита.

| Ред. број | Центар за вработување | Број на решенија донесени во 2007 г. по поднесени барања за остварување на право на паричен надоместок | | | | Број на обжалени првостепени решенија пред Министерството за труд и социјална политика | | | Број на управни спорови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Позитивни решенија | | Негативни решенија | Вкупно | Потврдени | Поништени | |
| | | | **без право** на пензиско и инвалидско осигурување | **со право** на пензиско и инвалидско осигурување | | | | | |
| 1. | Берово | 125 | 123 | / | 2 | / | / | / | / |
| 2. | Битола | 1851 | 1465 | 3 | 383 | 15 | 15 | / | 2 |
| 3. | Валандово | 39 | 37 | / | 2 | 32 | 31 | 1 | 1 |
| 4. | Велес | 241 | 222 | 13 | 6 | 12 | 10 | 2 | / |
| 5. | Виница | 96 | 96 | / | / | / | / | / | / |
| 6. | Гевгелија | 100 | 92 | / | 8 | / | / | / | / |
| 7. | Гостивар | 92 | 92 | / | / | / | / | / | / |
| 8. | Дебар | 45 | 37 | 7 | 1 | / | / | / | / |
| 9. | Делчево | 117 | 84 | / | 33 | 8 | 8 | / | 5 |
| 10. | Демир Хисар | 102 | 84 | / | 18 | 9 | 4 | 5 | 1 |
| 11. | Кавадарци | 291 | 282 | 8 | 1 | / | / | / | / |
| 12. | Кичево | 111 | 111 | / | / | 3 | 3 | / | / |
| 13. | Кочани | 134 | 122 | 1 | 11 | 4 | 4 | / | / |
| 14. | Кратово | 19 | 19 | / | / | / | / | / | / |
| 15. | Крива Паланка | 177 | 173 | 1 | 3 | 1 | 1 | / | / |
| 16. | Крушево | 37 | 25 | 9 | 3 | 1 | 1 | / | / |
| 17. | Куманово | 734 | 565 | / | 169 | 45 | 23 | / | 1 |
| 18. | М. Брод | 34 | 32 | / | 2 | 1 | 1 | / | / |
| 19. | Неготино | 274 | 156 | 15 | 103 | / | / | / | / |
| 20. | Охрид | 1059 | 819 | 2 | 238 | 1 | 1 | / | / |
| 21. | Прилеп | 640 | 591 | 2 | 47 | 20 | 18 | 2 | 2 |
| 22. | Пробиштип | 29 | 27 | / | 2 | 1 | / | 1 | / |
| 23. | Радовиш | 160 | 151 | / | 9 | 4 | 1 | 3 | / |
| 24. | Ресен | 289 | 264 | 13 | 12 | / | / | / | / |
| 25. | Св. Николе | 97 | 97 | / | / | 16 | 16 | / | 6 |
| 26. | на град Скопје | 2157 | 2085 | 24 | 48 | 97 | 72 | 25 | 23 |
| 27. | Струга | 223 | 220 | 2 | 1 | / | / | / | / |
| 28. | Струмица | 295 | 286 | / | 9 | 4 | 4 | / | 2 |
| 29. | Тетово | 732 | 728 | / | 4 | 18 | 15 | 3 | / |
| 30. | Штип | 170 | 161 | / | 9 | 1 | / | / | / |
| **ВКУПНО:** | | **10470** | **9246** | **100** | **1124** | **293** | **228** | **42** | **43** |

# Сектор за информатика

**Редовни активности**

Во периодот од јануари до мај  2007 година, секторот за информатика, успешно ги извршуваше своите редовни активности за управување и одржување на информатичкиот систем на Агенцијата за вработување, како што се:

- Постојан мониторинг на работата на интегрираната компјутерска мрежа;
- Секојдневни детекции и отстранување на проблеми од мрежна, хардверска или софтверска природа во работата со комјутерскатата опрема - по телефон или на лице место;
- Комплетна преинсталација на локалните сервери во Крушево, Прилеп, Кавадарци, Неготино, Крива Паланка (поради дефект -  расипан диск);
- Преинсталација на оперативен систем (Windows) и апликативни програми на околу 80 компјутерски станици;
- Дополнување, подобрување и измена на апликативните програми за центрите за вработување, во согласност со потребите на работењето настанати како резултат на промените во законската регулатива или во работењето на службите на Агенцијата за вработување:
- Месечна подготовка на статистички прегледи од областа на невработеноста и вработувањето - на ниво на Република Македонија.
- Подготовка на специјални статистички прегледи од областа на невработеноста и вработувањето, како одговор на бројни барања од разни институции.
- Секојдневно симнување на електронски изводи од веб страницата на Министерство за финансии (трезор), нивно ажурирање во централната база на податоци - преку која по пат на репликации се дистрибуираат до центрите за вработување, како и подготовка на фајл кој повремено го превземаат колегите од Канцеларијата за стоте најголеми плаќачи на придонеси.
- На секои 4 месеци подготовка и доставување на фајл до Фондот за здрвствено осигурување заради печатење на потврди за платен придонес (сини картони).
- Месечно обединување на податоците од локалните бази на податоци за финансовото книговодство.

**Активности предвидени со програмата за 2007 година**

- Подготовка на тендерска спецификација и имплементација на  новата веб страна на АВРМ финансирана од УСАИД, којашто освен досегашниот модул за он-лине поднесување на огласи од страната на работодавците, содржи и можност за барателите на работа да оставаат свое ЦВ.
- Имплементација на новата WEB страна на АВРМ - разрешување на доста технички проблеми - посебно околу начинот на пристап до веб страна на АВРМ за центрите за вработување бидејќи  центрите за вработување немаат пристап до Интернет.
- Дополнување и усовршување на апликативната програма за статистички прегледи од областа на невработеноста и вработувањето (од централната база на податоци) со нови прегледи:

- Направен е програм за прегледи на вработувања со согласности - преку централната база на податоци, за потребите на Секторот за активни мерки - за поефикасно следење на податоците од оваа област.

- Проширени се програмските модули со опции за евидентирање на договорите и исплатата на невработените лица или работодавците за активните мерки според оперативниот план на Владата на РМ
- Во врска со реализацијата на грантот од ЕАР за модернизација на хардверот на Агенцијата за вработување, Секторот за информатика активно учествуваше во изработка на тендерската спецификација, заедно со експертскиот тим ангажиран од ЕАР за таа цел. Оваа активност сеуште трае.

Врз основа на Стратегијата за развој на информатичко - комуникациска технологија во Агенција за вработување на Република Македонија, изработена во текот на 2006 година, како и неколку извештаи за Информатичкиот систем на Агенција за вработување изработени од страна на шведски тим експерти во рамките на КАРДС 2 Проектот, ЕАР обезбеди грант во висина од околу 500 000 евра со кој ќе се набави компјутерска опрема за надградба на информатичкиот систем на Агенцијата за вработување.

Како услов да се добие овој грант за набавка на компјутерска опрема (хардвер), од страна на ЕАР беше поставен услов, во Буџетот на Агенцијата за вработување за 2008 и 2009 година да се обезбедат средства за финансирање на соодветен софтвер за целокупното работење на Агенциијата за вработување.

**Активности на Секторот за информатика кои не се предвидени со програмата за 2007 година**

- Работење поврзано со Проектот на Е-Влада за електронско поднесување на М1 и М2, донација на УСАИД.
- Работење поврзано со Проектот за интегрирана наплата на социјалните придонеси.

# Сектор за финансии и сметководствени работи

Финансиските показатели на Агенцијата за вработување на Република Македонија за периодот јануари - декември 2007 година година се следните:

## *001 - ПРИХОДИ*

Вкупните приходи на Агенцијата за вработување во периодот јануари - декември 2007 година изнесуваат 5.146.177.579,50 денари. Во однос на истиот период од 2006 година бележат намалување од 14,6% или за 880.777.505,50 денари.

По извори приходите изнесуваат:

*(во денари)*

| | јануари-декември 2006 | | јануари-декември 2007 | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | Структура | Износ | Структура | (3:1) |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **I. Приходи од придонес за вработување** | **1.370.812.486,50** | **22,74%** | **1.523.589.091,50** | **29,61%** | **111,1** |
| 1.Приходи од прид.за враб.од плати на работн.од правни лица | 1.259.122.636,50 | 20,89% | 1.398.560.655,50 | 27,18% | 111,1 |
| 2.Приход.од прид.за враб.од плати на работ.вработ.кај лица кои вршат сам. дејност одн. кај физ. лица | 20.340.368,50 | 0,34% | 22.186.790,00 | 0,43% | 109,1 |
| 3.Прих. од прид.за враб.што го уплатуваат раб. на привремена работ. во странство. | 2.872.389,50 | | 2.698.165,50 | | 93,9 |
| 4.Приходи од придонес за вработување за изминати год. | 88.477.092,00 | 1,47% | 100.143.480,50 | 1,95% | 113,2 |
| **II. Други приходи** | **11.039.849,50** | **0,18%** | **12.355.336,00** | **0,24%** | **111,9** |
| **III.Пренесен вишок на приходи** | **340.214.552,50** | **5,64%** | **98.013.365,00** | **1,90%** | **28,8** |
| **IV. Приходи од Буџетот** | **4.304.888.196,50** | **71,43%** | **3.512.219.787,00** | **68,25%** | **81,6** |
| 1.Приходи од Буџетот за покривање на дефицитот | 3.863.933.730,50 | 64,11% | 3.245.483.053,00 | 63,07% | 84,0 |
| 2.Приходи од Буџетот за исплата на П.Н на раб. од претп. - 25 загубари | 171.064.092,00 | 2,84% | 136.827.760,00 | 2,66% | 80,0 |
| 3.Приходи од Буџетот за исплата на П.Н на раб. од претп. - 12 загубари | 115.320.096,00 | 1,91% | 87.741.284,00 | 1,70% | 76,1 |
| 4. Приходи од Буџетот за реформи во ЈА | 1.667.336,00 | | 1.259.667,00 | | 75,5 |
| 5 .Приходи од Буџетот за Законот за поттикнување на вработувањето | 65.684.039,00 | 1,09% | 685.407,00 | | 1 |
| 6 .Приходи од Буџетот по Заклучок на Влада | 8.938.293,00 | 0,15% | 7.316.731,00 | 0,14% | 81,9 |
| 7.Приходи од Буџетот-Македонски железници | 34.040.597,00 | 0,56% | 9.253.508,00 | 0,18% | 27,2 |
| 8. Приходи од Буџет -Водостопански претпријатија | 44.240.013,00 | 0,73% | 12.691.136,00 | 0,25% | 28,7 |
| 9. Приходи од Буџетот за активни мерки и политики за врасботување | | | 10.961.241,00 | 0,21% | |
| **Вкупни приходи:** | **6.026.955.085,00** | **100,00%** | **5.146.177.579,50** | **100,00%** | **85,4** |

## *002 - ТРОШОЦИ*

Во периодот јануари - декември 2007 година трошоците на Агенцијата за вработување на Република Македонија изнесуваат 5.062.469.763,50 денари. Во однос на истиот период од 2006 година трошоците бележат намалување за 14,5%, или за 857.317.104,50 денари.

Наменски трошоците изнесуваат:

*(во денари)*

| | јануари-декември 2006 | | јануари-декември 2007 | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | Структ. | Износ | Структ. | (3:1) |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| I. Средства за обезбедув. на ПН и за други права за време на невработеност | 5.685.379.771,00 | 96,04% | 4.836.141.346,50 | 95,53% | 85,1 |
| II. Стоки и др. услуги | 73.108.933,50 | 1,23% | 69.259.775,50 | 1,37% | 94,7 |
| III. Основни плати | 135.810.559,50 | 2,29% | 134.826.263,00 | 2,66% | 99,3 |
| IV. Надоместоци | 20.935.131,00 | 0,35% | 20.501.839,50 | 0,40% | 97,9 |
| V. Капитални трошоци | 4.552.473,00 | 0,08% | 1.740.539,00 | 0,03% | 38,2 |
| **Вкупно трошоци:** | **5.919.786.868,00** | **100,00%** | **5.062.469.763,50** | **100,00%** | **85,5** |

## *003 - ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

1. Вкупни приходи ........................................................................ 5.146.177.579,50
2. Вкупни трошоци ........................................................................ 5.062.469.763,50
3. Вишок на приходи (2-1) .................................................. 83.707.816,00

Во текот на 2007 година, Агенцијата за вработување оствари вишок на приходи од 83.707.816,00 денари.

Во текот на 2007 година извршени се исплати за правата на невработените за дванаесет месеци и тоа за декември 2006 година и јануари - ноември 2007 година.

## *004 - ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РМ ВО 2007*

Ако се погледаат планираните и остварените приходи и трошоците за 2007 година, ќе се констатира следнава состојба:

### I. *Приходи: 2007 година*

*(во денари)*

| | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | % на остварување (2:1) | РАЗЛИКА |
|---|---|---|---|---|
| 1. Приходи од придонесот за вработување | 1.390.000.000,00 | 1.523.589.091,50 | 109,61 | 133.589.091,50 |
| 2. Други приходи | 11.000.000,00 | 12.355.336,00 | 112,32 | 1.355.336,00 |
| Пренесен вишок на приходи | | 98.013.365,00 | | 98.013.365,00 |
| 3. Приходи од Буџетот | 3.782.600.000,00 | 3.512.219.787,00 | 92,85 | -270.380.213,00 |
| **ВКУПНО:** | **5.183.600.000,00** | **5.146.177.579,50** | 99,28 | **-37.422.420,50** |

Од табелата се гледа дека има остварено помалку приходи за 0,72% од планираните во 2007 година односно помалку за 37.422.420,50 денари.

## *II. Трошоци: 2007 година*

*(во денари)*

| | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | % на остварување (2:1) | РАЗЛИКА |
|---|---|---|---|---|
| А. Трошоци за функцијата<br>1. Средства за обезбедување на паричен надоместок и за други права за време на невработеност | 4.937.015.000,00 | 4.836.141.346,50 | 97,96 | -100.873.653,50 |
| А. Трошоци за стручна служба | 246.585.000,00 | 226.328.417,00 | 91,79 | -20.256.583,00 |
| 1. Стоки и други услуги | 74.555.000,00 | 69.259.775,50 | 92,90 | -5.295.224,50 |
| 2. Основни плати | 142.700.000,00 | 134.826.263,00 | 94,48 | -7.873.737,00 |
| 3. Надоместоци | 26.700.000,00 | 20.501.839,50 | 76,79 | -6.198.160,50 |
| 4, Купување на кап. с-ва | 2.630.000,00 | 1.740.539,00 | 66,18 | -889.461,00 |
| **ВКУПНО:** | **5.183.600.000,00** | **5.062.469.763,50** | **97,66** | **-121.130.236,50** |

Од табелата се гледа дека има за 2,34% помалку остварени трошоци од планираните во 2007 година односно помалку за 121.130.236,50 денари.

# Одделение за внатрешна ревизија

## I) Вовед

Врз основа на Правилникот за организација и работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија формирано е Одделението за внатрешна ревизија. Според Правилникот за систематизација на работните места на АВРМ предвидени се две работни места и тоа: раководител на одделение за внатрешна ревизија (внатрешен ревизор) и советник-внатрешен ревизор, работните места се пополнети со извршители.

## II) Извршување на ревизијата

Внатрешните ревизори вршат ревизии и изготвуваат ревизорски извештаи, врз основа на годишен план за внатрешна ревизија и ревизорска програма за секоја поединачна ревизија, согласно меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија издадени од Институтот на внатрешни ревизори.

Годишниот план за внатрешна ревизија за 2007 година бр. 03-1414/2 беше усвоен од страна на директорот на АВРМ на 12.12.2006 година и доставен до Министерство за финансии.

Во периодот јануари-декември 2007 година извршени се следните ревизии:

1) Ревизија на донесени решенија по барање за остварување за право на паричен надоместок во центарот за вработување Берово за 2006 година.

Ревизијата е извршена од страна на Мери Трајковска-раководител на одделение за внатрешна ревизија и Томислав Смилевски советник-внатрешен ревизор во периодот од 08.02.2007 до 28.02.2007 година.
Изготвен е конечен извештај со акционен план.

2) Ревизија на системот на интерните контроли и регулрност на процесот на доделување на средства од Посебниот фонд за 2006 година во централната служба на АВРМ.

Ревизијата е извршена од страна на Мери Трајковска-раководител на одделението за внатрешна ревизија и Томислав Смилевски советник-внатрешен ревизор во периодот од 15.01.2007 до 09.03.2007 година.
Изготвен е конечен извештај со акционен план.

3) Ревизија на постоење и функционирање на систем на интерни контроли и усогласеност со законската регулатива и интерните акти на финансиското работење во секторот за финансии и сметководствени работи.

Ревизијата е извршена од страна на Мери Трајковска-раководител на одделението за внатрешна ревизија и Томислав Смилевски советник внатрешен ревизор во периодот од 19.03.2007 до 13.04.2007 година.
Изготвен е конечен извештај и акционен план.

4) Ревизија на системот на интерни контроли и регуларност за подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација) за 2006 година во централната служба на АВРМ.

Ревизијата е извршена од страна на Мери Трајковска-раководител на одделението за внатрешна ревизија и Томислав Смилевски советник-внатрешен ревизор во периодот од 09.03.2007 до 16.03.2007 и од 17.04.2007 до 11.05.2007 година.

Изготвен е конечен извештај со акционен план.

5) Ревизија на извештај за доделување на средства од Посебниот фонд за 2006 година.

Ревизијата е извршена од страна на Мери Трајковска-раководител на одделението за внатрешна ревизија и Томислав Смилевски советник-внатрешен ревизор во периодот од 12.06.2007 до 15.06.2007 година.

Изготвен е конечен извештај со акционен план.

6) Ревизија на системот на интерни контроли и регуларност за подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација) за поднесените барања бр. 08-4/67 од 09.05.2007 и бр. 08-4/62 од 30.04.2007 од Монт ДООЕЛ Скопје.

Ревизијата е извршена од страна на Мери Трајковска-раководител на одделението за внатрешна ревизија и Томислав Смилевски советник-внатрешен ревизор во периодот од 27.06.2007 до 02.07.2007 година.

Изготвен е конечен извештај.

7) Ревизија на систем на интерни контроли при донесување решение по барање за остварување за право на паричен надоместок во центарот за вработување Охрид за 2006 година.

Ревизијата е извршена од страна на Мери Трајковска-раководител на одделението за внатрешна ревизија и Томислав Смилевски советник-внатрешен ревизор во периодот од 28.05.2007 до 29.06.2007 година.

Изготвен е конечен извештај со акционен план.

8) Ревизија на работата во сметководството за период од 01.04.2007 до 30.06.2007 година

Ревизијата е извршена од страна на Мери Трајковска-раководител на одделението за внатрешна ревизија во периодот од 03.07.2007 до 27.07.2007 година.

Изготвен е конечен извештај со акционен план.

9) Ревизија на регуларност на донесени решенија за остварување на право на паричен надоместок за лицата на кои им престанал работниот однос во Земјоделска задруга ,,Руен" Македонска Каменица на ден 01.02.2000 година по основ на технолошки вишок

Ревизијата е извршена од страна на Мери Трајковска-раководител на одделението за внатрешна ревизија и Томислав Смилевски советник-внатрешен ревизор во периодот од 18.09.2007 до 05.10.2007 година.

Изготвен е конечен извештај со акционен план.

10) Ревизија на регуларност при спроведување на постапката за јавна набавка по отворен повик бр. 1/2007 за набавка на услуги поправки и сервисирање на лесни возила (вклужувајќи резервни делови, гуми).

Ревизијата е извршена од страна на Мери Трајковска-раководител на одделението за внатрешна ревизија и Томислав Смилевски советник-внатрешен ревизор во периодот од 30.10.2007 до 07.11.2007 година.

Изготвен е конечен извештај со акционен план.

11) Ревизија на регуларност на известување бр. 03-952/2 од 07.11.2007 година за пропусти што се направени при доделувањето на средства од Посебниот фонд

Ревизијата е извршена од страна на Мери Трајковска-раководител на одделението за внатрешна ревизија и Томислав Смилевски советник-внатрешен ревизор во периодот од 12.11.2007 до 14.12.2007 година.

Изготвен е конечен извештај со акционен план.

12) Ревизија на исплата на донесени решенија за остварување на право на паричен надоместок во Центар за вработување Дебар.

Ревизијата е извршена од страна на Мери Трајковска-раководител на одделението за внатрешна ревизија и Томислав Смилевски советник-внатрешен ревизор во периодот од 12.11.2007 до 22.11.2007 година.

Изготвен е извештај од ревизијата.

Одделението за внатрешна ревизија го следи извршувањето на дадените препораки.

## III) Изготвување на план за работа на внатрешна ревизија за 2008 година

Во текот на месец декември 2007 година согласно Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор изготвен е План за работа на внатрешната ревизија за 2008 година, одобрен од Директорот на Агенцијата за вработување и доставен до Министерство за финансии. Планот е изготвен врз основа на извршена анализа на работењето со оценка на ризиците.

## IV) Обуки за внатрешна ревизија

1. Министерството за финансии-Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола заедно со Министерството за финансии на Кралството Холандија, во рамките на Твининг Проектот за зајакнување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола организираа специјализирана обука за внатрешна ревизија, на која присуствуваше Томислав Смилевски- советник- внатрешен ревизор во периодот:
Прв дел 16.10 - 22.10.2007 година (пет работни денови) и
Втор дел 26.11 - 30.11.2007 година (пет работни денови)
2. Обука за менаџмент на човечки ресурси - Охрид 13-15.07.2007 година, на која присуствуваше Мери Трајковска- раководител на одделение за внатрешна ревизија

## V) Надгледување на спроведувањето на препораките од Државниот завод за ревизија

Согласно член 22 од Правилникот за основните елементи на упатството за работа, повелбата, годишниот план и програма за внатрешна ревизија одделението за внатрешна ревизија го надгледува спроведувањето на препораките од ревизиите извршени од страна на Државниот завод за ревизија.

Известување за превземени мерки по наодите и препораките од Извештајот на Државниот завод за ревизија за извршена ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2005 година се доставени до Државен завод за ревизија.


Организациона структура на
Агенцијата за вработување на Република Македонија
Управен одбор
Директор
Заменик на директорот
Централна служба на Агенцијата за вработување
Канцеларија на директорот
Сектори
✓ Сектор за човечки ресурси, правни и персонално-административни работи
✓ Сектор за истражување и анализа на пазарот на трудот
✓ Сектор за активни политики за вработување
✓ Сектор за осигурување и права во случај на невработеност
✓ Сектор за информатика
✓ Сектор за финансии и сметководствени работи
Одделение за внатрешна ревизија
Центри за вработување
Центар за вработување на град Скопје
✓ Оддел за шалтерски услуги за вработување
✓ Оддел за услуги за поддршка за вработување
✓ Оддел за правни и административни работи
Центри за вработување за подрачјето на една или повеќе општини
Центри за вработување со међуопштински тимови:
✓ Битола
✓ Велес
✓ Куманово
✓ Охрид
✓ Прилеп
✓ Струмица
✓ Тетово
✓ Штип
✓Берово
✓Валандово
✓Виница
✓Гевгелија
✓Гостивар
✓Дебар
✓Делчево
✓Демир Хисар
✓Кавадарци
✓Кичево
✓Кочани
✓Кратово
✓Крива Паланка
✓Крушево
✓Македонски Брод
✓Неготино
✓Пробиштип
✓Радовиш
✓Ресен
✓Свети Николе
✓Струга